# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28.06.2000 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници ја отворам Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Илија Филиповски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Вклучете го системот за гласање.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија, г-дин Борис Трајковски, Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија г-динот Ставре Џиков и Претседателот на Републичкиот судски совет г-динот Рафаил Черепналковски.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Според редоследот на пратениците пријавени за поставување на пратенички прашања на Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија, збор има г-динот пратеник Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата.

Јас имам едно прашање до министерот за образование и тоа се однесува за градот Тетово.

Како што знаете, јас морам да го пренесам тука на оваа седница на Собранието дека во Тетово има недостиг на училишен простор и тоа за средно образование, па поради тој тесен простор во средни училишта тие училишта се принудени нивните ученици да учат во повеќе други основни училишта, па и во детски градинки во Тетово.

Ова не е само проблем во Тетово што се појавува, меѓутоа, овој проблем е малку поширок и во другите градови во Македонија истакнувајќи го Скопје, Гостивар итн.

Меѓутоа, овие ученици, што се однесува до Средното медицинско училиште, освен што учат во другите основни училишта и детските градинки, тие се приморани да работат во три смени, значи деца од основните училишта да одат во трета смена на школо, мислам дека не е сфатливо. Сакам да кажам дека во 1997 година од страна на Владата на Република Македонија имаше иницијатива за изградба на Средно медицинско училиште и тоа на регионално ниво кој објект требаше да се гради во Тетово. Беше направена една финансиска конструкција, беа најдени финансиски средства за изградба на едно Средно медицинско училиште во Тетово. Од страна на Владата тогаш беше најдена и локацијата каде треба да се изгради тоа средно училиште, па отиде до таму и градежното претпријатие кое зеде обврска за изградба на тоа средно училиште, мислам Средното медицинско училиште во Тетово ги започна работите на локацијата која беше определена од страна на Владата. Меѓутоа, по кратко време тоа градежно претпријатие ги повлече сите градежни средства од таа локација и понатаму не знам што стана со изградбата на тоа средно училиште.

Затоа би сакал да знам кои се активностите и што презело и што презема и што ќе преземе во иднина Министерството за образование за изградба на ова Средно медицинско училиште?

Исто така, и второто прашање се однесува до министерот за образование за Средното медицинско училиште во Скопје, сега се пријавиле некаде над 100 кандидати матуранти за прием во Средното медицинско училиште за една паралелка. Меѓутоа, бидејќи во една паралелка можат да се прифатат, така како што се прифаќаат секаде во Македонија 30-35 ученици, остануваат 65 ученици вон средношколските клупи сите со одличен успех 5,00.

Ние му предлагаме и му порачуваме на министерот за образование да најде начин, да се најде формула за да се отвори уште една паралелка во Средното медицинско училиште во Скопје на албански јазик, за да можат да бидат прифатени сите други деца кои се со одличен успех 5,00 за да не останат на улица.

Поради тоа и фактот што во тоа училиште соодносот на македонски јазик и албански јазик е 8:1, осум паралелки има на македонски и само една паралелка на албански јазик за медицински сестри во Средното медицинско училиште. Затоа тука треба да се направи напор од страна на Владата, односно од Министерството за образование да се најде таа формула, како што рековте пред малку, за да се реши овој отворен проблем за тие деца да се запишат во 1-ва година во Средно медицинско училиште за медицински сестри. Спрема сите показатели има таква потреба во Скопје. Сигурно од тука произлегува и прашање до министерот дали министерот ќе се обврзе да го реши овој крупен проблем во Средното медицинско училиште.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Абдулади Вејсели за поставените прашања. Тие се однесуваат до министерот за образование.

Министерот за образование не е присутен, па според тоа во писмена форма во најскоро време ќе ви биде одговорено.

По овој редослед што го имам збор има пратеникот Стојан Ковачевски. Повелете.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Јас има неколку прашања, бидејќи не знаеме кога повторно ќе дојдеме на ред да поставиме пратенички прашања, почнувам со прашањата до Министерството за здравство.

Сметам дека е потребно да се изготви информација до пратениците, која ќе ја разгледува Комисијата за здравство при Собранието за зачестените информации загрижувачки во врска со бруцелозата раширена и во хуманата медицина и во ветеринарната медицина.

Министерството за здравство а и Ветеринарната управа при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да го земат предвид ова прашање.

Второ, состојбата со проблематичните цитостатици и проблематичните вакцини да не остане прашањето недоречено.

Понатаму, второ прашање во Министерството за здравство и Фондот за здравство, колку вкупно средства и во кој износ, со кој процент се наплатени во 1999 година од странските осигурителни каси за направените и фактурирани здравствени услуги за лекување на македонските граѓани на времена работа во странство и нивните членови на семејствата.

Следното прашање е во врска со бегалците. Истото го поставувам до Министерството за здравство. Во Струга јавните здравствени организации и приватните здравствени организации, еднаш тоа прашање беше поставено овде и не е одговорено, за време на бегалската криза да кажам дека во Заводот за нефрологија и дијализа во Струга сеуште има бегалци кои се на третман во Заводот, бидејќи Високиот комесаријат за бегалци не им обезбедил враќање во нивните домови, во нивните места, во нивните здравствени установи на Косово.

Струга не добила средства за направените услуги, па прашањето е дали Фондот ги заборави здравствените установи во Струга или Високиот комесаријат за бегалци.

Барам писмена информација во која ќе стои како се распределени средствата по здравствени организации, кои беа наменети за лекување на бегалците во Македонија.

Кога сме кај бегалците до Министерството за труд и социјална политика во Струга сеуште има 800-1000 бегалци од Косово сместени во Детското одморалиште "Мајски цвет" и во Детското одморалиште на "Црвениот крст". Ветувањето беше до пред еден месец дека детските летувалишта ќе бидат испразнети и ќе им се даде шанса да ја реализираат својата програма. Меѓутоа, тоа до ден денеска не е направено, па директно прашање до Министерството што е со заборавениот проблем во Струга и дали се има намера тој да се реши?

До Министерството за стопанство, односно до Електростопанството на Македонија за еден проблем кој повеќе од 30 години ја мачи Струга. Прашањето е конкретно кога ќе се разреши проблемот со регулирање на истекот на реката Црн Дрим односно, уредувањето на кејовите, бидејќи со почнувањето на работата на Хидроелектраната "Глобочица" подоцна и ХЕ "Шпиље", Електростопанството на Македонија има земено обврска да го реши овој проблем, а не како што е решен досега веќе 30 години со претворање и на Охридското Езеро и на реката Црн Дрим во акумулација или како некој канал за наводнување со примитивен мост решен со талпи и дрвени греди, кои стружани неколку пати во изминатите години ги чини човечки млади изгубени животи кои не можат во тие вртлози да се снајдат во лето кога се рекреираат?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Ковачевски пет минути поминаа, поставивте четири прашања, ќе ве молам понатаму да бараме одговори.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Видете, јас сметам и ќе бидам задоволен заради рационалноста да бидат писмени, за да имаат можност и другите пратеници да поставаат прашања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Министерот за здравство ни е тука, ако сметате може да одговори на некое од вашите прашања, заменикот министер за стопанство е тука, можеби и тој може да одговори, а ако инсистирате на писмени одговори, тоа е веќе друго прашање.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Мислам дека би било порационално, ако министрите поинаку сметаат, порационално е писмено за да можат и други пратеници да дојдат на ред, а ќе ми дозволите само уште две прашања до Министерството за култура.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повеќе не можам да ви дозволам, инаку ќе го прекршиме редот и во тој случај секој ќе бара дозвола, им го одземате правото на вашите колеги. Затоа ве молам овие прашања што ги поставивте, а другите ќе имате друга можност да поставите прашања, за сега толку, благодарам.

Му благодарам на г-динот пратеник Стојан Ковачевски. Тој постави неколку прашања. Ќе го молам министерот за здравство едно од тие прашања беше поставено до него, ако може да одговори на оваа седница добро, инаку пратеникот инсистира на писмен одговор, па ќе ве молам г-дине министер Даниловски, дали можете да одговорите.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Прашањето е навистина сериозно, заслужува една поопстојна анализа на релевантните факти, јас навистина мислам оти во интерес на што по објективно, по транспарентно, по содржајно информирање не само на г-динот пратеник, туку на целиот Парламент и на нашата јавност, одговорот заслужува да биде во писмена форма со сите неопходни содржини внатре.

Ако се согласува г-динот пратеник.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратеникот се согласува, тој и побара во писмена форма.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Сега би можел во глобала генерално да дискутирам, но мислам дека тоа би било несоодветно на ниво на разгледување на работите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во писмена форма ќе бидат добиени одговорите.

Дали заменикот министер за стопанство, г-динот Ламбе Арнаудов може да одговори на ова прашање во врска со регулацијата од областа на електростопанството, или во писмена форма.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници сметам дека ова прашање е директно до Електростопанството на Македонија, но бидејќи нашето Министерство е надлежно, ќе доставиме писмен одговор на ова прашање.

Само едно сакам да коментирам, зачудувачки е после 30 години, бидејќи јас сум од Охрид, знам дека состојбата е иста, влезот на Дрим, односно на излезот од Охридско Езеро и често пати во овој дом имало луѓе кои живееле во Струга, во Електростопанството биле на високи функции и во власта, мислам дека тоа прашање требаше побрзо да се актуелизира, меѓутоа, никогаш не е доцна, јас се обврзувам да го известам пратеникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот заменик министер за стопанство Ламбе Арнаудов, г-дине пратеник ќе добиете одговор во писмена форма, со тоа се задоволува вашето барање во писмена форма да бидат доставени.

Збор има г-динот пратеник Танас Трајковски, но не е тука денеска.

Одиме понатаму.

Збор има г-динот пратеник Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, јас имам едно прашање до Министерството за стопанство и Министерството за финансии. Имено, знаеме дека по завршувањето на кризата на Косово, и за времетраењето на истата имаше реперкусии врз нашето стопанство и нашата Влада, поради тоа даде одредени ветувања за надоместување на претрпената директна штета, поради интервенцијата на НАТО силите.

Стопанските субјекти во Република Македонија треба да потполнат одредена процедура, која што ја заврши и сите свои

барања ги доставија до Министерството за финансии.

Прашањето би гласело, дали и кога Владата на Република Македонија, барем делумно ќе ги обештети претпријатијата, кои што претрпеле директни штети од интервенцијата на НАТО.

Исто така, имам едно прашање до Министерството за образование, кое што неколку години тлее. Имено, се работи за училиштето во селото Крушопек, од каде што јас доаѓам, кое што се наоѓа во мојата изборна единица. Имено, во тоа село селаните собраа доброволен прилог или само придонес во висина од 217 илјади германски марки. Исто така, од нивното земјиште односно еден дел од нивното земјиште се откажаа во вредност од 120 илјади германски марки. Министерството за образование издаде дозвола за изградба на училиште таму. Целата оваа инвестиција се води на име на Министерството за образование. И темелите беа ставени во 1996 година за време на локалните избори. Така, тоа беше искористено за една политичка кампања од страна на партијата за демократски просперитет. Се дотера работата донекаде и апсолутно е застаната. Неколку години веќе нема никакви инвестициони зафати, за да се заврши започнатата работа, која што потенцирам, целата инвестиција се води на Министерството за образование, иако инвеститори се самите жители на селото Крушопек. Неколку години по ред ова училиште добива приоритет при распределбата на финансиите од Министерството за образование, но никогаш не доаѓа до реализација на тој приоритет.

Прашањето е следно: Дали Министерството за образование има увид и каде се наоѓа училиштето во село Крушопек во нивните инвестициони планови. Бидејќи, тие деца одат од 3 до 5 километри пешки и еден дел учи во Сарај, а еден дел учи во Долно Нерези. Одењето пешки е поврзано со поминување на височки мост, поминување низ Сарај спортско рекреативниот центар, кој што е тотално запустен и особено зимно време тоа е темница. Тоа се деца до осмо одделение, така што би требало малку по сериозно да се разгледува ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Александар Талевски.

Колку што разбрав првото прашање е упатено до две Министерства, водостопанство и финансии. Тука е господинот Министер за финансии Никола Груевски и ќе го молам да одговори ан овие прашања.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Минатата година еден дел од стопанските субјекти поднесоа такви извештаи околу штети предизвикани од војната во Косово до Министерството за трговија. Тие документи како целина обработени, селектирани и се испратени до неколку меѓународни институции, од кои што досега немаме добиено одговор и во очекување сме на такво нешто. Она што можеме повторно да го направиме е уште еднаш да се направи интервенција и потсетување за она што го очекуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник, го слушнавте одговорот и вашиот коментар дали сте задоволен или не сте задоволен?

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Со оглед на одговорот не можам да бидам задоволен, бидејќи тие стопански субјекти се сретнуваат со едни големи секојдневни проблеми. На пример, на дел од нив токму денеска им е исклучена струјата, поради неплаќање, а тие претрпеа штета во висина од 15 до 17 милиони германски марки итн.

Така што, секое чекање на било каква помош, воопшто не е тешко. Но, јас ја разбирам изјавата на министерот и се надевам дека, ако веќе не може да се реагира на тој начин, барем да се изнајде некој модел на повластено работење на тие фирми, за да не дојде до тотален нивен застој, поради сепак, некои непазарни услови. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете, г-динот Ламбе Арнаудов, заменик министер за стопанство повелете во коментар на ова.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Мислам дека ова дополнително незадоволство од пратеникот не е на место, затоа што оние случаеви кои што беа нај карактеристични, каде што со сигурност утврдивме дека има вистински штети во тековното работење, ние дел од нив и ги обесштетивме. Токму за оние претпријатија, за кои станува денес збор, токму тие беа обесштетени со доволна сума, меѓутоа, сега што ги имаат своите потешкотии произлегоа исклучително од нивното негативно работење.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред е, ова е повеќе коментар.

Имате и уште едно прашање поставено до Министерот за образование во врска со изградбата на училиштето во село Крушопек.

Го молам министерот за образование Гале Галев за свое видување.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Па, би можел да го кажам следното.

Јас денеска, фактички, доаѓам, од седницата на колегиумот на која се разгледува програмата за инвестиции во рамките на основото, средното и високото образование и по усвојувањето на програмата, почнуваме со реализација на истата. Морам да кажам дека конкретно за ова училиште, не можам, сега да се сетам дали е во програмата, но може да се договориме лично да биде известен пратеникот или во писмена форма да биде известено Собранието за конкретниот случај. Доколку има и други прашања јас би одговорил вака. Денеска програмата ќе помине и така да кажам таа стапува во сила и заради информирање на пратениците, бидејќи тие доаѓаат од различни подрачја, јас сосема ги разбирам дека имаат, така да речеме, свои обврски спрема жителите кои гласале и кои стојат зад нивниот мандат, ќе ја доставам програмата овде во Собранието и ќе ја има секој министер во свои раце. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволен, г-дине пратеник од одговорот?

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи програмата ќе биде доставена, поради информирање, а не заради усвојување.

Збор има г-динот пратеник Спанчевски Крале.

Дали е тука? (Не е тука).

Има збор г-динот пратеник Коце Трајановски.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници.

Јас доаѓам од изборна единица 65, во која има 33 приградски населени места, во кои што инфраструктурата е во катастрофална состојба. Затоа, во тој контекст ќе поставам неколку пратенички прашања. Покрај инфраструктурата има и други многу нерешени проблеми.

Првото пратеничко прашање се однесува до Министерството за внатрешни работи. Од министерството за внатрешни работи на Република Македонија да ја поедностави постапката за вадење на нови лични карти на граѓаните или промена на адресата на жителите на живеење во случаите кога, улицата на која живеат и е променето името од страна на Собранието на град Скопје. Проблемот настанал кога Собранието на град Скопје извршило промена на имињата на улиците, а МВР оваа промена не ја вклопило во својот систем на работа, т.е. во својот информативен систем.

Имено, кога граѓанинот ќе побара нова лична карта или промена на адреса во постојната или промена на адресата во постојното место на живееше, а живее на ул. на која и е променето името од страна на Собранието на град Скопје, на шалтерите на МВР им велат дека такви улици не постојат и треба да донесат потреба од Собранието или од подрачната единица за урбанизам на улицата на која живеат. Граѓанинот се шета неколку дена по овие институции, но во ниту една не даваат такви потврди. На крајот, оди во општината по случајност и таму му даваат потврда дека живее на улица со новото име. Притоа, гледајќи во списокот во кој за секоја улица има старо име и ново променето име, кој список е донесен од Собранието на град Скопје.

Барам МВР да земе обврска, кога граѓанинот ќе дојде да побара промена на личната карта, органот на МВР да ја земе одлуката на Градското Собрание и од неа да види кое е променетото име на улицата, истиот да го внесат на нивниот компјутерски систем и на граѓаните да им издаваат личните карти со новите имиња. Тоа е првото пратеничко прашање.

Второто пратеничко прашање се однесува до Министерството за сообраќај и врски и до Министерството за внатрешни работи. Моето пратеничко прашање се однесува на користењето на регионалниот пат 5/103, кој поминува низ селото Петровец, села Р’жаничино и село Катланово. На овој пат на 2.04.2000 година се случија неколку сообраќајни несреќи во кои имаше и неколку смртни случаи. Она што ги вознемири граѓаните е тоа што несреќата ја предизвика ТИР Камионите, кои за да ја избегнат патарината се вклучуваат или исклучуваат пред наплатните рампи во село Петровец и во село Катланово. Дневно, вака поминуваат околу стотина камиони кои

создаваат бучава, го отежнуваат патот и што е најважно ги загрозуваат човечките животи.

Барам од овие министерства да се изнајде начин ТИР камионите, а и патничките возила, кои се движат по овој регионален пат, да се запрат, т.е. во тој контекст имаше и состанок на кој што присуствуваа од Министерството за внатрешни работи, Министерството за сообраќај и врски, од Македонија пат, од Фондот за магистрални и регионални патишта и од месните заедници Петровец и Р’жаничино. Се договорија неколку работи да се поставаат знаци, да имаат поголема контрола од страна на МВР меѓутоа, и покрај тоа, сеуште масовно се избегнува наплатната рампа и се загрозуваат човечките животи по овој регионален пат.

Следното пратеничко прашање е пратеничко прашање до Министерството за развој, министерството за урбанизам и Министерството за финансии. Тоа се однесува на проблемот регионалниот водовод во општина Гази Баба т.е. општина Илинден и општина Петровец. Регионалниот водовод кој е започнат пред 15 години, требало да опфати 12 села и тоа Илинден, Мралино, Еватовци, Бунарџик, Кадино, Мралино и од општина Илинден, Јурумлери, Идризово и Колонија од општина Гази Баба и Петровец, Р’жаничино и Огњанци од општина Петровец. Меѓутоа, моментално истиот е изграден само во пет населени места во општина Илинден, а за кратко време ќе биде и во село Мралино. Со тоа сите села од општина Илинден, за која е предвидено, ќе добијат водовод. Додека, во останатите населени места, Јурумлери, Колонија и Идризова од општина Гази Баба и населеното место Петровец, Р’жаничино и Огњанци од општина Петровец, немаат ставено ниту еден метар од водоводната мрежа, иако имаат платено повеќе од 50%. За до реализација на Водовод формиран е координационен одбор од три општини. Овој координационен одбор би требало да ја испита дотогашната работа и да го реализира останатиот договор. Во тој контекст до Министерството за финансии на 3.4.1998 година доставено е барање до финансиска инспекција на водоводот, поради основано сомнение за злоупотреба на парите и нивно ненаменско користење. Ова барање е потпишано од тројцата градоначалници и до ден денеска не е извршена инспекцијата, иако на 7.12. доставена е ургенција до Министерството за финансии и се претпоставува дека се употребени околу 7 милиони германски марки.

Барам, од Министерството за финансии да ја направи таа контрола, а од Министерството за развој и Министерството за урбанизам, покрај тоа и Министерството за земјоделство да помогнат во до изградбата на водоводната мрежа и во останатите населени места.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Коце Трајановски за поставените прашања.

Според тоа, првото прашање е упатено до МВР и го молам заменикот министер да одговори. Се работеше за лични карти и дали можете усмено да одговорите или ќе сакате писмен одговор да му доставите.

**ЕЛМАЗИ РЕФЕТ:**

Писмено ќе добие одговор пратеникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Писмено ќе добиете одговор на вашето прашање од МВР.

Второто прашање беше упатено до две министерства, до Министерството за сообраќај и Министерството за внатрешни работи, колку што можев да разбирам. Дали ќе му одговорите усмено или во писмена форма на господинот пратеник.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Јас се извинувам, се работи за актуелен проблем. Навистина, тој проблем беше до скоро и имаше средба и тука сме се договориле ...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За патот и регулацијата на патот Катланово...

Да го пуштиме господинот Трајанов сега зборува.

Ќе ве молам да се слушаме, затоа што да не повторуваме, бидејќи губиме многу време.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Се работи за регионалниот пат 503, кој кај наплатната рампа исклучувањето кај наплатната рампа кај Петровец.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Тие се договорија навистина тука да се преземат мерки и да се реши тој проблем и ќе видиме. Значи, ова пратеничко прашање нека послужи повеќе како ургенција, за да се надминат тие проблеми кои се присутни на теренот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вклучете го господинот Коце Трајановски.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Би сакал писмена информација во врска со ова, бидејќи мислам дека сега во моментов не би можело така опсежно да се одговори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако инсистирате на писмен одговор, ќе ја добиете писмената информација.

Последното прашање беше упатено до три Министерства, до Министерството за развој, урбанизам, и финансии во врска со регионалниот водовод. Јас незнам кој министер би можел да одговори, затоа што кога е вака поставено, а присутни се сите претставници на овие две министерства, може министерот за финансии, господинот Груевски да одговори.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Околу Барањето, да се испрати инспекција, ќе се обидеме тоа да го направиме и ќе го направиме. Само, би замолил подетално дополнително да ми се достави, адресата каде што треба детално. Инаку, нема проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Трајановски?

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Се прифаќа, ќе биде доставено барањето дополнително.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи се прифаќа.

Ви благодарам многу на поставените прашања.

Збор има г-динот пратеник Митко Тилевски.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани членови на Влада и господа пратеници.

Ја користам својата пратеничка функција за поставување на прашања, за или според демократските принципи, одговор треба да поднесе овој највисок дом на државата. Јас имав подготвено повеќе прашања, но сега ќе барам одговор само на две, бидејќи другите прашања изгубија од својата актуелност, затоа што како што знаеме оваа седница за поставување на пратенички прашања, малку се пролонгира, така што сметам дека со две прашања, би го искористил своето право за поставување на прашања.

Првото прашање би гласело дали Владата има концепт за подобро финансиско работење и резултирање на овогодишната туристичка сезона, со акцент на Охрид и Струга. И, до каде се стигнати подготовките од страна на надлежното министерство, за што подобри ефекти од претстојната туристичка сезона.

Во тој контекст, дали Владата може да даде отчет за својата маркетиншка презентација во Европските туристички саеми и пошироко и да најави каква е нејзината прогноза за финансискиот резултат од она кое што ние го очекуваме на Охридското крајбрежје.

Второ прашање, за чие решавање ќе мора да биде покрената меѓудржавна соработка, а тоа гласи: Во последно време, исклучително е актуелен проблемот со заштита на квантитетот на рибниот фонд на Охридското езеро.

Официјално, како последица на последните опсервации евидентно е намалување на рибниот фонд на Охридското Езеро.

Прашањето до Владата гласи:

Дали ресорните министерства го следат овој проблем, дали имаат информации од теренот и дали се планира негово решавање.

Дали постои конкретна комуникација помеѓу нашата и Албанската страна за регистрирање и надминување на овој проблем. Ако може да ми се одговори усмено или писмено, ќе бидам задоволен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Митко Тилевски.

Првото прашање мислам дека е упатено до Дирекцијата за туризам, која што работи во рамките на Министерството за стопанство.

Го молам г-динот Ламбе Арнаудов ако може да одговори на тоа прашање.

Се работи околу подготовките за Туристичката сезона.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Бидејќи овој одговор бара повеќе информации од повеќе места, учества на разни саеми, берзи итн., исто така, треба да биде поткрепено со многу бројки и податоци и јас би го замолил пратеникот да прифати писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Тилевски?

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Прифаќам, како што реков, може и писмено, бидејќи се работи за поширок концепт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вашето прашање е упатено до Владата, но мене ми се чини дека е до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство во врска со заштита на рибниот фонд на Охридското Езеро.

Бидејќи министерот Ѓорчев е тука, би го замолил да одговори.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Ситуацијата со рибниот фонд во Охридското Езеро се следи перманентно и се преземаат соодветни чекори како од наша страна, така и од албанската страна, меѓутоа сите тие аспекти, преземените мерки, како и начинот на разрешување на проблемот на исчезнување на одредени автохтони видови на риба од Охридското Езеро, затоа ќе доставиме писмена информација до пратеникот Тилевски, па би го замолил да го прифати тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Тилевски дали го прифаќате тоа?

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Прифаќам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има господинот пратеник Аце Сајковски.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Прашање за министерот за здравство.

Во рамките на Медицинскиот центар во Кичево постојат кадровски, технички и сите други предуслови да биде отворено хируршко одделение. Кога тоа ќе се случи?

Инаку, отворањето на ова хируршко одделение е повеќе од потреба, а има и економска оправданост. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е за Министерството за сообраќај и врски.

Здруженијата на возачи на Македонија функционираат како здруженија на граѓани. Меѓутоа, знаеме дека тие се вградени како општествени претпријатија или здруженија со државен капитал, а сега со нив управуваат група на граѓани.

Дали овие здруженија ќе треба да се трансформираат од општествен во приватен капитал?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Аце Сајковски.

Првото прашање е упатено до Министерството за здравство. Тука е господинот министер Данаиловски, па го молам за негово видување по тоа прашање.

**ДРАГАН ДАНАИЛОВСКИ:**

Може да се каже следното дека воспоставување на хируршко одделение при Медицинскиот центар во Кичево е легитимно барање, е оправдано од секој аспект, од здравствен, економски, хуман и секаков аспект. Јас лично тој проект, таа иницијатива ја поддржувам со сето свое битие, да кажам, подготвен сум да потпишам било каков акт што, евентуално, може да ја забрза процедурата на конечно заживување и заокружување на целата таа приказна. Стојам на располагање на кичевчани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Сајковски, дали сте задоволни од одговорот?

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Второто прашање е упатено до Министерството за сообраќај и врски.

Го молам заменикот министер да изнесе свое видување.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Пратеникот го достави ова барање до нашето Министерство, само ми се чини, бидејќи се работи за трансформација, таквото прашање би требало да се упати до Агенцијата за приватизација или до некој друг субјект. Ми се чини дека прашањето не е поврзано со нашето Министерство.

Нека биде доставено писмено и ќе одговори соодветниот орган.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај ние ќе го доставиме до Агенцијата за приватизација и ќе добиете писмен одговор на вашето поставено прашање.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има господинот пратеник Александар Трпевски. (Не е тука).

Збор има господинот Благој Ханџиски. (Не е тука).

Збор има господинот пратеник Фадил Бајрами. (Не е тука).

Збор има господинот пратеник Митко Киров.

**МИТКО КИРОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

Пратеничкото прашање што ќе го поставам е упатено до три министерства: Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, до Министерството за сообраќај и врски и Министерството за урбанизам и градежништво.

Пратеничкото прашање гласи:

До каде е стасана постапката за изградба на агро - берзата и карго - аеродромот во Струмица.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Митко Киров за поставеното прашање.

Има можност да одговорат тројца министри, а бидејќи прашањето е упатено до три министерства. Бидејќи е околу агро - берзата, мислам дека најпрво би требало да земе збор министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

И вчера, конкретно за таа проблематика бевме во Струмица, како Министерство. Акцијата е стасана до ниво на локална самоуправа. Со директорот на Агро - берзата, концептот е тоа да биде еден микро – локалитет, на кој што ќе се стартува само со два артикли, домати и краставици, а во фаза е разрешување на последниот чин на доплатување на проектот што е веќе усвоен уште пред четири години. Значи, имаме комплетна проектна документација, имаме исплатување на обврските по проектот и на локалитетот што е во сопственост на Јавното комунално претпријатие, дефинирана е значи локацијата, би требало да се лоцира утрешната техничко - технолошка опрема што би била во согласност со сите нормативи и стандарди и контрола на квалитет на европскиот пазар.

Во таа насока, останува да се дефинира уште организацијата на Агро - берзата која што, според мислењето на Министерството и по мислењето на Агро - берзата би требало да биде заедничко претпријатие, во кое што би учествувале и локалната самоуправа и Јавното комунално претпријатие и сите трговци, како и здружени земјоделци кои се заинтересирани да партиципираат во таа Агро - берза. Очекуваме дека кон крајот на септември би требало да отпочне и реализацијата на тој проект.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник Киров дали сте задоволен?

**МИТКО КИРОВ:**

Задоволен сум со овој одговор. Вториот дел беше за карго - аеродромот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За тоа мислам дека министерот за сообраќај и врски, односно заменикот ќе одговори.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Бидејќи се работи за нерешени имотно - правни односи, откако ќе се решат тие проблеми во врска со земјиштето, тогаш ќе почне евентуално изградбата на аеродромот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник дали го прифаќате ова како одговор?

**МИТКО КИРОВ:**

Го прифаќам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има господинот пратеник Драган Митевски. (Не е тука).

Збор има господинот пратеник Илија Прангоски.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Благодарам господине претседателе, господо министри од Владата, почитувани колеги.

Користејќи го моето деловничко право, сакам да поставам до Владата и до поедини министри, одреден број на прашања.

Со оглед на ограниченоста на времето ќе се обидам да бидам краток и да зборувам побрзо.

Првото прашање е до Министерството за иселеништво.

Барам од Министерството за иселеништво, во писмена форма, да достави информација за следното:

- Колку наши граѓани на Република Македонија во изминатиот период од 1990 до 2000 година се иселиле од нашата земја и

- Колку во истиот тој период се доселиле во нашата земја по разни основи.

Молам во информацијата да ги има и следните елементи:

1. Структура и национална припадност на иселените лица, колку се

иселени Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми итн.

2. Нивна семејна состојба, колку од иселените веќе биле во брак, а колку не биле.

3. Пол и возраст.

4. Степен на образование.

5. Просторна лоцираност, од кои територии и краишта на Република Македонија се до сега иселените граѓани на Република Македонија.

6. Во информацијата би молел да има динамика на иселувањето, со посебен осврт врз иселувањето во периодот од 1990 до 1998 и од 1998 до 2000 година.

Прашањето го поставувам од следните причини, постојат разни мислења, информации, но за жал до сега без прецизни бројки и анализи дека од Македонија масовно се иселуваат граѓани на Република Македонија. Претежно тоа се Македонци и тоа пред се млади луѓе, високо образовани и способни, таканаречени мозоци.

Второ, од повеќе политички партии, а понекогаш тоа провејува и во овој Парламент, во дискусии на одредени колеги, повремено се форсира тезата дека во Македонија постојат граѓани од прв и втор ред или трет ред и заради тоа сметаме дека една ваква точна и исцрпна информација во многу ќе придонесе во претставувањето на вистинската слика за вистинската состојба по ова прашање во нашата држава. Ќе овозможи да се тргнат сите хипотеки, сомневања и шпекулации во врска со овој проблем. А нам, како пратеници и на Владата ќе им овозможи да се согледа вистинската состојба, но и да се преземат одредени конкретни мерки оваа појава да се спречи во следниот период.

Третата причина, ова прашање го поставувам по барање на поголем број граѓани на Охрид.

Молам, бидејќи нема претставник од Министерството за иселеништво, писмена информација и да ги содржи овие елементи.

Второто прашање е до Министерството за градежништво и урбанизам, паралелно до Министерството за екологија и заштита на животната средина. Прашањето го поставувам по барање на жителите на месната заедница "Железничка" од Охрид, поткрепено со потписи од 122 граѓани од таа населба. Понатаму, по барање на Еколошкото друштво "Грашница" од Охрид и по барање и допис до мене, како пратеник, од Командата на гарнизонот во Охрид, потпишано од командантот полковник Атанас Јовчевски.

Прашањето гласи: Што се случува со Живинарската фарма во Охрид?

Поточно, прашањето е во врска со нелегално отпочнатата изградба на фабрика за сточна храна или млин и проширување на постојниот капацитет од 50.000 на 350.000 кокошки од страна на ПП "Гица" приватно претпријатие "Гица", а сето тоа на просторот на некогашната Живинарска фарма во Охрид.

Се работи за објекти што се косат со сите норми за здрава и чиста околина кои не приличат на урбана средина, ниту на главен туристички центар, како што е Охрид. Живинарската фарма во Охрид е лоцирана во потесното градско подрачје, а според Деталниот урбанистички план на градот на таа локација не е предвидено да се гради фабрика, туку таа треба да се дислоцира и на тоа место да се гради станбен комплекс, парк и детска градинка.

Живинарската фарма, бидејќи е лоцирана во тесното градско подрачје со години претставува потенцијална опасност за околината и луѓето кои живеат непосредно до неа. Тоа се околу 10-15.000 жители, како и за војниците од касарната на АРМ во непосредна близина до нив. Поради тоа, жителите со децении се борат за дислоцирање на Живинарската фарма и во претходните мандати и од пратеници и од градоначалници добиваат ветувања дека прва работа што ќе биде направена во Охрид ќе биде таа. Меѓутоа, до сега од тоа нема ништо. Напротив, ситуацијата е полоша.

Сега, со започнувањето на градбата на нов објект, загрозувањето е уште поголемо.

(Претседателот предупредува со ѕвончето за истекот на времето за поставување на пратеничко прашање).

Негативните ефекти се особено впечатливи во летниот период кога и со најмал ветер непријатна миризба се шири скоро низ целиот град. Се појавуваат многу штетни инсекти, муви, кучиња скитници, глувци и слично и, сето тоа, во едно тесно градско подрачје каде живеат 10-15.000 жители.

Во врска со овој проблем беа запознати сите надлежни институции и по нивно реагирање беа дадени забрани за градба од Градежниот, Земјоделскиот и Комуналниот инспекторат. Беа запознати надлежните министри: за градежништво и

урбанизам и за екологија, а дури мислам дека проблемот беше разгледуван и на една од седниците на Владата. Локалното население, преку протести и собири и протестен митинг го изрази своето незадоволство, а на проблемот големо внимание му посветија и медиумите, електронски и печатени.

Сегашната ситуација е ваква: по издадената забрана и решенијата за рушење на дивоградбите од Министерството за урбанизам, темелите и цоклето се прекриени со чакал. Моментално, интензивно се работи на реновирање на халите за новиот капацитет за кокошки, а после, веројатно, се планира и повторно да се гради млинот.

Да скратам, молам од двете министерства што се надлежни, доколку може и усмено, и писмена информација, што понатаму треба и што ќе преземат да се заштитат интересите и на граѓаните на таа месна заедница "Железничка".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви благодарам за поставените прашања, меѓутоа треба да се држиме за правилата за времетраењето на поставувањето на прашањата.

За првото прашање побаравте писмен одговор од Министерството за иселеништво. Тука може да се вклучи и Министерството за внатрешни работи и други министерства. Ние ова прашање ќе го испратиме до Владата, па Владата нека оцени кое министерство е надлежно да одговори по сите овие шест елементи што ги поставивте во прашањето.

Во однос на второто прашање, го упативте до Министерството за градежништво и урбанизам и до Министерството за екологија, што се случува со натамошната судбина на Живинарската фарма во Охрид од аспектите што ги образложивте.

Тука може да одговори министерот за урбанизам и градежништво, господинот Кадиевски. Повелете.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Голем дел од одговорот се состои во прашањето на пратеникот.

Што се однесува до положбата на Живинарската фарма, навистина, таа треба да се дислоцира и според постојните позитивни урбанистички прописи таа е надвор од градот, на нејзино место се предвидува изградба на станбен објект.

Се додека не се реализира Урбанистичкиот план, Живинарската фарма таму ќе опстојува. Меѓутоа, никако да се проширува. Напротив, со некои други позитивни законски прописи треба да се забрани работата на таа фарма.

Што се однесува до новоградбата, еден дел што беше во тек на изградба, нашата Градежна инспекција излезе на лице место и интервенираше. Сега ова што го кажува пратеникот дека повторно се јавуваат некои градежни дејствија, ќе ја испратиме Градежната инспекција и на ист начин како првиот пат ќе реагираме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам господине Кадиевски.

Господине пратеник Прангоски, дали сте задоволни?

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Му благодарам на господинот министер Кадиевски, задоволен сум од одговорот и би сакал, заради барањето на граѓаните од МЗ "Железничка" една писмена информација.

Посебно сум задоволен со вториот дел од одговорот кога предлага веднаш да испрати инспекција и да го стопира она што понатаму се работи.

Би замолил претставникот на Министерството за екологија исто така да се вклучи во оваа акција, бидејќи навистина се работи за една сериозна состојба.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека нема никаква причина, бидејќи е тука заменикот министер господинот Марјан Додевски, да се вклучи.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Министерот Кадиевски одговори на поставеното прашање.

Републичкиот инспекторат за животна средина исто така ќе го покрие овој случај како и до сега, така што, во соработка со Инспекторатот од Министерството за урбанизам ќе излеземе на терен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека се прифаќа вашата иницијатива и нема да има никакви проблеми.

Дами и господа пратеници, времето за поставување на пратенички прашања истече, со тоа што, ќе ве молам, имам писмен допис од пратеникот Златко Стојменов, во кој што бара да му се дозволи да се дополни добиениот одговор од Владата на РМ на пратеничкото прашање во врска со биолошкиот минимум и еколошките проблеми на реката Лакавица. Сакам да му дадам збор, за да, во неколку реченици, го

дообјасни своето барање во врска со писмениот одговор што му го достави Владата.

Повелете, има збор господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Благодарам господине претседателе.

Јас, навистина ќе бидам краток. Бидејќи се работи за дополнување на добиениот одговор на прашањето за биолошкиот минимум на реката Лакавица, односно на истекот од вештачката акумулација "Мантово".

Задоволен сум квалитативно од одговорот, бидејќи во одговорот пишува дека има решавање на прашањето со истекот на водата и ќе се обезбеди биолошкиот минимум, реката Лакавица ќе го добие потребниот биолошки минимум на истекот на водата од Езерото.

Во самиот одговор пишува дека Германската влада ЦТЗ, согласно со можностите за влез за истекот, ќе се реши проблемот. Меѓутоа, јас би сакал тоа да се допрецизира, во однос на тоа, во кои рокови е проектирано тоа да се реши, бидејќи ние на теренот немаме никакво чувство дека се решава проблемот, а еколошката катастрофа во тој дел каде што нема вода, може да продолжи, така што јас би сакал да знам дека овие проектирани рокови, бидејќи можностите и сите идни моменти, не можат да се предвидат, меѓутоа, веројатно во тоа има проектирани рокови, проектирано темпо, кое јас би сакал да го добијам, ако може сега усмено, а најверојатно, би било добро ако е тоа на писмено и би сакал да го добијам планот, како мисли да се реши тоа подетално во однос на тоа како ќе се приоѓа, бидејќи ние навистина во Штип сме заинтересирани, за трајно решавање на овој проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Златко Стојменов.

Министерот за земјоделство и водостопанство, Марјан Ѓорчев, веќе го има добиено писмениот одговор од страна на пратеникот Стојменов.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Делот на регулација на биолошкиот минимум на Лакавица, спаѓа во нашата управа за водостопанство, која што го изготви тој писмен одговор.

Јас мислам дека би било најприфатливо и за пратеникот, да го поканиме во Министерството, затоа што тоа е во зависност од проектите и задачите што ги имаме договорено, со германската техничка помош, заедно со г. Клајн, да седнеме и видиме во кои најоптимални брзи рокови можеме да го санираме тој проблем кој постои. Инаку, тие имаат и одредени проблеми при реализацијата на таа техничка помош и во таа насока, заедно со раководителот на германската техничка помош, да издејствуваме оптимално брзи рокови и на таков начин да се допрецизира во кој рок тоа е можно да се изведе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Стојменов, дали сте задоволни од одговорот?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас би се заблагодарил на поканата, спремен сум за соработка и ќе дојдам во Министерството за натамошни потребни консултации.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Таму ќе го видиме и планот, ќе имате можност да го погледате на лице место.

Дами и господа пратеници, на барање на Пратеничката група на СДСМ, поднесено пред почетокот на седницата од координаторот на пратеничката група, г. Никола Поповски, давам пауза од половина час, за да изврши дополнителни консултации пратеничката група и ќе почнеме во 13,00 часот, со утврдувањето на дневниот ред.

(Пауза од 12,30 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,15 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ги молам сите пратеници да бидат во салата, да го утврдиме потребниот кворум.

Уште еднаш ги молам пратениците да бидат во салата, бидејќи истече времето, потребно за консултација.

Дами и господа пратеници, Владата на Република Македонија ги повлече Предлогот на законот за организација и работа над органите на државната управа, Предлогот на законот за Владата на Република Македонија, Предлогот на законот за државните службеници и Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на локалните избори, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од

Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за остварување на предвремена пензија, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам за тоа да гласаме.

Процедурално се јави г. Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, Парламентарната група на СДСМ е навикната на секакви изненадувања од страна на оваа Влада. Меѓутоа, ова што таа сака да ни го приреди на оваа седница, навистина ги минува границите на сериозност.

Прво, се сеќавате дека СДСМ, укажуваше по повод отворањето на законите за реформа на државната управа, дека тоа се премногу скратени рокови, што ги нуди Владата за така сериозни закони.

Од Владата добивме уверување дека напротив, заради итноста, заради важноста на таа реформа и заради притисоците од меѓународните институции, е неопходно тие да бидат донесени во една итна и скратена процедура.

Заради сето тоа, овие закони беа ставени на дневен ред минатата среда, а веќе оваа среда требаше да ги разгледаме во форма на предлог закони и тие да бидат донесени.

Владата истовремено, укажа на тоа, дека треба да биде преземено од сите комисии и сите тие постапки беа завршени.

Владата која што знаеше дека има најавено интерпелација, во врска со нејзиното работење, од страна на СДСМ, објави дека денеска буквално со евентуалното усвојување на Законот за органите на државната управа, од тој момент, таа ќе се наоѓа во оставка и дека многу брзо, после тоа, СДСМ, соодветно на тоа што ќе се пристапи кон избор на нова Влада, ќе може да ги изнесе сопствените аргументи, за нејзиното работење, односно за потребата од нејзината оставка.

СДСМ ги уважуваше тие аргументи на Владата и СДСМ, меѓу другото, не ја поднесе таа интерпелација, очекувајќи дека денеска на оваа седница, во процедурата, во која што беа најавени, ќе имаме можност да расправаме за законите кои беа најавени и дека, токму од денеска, оваа Влада ќе биде практично во оставка.

Со овој чин, кој што сметаме дека навистина ги минува границите на парламентарното однесување, со овој чин всушност, Владата ни покажува дека е спремна да ни приредува разни видови на валкани игри, во оневозможувањето на опозицијата за остварување на нејзините права.

Оттаму, Парламентарната група на СДСМ го смета овој чин, за една голема несериозност, од страна на Владата. Сметаме дека ова навистина е однесување, кое што не е прифатливо и не е во редот на нормалната политичка култура, во земјите со парламентарна демократија и заради сето тоа барам во име на парламентарната група на СДСМ, пауза од еден час, за време на која парламентарната група на СДСМ ќе одржи прес конференција и ќе ги изнесе сопствените ставови.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие побаравте пауза од половина час претходно. Сега барате пауза од еден час.

Процедурално се јави господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, во името на вистината, должен сум да дадам објаснување како течеше вчерашниот состанок, кај претседателот на Собранието кај кого присуствуваа координаторите на сите пратенички групи.

Имено, на состанокот претседателот Саво Климовски образложи дека поднесените предлог закони, односно законите за органите на државната управа, Законот за државните службеници, Законот за Владата, се на некој начин во постапка брзо дадени, пред работните тела на Собранието и поради бројните сугестии, што се дадени од страна на опозицијата, како и на позиционите пратеници, би било полезно, овие закони да се вратат во некоја дооработка пред Владата и да бидат накнадно поднесени, по 5-6 дена, односно на нова седница, која би била на 4 јули.

Во таа дискусија, апсолутно со овој став, се согласи и координаторот на пратеничката група на СДСМ, г. Никола Поповски, така што, на некој начин, со консензус беше донесена одлука, да му се предложи на премиерот,

да ги повлече со писмо, како формално правно и процедурално наједноставен начин, да се избегнат вакви тензии и дискусии.

Затоа, ме изненадува ставот и настапот на пратеникот Ѓорѓи Спасов за еден ваков настап, кој не кореспондира, со она што ние вчера го договоривме на состанокот на координаторите кај г. Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имам едно дообјаснување.

Вчера попладне, по завршувањето на работата на комисиите, јас ги повикав координаторите на пратеничките групи и во функција на денешната седница, го побарав нивното мислење, во врска со предложените три закони од квалитативен аспект, не од аспектот на тоа дали и на толку министерства, повеќе или помалку итн. Сакав да чујам какво е нивното мислење и воопшто, како течела расправата по комисиите. Дојдовме до констатација, дека доколку одиме со амандманско менување на овие закони, може да се направи многу поголема грешка, отколку да и предложиме на Владата за седницата што ќе ја закажам за во вторник, на 4-ти и на која што ќе разгледува овој пакет на закони, значи тоа да го одложиме неколку дена, Владата да го подобри квалитетот на законите, ние повторно ќе ги разгледаме тие закони и на 4-ти ќе водиме расправа, се со една цел, да донесеме квалитетни закони и да постигнеме што поголем консензус околу тие закони, затоа што, еден од нив се носи со 2/3 мнозинство.

На тој состанок, постигнавме заедничка согласност, со тоа што, тие бараа веднаш да разговараат со премиерот и премиерот да се согласи да ги повлече, да ги преработат за време на викендот и ние во понеделник и вторник, повторно да ги разгледаме.

Тоа беше смислата и конечно, тоа е и наше право, како пратеници и да вратиме и да пуштиме на доработка и да прочитаме уште еднаш ако треба и во тој дух, во духот на подобрување на квалитетот на законите, мислам дека немаше разногласие, сите имавме заеднички став, со тоа што, единствено г. Никола Поповски рече дека откако ќе стигне предлогот од Владата, официјалниот предлог од Владата да се повлече, како што стигна, дека тие ќе изградат свој став на пратеничката група и дека потоа ќе го соопштат тој став. Но, немаше ништо против тоа да се повлечат овие закони, за да дојде до нивна доработка итн., со оглед на многубројните сугестии и внатрешни нелогичности и недоречености во некои од тие закони.

Тоа беше вчерашниот договор, кој што денеска се реализира и во вторник ќе отвориме повторно расправа, по овие три закони.

Од тој аспект, сакам да бидеме пред јавноста чисти и да имаме еден однос на доверба. Ние не изразивме сомневање во основната цел, а тоа дека многу полошо ќе биде да донесеме закони, кои што не ќе можат да функционираат и можеби ќе создадат поголеми проблеми, набрзина да донесеме закони, отколку уште еднаш да ги прочитаме, да ги согледаме внатрешните соодноси помеѓу различните органи, агенции и се друго што се предлага во тие закони, па да ги кореспондираме со некои други законодавства, за да можеме, колку што е можно и прилагодливо на нашите услови, да предложиме Закон за органите на државната управа, што ќе биде во насока и во полза на правата и слободите на граѓаните. Тоа беше договорот. На тој договор се придржуваше и премиерот, повлекувајќи ги денеска законите, тие да работат и Собранието ќе си продолжи со работа по другите точки од дневниот ред, а овие закони ќе бидат разгледани.

Велам, во интерес на вистината, сакам да кажам дека координаторот на пратеничката група на СДСМ рече дека по тоа прашање ќе изградат свој став и ќе го соопштат откако ќе бидат симнати од дневен ред, како што тоа денеска го направивме. Тоа беше смислата на заедничкиот договор, што го постигна со сите координатори на пратеничките групи на вчерашниот состанок, откако завршија со работа комисиите. Јас не гледам ништо страшно во тоа. Само јас едно ве молам. Да дадеме пауза, откако ќе го утврдиме дневниот ред. Да не се растураме сега, да го утврдиме дневниот ред, а потоа би дал пауза, за да може СДСМ да се произнесе, бидејќи овие точки и онака не можеме да ги ставиме на дневен ред. Тие се симнати.

Процедурално се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас не знам што е толку спорно во оваа работа. Јас вчера го изнесов ставот на СДСМ, кој го прифатија

или го делеа трите координатори, дека трите закони од Владата, што се доставени, се во толку лоша форма изработени, дека ќе се загрози државниот интерес на Република Македонија, ако тие денеска се гледаат и се гласаат. Со тоа се согласивме сите и од тие причини, побаравме Владата да ги повлече, за да не се случи да не добијат мнозинство во Парламентот. Тука ништо не е спорно.

Јас наговестив, дека ние како пратеничка група, повлековме една друга многу сериозна политичка активност во Парламентот, имајќи предвид дека тие три закони се денеска на дневен ред. Укажав дека доколку, премиерот ги повлече официјално, за СДСМ настанува нова ситуација, во која, една откажана активност, односно причините, заради кои се откажува активноста, конечно нема да постои. Таа ситуација, денес е легитимна. Причините, заради кои ние најавивме, односно повлековме една иницијатива, денеска веќе не постојат, односно, законите се повлечени. Тука јас се согласив и не гледам кој од што отстапува во оваа ситуација.

Ние и понатаму мислиме дека законите треба да бидат повлечени и се согласуваме со премиерот, дека е добро што ги повлече, заради квалитетот на законите.

Второ, јас укажав и сега повторувам, дека со тоа формално се исполнија причините, една политичка иницијатива, која ја повлековме, дека треба да ја преиспитаме.

Тоа е сосема друго прашање, па ве молам, претставник на пратеничката група, во име на пратеничката група, побара пауза од еден час, пред утврдување на дневниот ред. Се отвори расправа овде, кој што рекол, на координацијата, која што вие ја свикавте.

Јас ве молам, прво да не ги злоупотребуваме тие координации, зашто и вие и господинот Краљевски ги доведувате во прашање на тамошните консултации и координации, помеѓу координаторите на пратеничките групи со вас. Затоа што, на ваков начин, како што се третираат, сакајќи да се внесе клин, помеѓу координаторот и мислењето на пратеничката група, се создава можност, во иднина, координациите, кои инаку не се ни уставни ни деловнички категории, не можат да се остваруваат. Секој ќе биде претпазлив што зборува, што договара и што ветува. Јас сум многу прецизен.

Ве молам, господине претседателе, имате Деловник, согласно Деловникот, пратеничката група на СДСМ пред да се помине на утврдување на дневниот ред, побара пауза од 60 минути и ве молам, согласно Деловникот, да ја прекинете седницата и да ја дадете паузата.

Секоја натамошна расправа, создава ситуација, во која Деловникот вие нема да го почитувате.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека сето ова беше во функција на објаснување на вчерашната седница и јас немам намера да го злоупотребам правото, да добиете еден час пауза, за консултации. Тоа било во минатото, тоа ќе биде и во иднина и тоа е начин на работа на Собранието. За тоа немам право.

Меѓутоа, мислев дека е поцелисходно, ние да го утврдиме дневниот ред, па да дадам пауза. Но, ако инсистирате, ќе ја добиете и пред утврдувањето на дневниот ред.

Процедурално се јави господинот Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Господине претседателе, апсолутно не ми беше намерата, да внесувам клин, помеѓу координаторот и пратеничката група на СДСМ и самата пратеничка група.

Се јавив само во функција, во интерес на вистината, да објаснам како течеше состанокот и каков консензус беше постигнат на тој состанок. Реагирав по повод настапот на господинот Ѓорѓи Спасов, кога тој побара пауза од еден час, за организирање на прес конференција на пратеничката група.

Дали е тоа во согласност со Деловникот? Да се организира прес конференција по некое прашање, кое претходно е постигнато со апсолутен консензус, бидејќи координаторот на пратеничката група на СДСМ, ја претставува пратеничката група.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас не знам што ќе прави пратеничката група.

Јас и давам пауза на пратеничката група од 60 минути.

Ја прекинувам седницата, а за тоа дали тие ќе држат прес конференција, тоа е нивен проблем.

(Пауза од 13,35 часот). (По паузата).

(Седницата продолжи со работа во 14,45 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 52-та седница.

Процедурално побара збор министерот за правда г-динот Џевдет Насуфи.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Г-дине претседателе, дами и г-да пратеници.

Навистина денеска требаше предмет на ваше разгледување да биде пакетот закони за државната администрација, законот за Владата, законот за органите на државната администрација и законот за државните службеници.

Владата ги повлече сите три закони. Имајќи во предвид дека се работи за три битни, значајни закони за државната администрација, а тоа значи воедно и за граѓаните на Македонија, сосема е исправна одлуката на Владата од следните причини.

Комисиската расправа во втората фаза при Собранието покрај другото покажала дека има потреба на текстовите на законите, понудените решенија и во поглед на структурата, и во поглед на функциите на органите има потреба да се извршат корекции, можеби квалитетни измени и дополнувања и во таа смисла јас ценам дека соработката со сите структури во Парламентот, а и вон Парламентот, во рамките на Владата е потребно уште извесно време да имаат простор тие текстови да ги поправат, да ги доградат. Во контекст на тоа е барано една недела односно до следната седница на Парламентот, истите закони да бидат предмет на ваше разгледуваше.

Моја оценка е, ја искажувам и потребата на Владата, бидејќи се работи за системски закони кои се од битен интерес за граѓаните на Македонија, подеднакво би требало да имаат учество во нивната креација, во предлагање на решенија и подобри квалитетни предлози, значи да има подеднакво присуство во изработка на тие закони и Владата и позицијата, а мислам дека и опозицијата.

Во таа смисла јас ве молам да имате разбирање за нашиот предлог за повлекување на овие предлог закони.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на министерот за правда, г-динот Џевдет Насуфи во врска со појаснувањата што ги даде.

Продолжуваме понатаму со работа.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за остварување на предвремена пензија, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница. Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласаа за, 6 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Предлогот е прифатен.

(Г-динот Александар Гештаковски бара збор деловнички).

Ние сега го утврдуваме дневниот ред, па после тоа кога ќе говориме и гласаме ќе можете деловнички...

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Ве молам пред утврдување на дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете г-дине Гештаковски кога сакате пред утврдување на дневниот ред.

Има збор г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине претседателе јас сметам дека вие го прекршувате деловникот, бидејќи прво согласно Деловникот не ми дадовте збор да се изјаснам.

Второ, сакав да укажам дека до колку Владата согласно Деловникот бара скратување на роковите, вие сте должни да го повикате претставникот да објасни зошто се бара скратување на роковите, и тоа го применивте по наше укажување. Сега, согласно член 340 од Деловникот тоа не го правите и сакав да укажам на тоа прашање.

Што се случува во овој Парламент?

Денеска на самата маса најдовме еден закон за кој Парламентот се согласи да се разгледува по скратена постапка. Никакви услови нема за по скратена постапка. Во тој случај вие сте должни да и укажете на Владата дека треба да го користи институтот "итност".

Тогаш, во тој случај и овие маки во кои се наоѓа Парламентот, а сметам и по ваша заслуга и кога министрите и Владата ни држат предавања врз основа на нашите укажувања, кога еднаш бараа да се скратат роковите за суштински, сложни и обемни закони, а потоа врз основа на нивните несогласувања, како што е случајот со реформите во државната администрација,

Законот за организација и функционирање на органите на државната управа, вие ми го дадовте пред два дена. Ние укажувавме и нашиот претставник, координатор, г-динот Спасов ви укажа. И затоа се случува во овој Парламент, кој мислам дека е единствен и во светот без никакво и прво читање на закони, или меѓу првото и второто читање, таков преседан немав за овие скратени, користејќи го институтот на кој се повикувате вие, скратени рокови по три дена да дојдат доста сложени и обемни, уште мастилото не е исушено на тие закони и расправа во самите работни тела по непрочитани закони. На тоа најлошото е што претставникот на Владата наместо чесно и поштено пред овој Парламент и пред јавноста да истакне дека владината коалиција и партиите во владиното мнозинство не се согласени околу распределбата на министерските места, или околу распределбата на амбасадорските места...

(Ѓорѓи Котевски од место - тоа е материјална расправа).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние зборуваме сега процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас процедурално сакав да ви укажам дека немавте право ни на претставникот на Владата, бидејќи Владата писмено ги симна, Парламентот нема што да расправа. Вие му дадовте збор на претставникот на Владата мимо деловникот право да објаснува зошто Владата ги повлекува. Право е на Владата дали ги повлекува, таа е господар на законите.

За ваквите состојби со скратување на рокови, во дадениот случај сметам дека направивте повреда. И тоа што му дадовте на министерот право врз основа, нема на дневен ред закони, по кој основ му дадовте да објаснува на јавноста и на Парламентот зошто ги повлекува. Тоа е веќе завршена работа и затоа сакам да го коментирам и тој дел.

Сметам дека по претходното прашање треба да се користи институтот "итност", "итна постапка", да каже дека се нарушени стопанските текови, економските текови. Дали г-дине претседателе вие сметате дека и овој закон за измена на Законот за предвремено пензионирање кој го донесовме со една долга расправа во системот нема да предизвика во јавноста нервози и загриженост кај вработените на кои се однесува законот, сметајќи дека со него се прават дополнителни рестрикции на постојните решенија. Дали некој пратеник го има видено, јас ве прашувам и вие дали го имате прочитано тој закон, или некој пратеник дали го прочитал, за да се скратуваат така роковите.

Процедурата согласно Деловникот е јасна и мислам дека би требало и вашиот дел, вашето познавање на регулативата да го пренесете за да овој Парламент, работи согласно Деловникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кога сме веќе кај Деловникот, јас го погледав уште еднаш овој член, 342 на кој што вие повикавте и таму вели следново:

"Соборот на седницата претходно одлучува по Предлогот за скратување на роковите. Ако го усвои тој предлог пристапува кон претресување на Предлогот за донесување на закон, односно Предлогот на закон. Ако не го усвои предлогот за скратување на роковите. Соборот ќе го одложи претресот на Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на Законот".

Според тоа јас сум должен да го поставам пред вас.

Дали сте го прочитале или не сте го прочитале тоа е друго прашање.

Може и воопшто да не читате закон.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Не може Парламент да гласа за нешто што незнае што е.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Па, ќе ве молам гласајте против. Никој не ви зборува да не гласате против, јас сум должен тоа да го поставам на дневен ред. Како може Парламентот да гласа. Ова е Деловникот, Владата бара на овој начин, а ние се определивме со 59 гласа да го ставиме на дневен ред.

Мислам дека е и по малку навредливо никој не го прочитал, два члена има внатре и вие однапред заклучувате дека никој не го прочитал. Ве молам немојте така.

Ќе ве молам да се спориме сега деловнички, затоа што и овој Деловник како што ни е стар остава многу простор за спорење. Јас се обидувам да постапувам деловнички: Дали требало да му дадам збор на министерот за правда или не требало, дали е тоа Деловнички утврдено или не е утврдено Деловнички не можам да кажам, затоа што ако беше така тогаш не требаше да дадам збор на никого, ни на опозицијата, ни на Чедо Кралевски, ниту јас да зборувам едноставно Владата ги повлекла и таа е господар на сето тоа и нема расправа по тоа. А ние имавме претходна расправа. Тоа е

проблемот во оваа ситуација и затоа од тој аспект, Деловникот ни е таков каде што има простор за такви и вакви толкувања.

Јас мислам дека, барем Деловникот, досега не сме го прекршиле.

Одиме понатаму.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница. Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласаа за, 11 воздржани и 11 против.

Констатирам дека Предлогот е прифатен.

(Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог за разрешување на претседател на Основниот суд во Тетово.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за, 10 воздржани и 5 против.

Пратеникот Чедомир Кралевски предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со предлози на одлуки за огласување на избор на судија на Основниот суд во Крива Паланка и за именување јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово и на заменици јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Куманово, Струмица, Штип, Ресен и Кочани.

Предлогот е поделен.

Предлогот на пратеникот Чедомир Кралевски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за, 16 воздржани и двајца против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за образование и наука му предлага на Собранието да не го разгледува на оваа седница Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот научно - истражувачката дејност, со Предлог на закон и расправата по него да се води по донесувањето на Законот за организација и работа на органите на државната управа и на Законот за високото образование.

Предлогот е поделен. Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, 9 воздржани и 7 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Интерпелација за работата на јавниот обвинител на РМ г-дин Ставре Џиков;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за остварување на предвремена пензија, со Предлог на закон;

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај;

4. Предлог за донесување на Закон за поттикнување и помагање на техничката култура со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на Закон за ратификација Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Словенија за взаемна соработка во царинските работи со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на Закон за облигационите односи;

7. Предлог за донесување на Закон за сопственост и други стварни права.

8. Предлог за донесување на закон за градежно земјиште;

9. Предлог за избор на судија на Врховниот суд на РМ;

10. Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје;

11. Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Штип;

12. Предлог за избор на судија на Основниот суд во Штип;

13. Предлози за избор на судии во Основниот суд Скопје I - Скопје;

14. Предлог за разрешување на претседател на Основниот суд во Тетово;

15. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Крива Паланка;

16. Предлог на одлука за огласување и именување јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово, и

17. Предлог на одлука за огласување именување заменици и јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Куманово, Струмица, Штип, Ресен и Кочани.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

За збор се јави г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Дами и г-да во последно време се позачестени се нападите врз средствата за јавно информирање и обиди на одделни формални и неформални структури за заплашување на новинарите и нивната спремност слободно да ја изразуваат слободната мисла и согласно на тоа да ја информираат јавноста. Веќе стана секојдневие обидите за запленување на цели тиражи на одредени дневни или ревијални весници, приведување на новинари и комплетни екипи, а и запленување на снимени и други материјали. Најнови и најсвежи ни се случувањата кои деновиве ни се случуваат со запленувањето на комплетниот три дневен на дневниот весник на албански јазик "Бота сот" и со заканите, другите закани на локалната радио телевизија "Ера" во Скопје, врз чија куќа последниве неколку месеци на неколку пати им се заканувaат одредени структури и ги плашат и ги принудуваат да ја прекинат програмата. Најнов пример беше вчерашното прекинување на програмата на оваа телевизија, каде на екранот на истата се појавува само појаснување од кои причини се принудени новинарите и оваа куќа да ја прекинат програмата. "Заради груби закани на одредени личности и мешањето во нивната уредувачка политика".

Бараме од Владата на РМ да изготви информација за состојбата во областа на информирањето и по се позачестените закани кон слободното новинарство со посебен осврт за последните случувања за запленуваше на дневниот весник на албански јазик, "Бота сот" и заканите и причините за прекин на програмата на телевизија "Ера".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Насер Зибери за барањето. Бидејќи овде немаме претставник на Владата во смисла на потпретседател, а имаме министер за правда, ве молам како претставник на Владата дали прифаќате да се подготви информација во духот и во смисла на поставеното барање на г-динот Насер Зибери.

Има збор г-динот министер за правда Џевдет Насуфи.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Јас мислам дека г-динот пратеник требаше на почетокот да го постави ова прашање, кога беа и надлежните овде, меѓутоа ценам дека Владата може писмено да даде одговор на пратеничкото прашање или барање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи Владата прифаќа да подготви информација и ќе ја добиете таа информација.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ако може да се утврди до следната седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам дали прифаќа Владата до следната седница да се достави информација.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Владата има начин и правилник според кој работи и по тој Правилник ќе постапи и во овој случај.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Веројатно за првата наредна седница Владата барањето ќе го разгледа и ќе ни достави информација.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ако е за следната седница јас прифаќам, во спротивно повторно ќе ја потсетиме Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние веднаш ќе го испратиме до Владата стенограмот, вашето барање...

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Добро прифаќам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Предложениот дневен ред го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

80 пратеници гласаа за, 4 се воздржани и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дами и господа пратеници, Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага предлозите за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија, за избор на претседатели на Апелациониот суд во Скопје и на Основниот суд во Штип, за избор на судии на Основните судови во Штип и Скопје I - Скопје, за разрешување на претседател на Основниот суд во Тетово и предлозите на одлуките за огласување избор на судија на Основниот суд во Крива Паланка и за именување јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Куманово и за заменици јавни обвинители во Основните јавни обвинителства во Куманово, Струмица, Штип, Ресен и Кочани да бидат

разгледани пред другите точки од дневниот ред.

Предлогот претходно ви е поделен.

Ве молам да гласаме за да ги помериме овие точки понапред.

64 пратеници гласаа за, 12 воздржани и 6 против.

Минуваме на точката 9 - Предлог за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија на Врховниот суд на РМ го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, 12 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Стефка Ристевска избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

На г-ѓа Стефка Ристевска и го честитам изборот и и посакувам успех во работата.

Минуваме на точката 10 - Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање. Ве молам, да гласаме.

61 пратеник гласаа за, 10 воздржани и 14 против.

Констатирам дека Филимена Маневска е избрана за претседател на Апелациониот суд во Скопје.

На г-ѓа Филимена Маневска и го честитам изборот и и посакувам успех во работата.

Минуваме на точката 11 - Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Штип.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на претседател на Основниот суд во Штип го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласаа за, 11 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Николчо Лазаров е избран за претседател на Основниот суд во Штип.

На г-динот Николчо Лазаров му го честитам изборот и му посакувам успех во работата.

Минуваме на точката 12 - Предлог за избор на судија на Основниот суд во Штип.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија на Основниот суд во Штип го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, 15 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Јулијана Манчевска е избрана за судија на Основниот суд во Штип.

На г-ѓа Јулијана Манчевска и го честитам изборот и и посакувам успех во работата.

Минуваме на точката 13 - Предлог за избор на судии на Основниот суд Скопје I - Скопје.

Предлогот и мисленјата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Ленка Штерјова да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

69 пратеници гласаа за, 14 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Ленка Штерјова е избрана за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје.

Предлогот Виолета Илиевска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за, 13 воздржани и 3 против.

Констатирам дека Виолета Илиевска е избрана за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје.

На г-ѓите Ленка Штерјова и Виолета Илиевска им го честитам изборот и им посакувам успех во работата.

Минуваме на точката 14 - Предлог за разрешување на претседател на Основен суд во Тетово.

Предлогот и мислењата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине претседател, јас преескa барав збор, но независно тоа што сакам да изнесам може и сега да биде. Паѓа во очи дека предлозите за судиските места се воглавно од понежниот пол. Исто така, треба да обрнеме внимание на половата рамноправност и во судската гранка. Ако вака продолжиме не 51%, туку 71% можеме да постигнеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Јордан Бошков.

За збор се јави г-ѓицата пратеник Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас сакам само да ја искористам оваа можност да го поздравам фактот дека некои пратеници водат сметка за половата рамноправност и состојбите еве конкретно во македонското судство од овој аспект. Меѓутоа, на колегата Бошков би му препорачала малку да погледне во оваа сала и да се размисли како тоа овие бројки и овие разлики не ми пречат. Во ситуација кога ќе зборуваме за тоа како да ја смениме ваквата ситуација, јас се сложувам дека и судството може да биде тема на дискусија.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Нештата се мошне едноставни. За составот на пратеничкиот дом одлучува населението на општи избори. Проблемот е сепак можеби во тоа какви се кандидационите постапки и дали има начин однапред да се диригира и на тој начин да биде подигната застапеноста на понежниот пол. Некои од рецептите се гледаат и видени се. Кај нас еве за неколку мандати не успеаја да фатат место. Можеби во иднина преку измена на Законот за политичките партии таквото нешто ќе може да биде апсолвирано.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека ова се повеќе сугестии упатени до Републичкиот судски совет во смисла на половата застапеност. Меѓутоа во прашање се квалитетите и знаењата и јас верувам дека од тоа се водел Републичкиот судски совет кога ги предлага овие кандидати.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и предлогот за разрешување на претседател на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

78 пратеници гласаа за, 5 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Сафет Хамзи е разрешен од функцијата претседател на Основниот суд во Тетово по негово барање.

Минуваме на точката 15 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Крива Паланка.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучува претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

76 пратеници гласаа за, 5 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судија на Основниот суд во Крива Паланка.

Минуваме на точката 16 - Предлог на одлука за огласување и именување јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам, да гласаме.

66 пратеници гласаа за, 9 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и именување јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово.

Минуваме на точката 17 - Предлог на одлука за огласување и именување заменици јавни обвинители во Основните јавни обвинителства во Куманово, Струмица, Штип, Ресен и Кочани.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

71 пратеник гласаа за, 10 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и именување заменици јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Куманово, Струмица, Штип, Ресен и Кочани.

Минуваме на точката 1 - Интерпелација за работата на Јавниот обвинител на Република Македонија г-дин Ставре Џиков.

Интерпелацијата ви е доставена.

Отворам претрес. Дали некој од подносителите на интерпелацијата сака да ја образложи.

(Со седницата продолжи да раководи Илјаз Халими, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, ова мало двоумење во редовите на пратеничката група на СДСМ апсолутно не е случајно и е резултат на по малку индиспонираноста, по малку фактот дека често пати повторуваните работи веќе станува досадно да ги повторуваме и можеби нај јак е фактот дека се работи за интерпелација која што со тек на времето станува делумно депласирана, заради тоа што за неа дискутира јавноста, за неа дискутираат медиумите, за неа одговараме на многу новинарски прашања, за неа коментираме дури и во овие пратенички редови и чекаме месец, месец и половина, еве речиси два месеца таа да дојде на дневен ред. За несреќа на оние кои што одлучуваат ваквата долга процедура да ја злоупотребат и да ја искористат за да ја депласираат ваквата иницијатива на опозиционата партија СДСМ, факт е дека сите овие работи кои што се еднаш напишани и што е најважно кои што се еднаш сторени, или не сторени, остануваат факти и како такви тежат и на сегашната владеачка коалиција, тежат и на сегашната Влада, тежат пред се на парламентарното мнозинство, кое што ја започна грешката, грешка за која што детектиравме како опозиција дека ќе резултира со вакви активности уште на самиот нејзин почеток. Имено, ќе се потсетите на седницата на Собранието на која што дискутиравме за начинот на кој што беше донесена Одлуката да се избере г-динот Ставре Џиков за јавен обвинител на Република Македонија, ќе се потсетите дека тогашната и сегашна опозиција тврдеше дека таква процедура, таква логика при изборот номинирањето на личноста ќе резултира само во целосна партизација на оваа институција, ќе резултира во тоа што ќе добиеме јавен обвинител, кој што едноставно нема да ги има потребните инструменти, нема да ги има потребните аргументи, нема да ја има потребната вештина и маневарски и работен простор за да ја реализира функцијата, за која што треба да биде избран и функцијата која што треба да ја извршува. Во тој период единствените аргументации како и при многу други избори кои што ги добивавме од страна на другата страна на салата, беа дека, вие тоа само така го мислите, ние сепак ќе избереме квалитетен човек, човек кој што ќе успее да ја обавува функцијата согласно законите, човек кој што својата партиска определба, или својата партиска блискост ќе успее да ја стави не на втор, не на трет, туку на

последен план. За жал кратко беше времето во кое што г-динот јавен обвинител на Република Македонија ги демантираше ваквите очекувања, или можеби лажни очекувања на парламентарното мнозинство и покажа дека единствените аргументи, кои што ги почитува се аргументите на власта, единствените полуги кои што ги применува се полугите на власта, единствените советници, колеги од кои што прима сугестии со кои што се советува се оние кои што припаѓаат на оваа власт. И сега тука и интерпелацијата која што ви е поделена и која што ја имате и за која што релативно малку би сакала да зборувам заради тоа што се работи кои што сме ги дискутирале во неколку наврати ќе покаже дека позади оваа интерпелација стојат сериозни проблеми и позади оваа интерпелација стои навистина сериозен обид да се увиди, да се убеди парламентарното мнозинство дека некои работи едноставно не држат. Нема да зборувам за делот на настани кој што се случуваше во текот на изминатата година активностите на Јавното обвинителство, кои што по малку веќе сме ги подзаборавиле, меѓутоа на кои што од време на време ние како опозиција потсетуваме. Ќе започнам од она што мислам дека претставуваше врв во лошото работење на Јавното обвинителство за кое најголема вина, најголема одговорност се разбира носи првиот човек.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Имено, претседателските избори претставуваат преседан во демократската практика на Република Македонија, преседан од аспект не само на тоа како власта реши и одлучи да ги спроведе, не само поради фактот дека беа потрошени огромни износи за да се поддржи кандидатот и тоа огромни износи кои не беа дадени од спонзорите кои гледаме сега дека така издашно го спонзорираат ВМРО - ДПМНЕ, како што кажа вчера премиерот на македонската Влада, туку средства кои беа средства од Буџетот, средства на јавни претпријатија, средства кои се собрани од нашите даночни обврзници. Значи, сето тоа ако го тргнеме на страна и ако ги предвидиме сите тие минуси во претседателската кампања, начинот на кој беа злоупотребувани националните медиумски сервиси, останува она што останува, најголемото парче, фактот дека институциите кои што ги избравме во оваа држава да се грижат за спроведување на фер и демократски избори потклекнаа. Тука беше Државната изборна комисија, нејзиниот состав исто така го дискутиравме. Фактот дека беа избрани врз исти принципи и по исти критериуми како и господинот Џиков придонесе до тоа нивното функционирање да биде според истите линии и истите логики.

Претседателските избори и најавата за изборниот фалсификат започнаа со крадењето на 15.000 избирачки легитимации од подрачните единици во Министерството за правда во Гостивар и Тетово. Според зборовите уште тогаш на министерот за внатрешни работи процедурата во рамките на ова министерство била целосно завршена, според зборовите и изјавите од страна на Министерството за внатрешни работи, предметот бил документиран со релевантни докази и информации и бил предаден на обвинителството на натамошни надлежности и постапувања и тука запира постапката и тука започнува молкот. Започнува молкот на официјалните институции да го доведат процесот до крај. Она што ни се случуваше минатата година да се обвинуваат директори, да се обвинуваат личности со име и презиме и да се обвинуваат се до моментот кога треба да се покрене постапката и таа вина да се покаже или не на суд, тоа се случи и на дадениот пример. Официјалната процедура, процедурата во која што треба да се зборува за стореното дело практично не беше покрената од страна на Обвинителството, и покрај тоа што ќе повторам, според Министерството за внатрешни работи, сторителите на кражбата биле познати, истите биле од редот на вработени на Министерството за правда. Подрачната единица која брои само неколку луѓе и после тоа практично не добиваме никаква реакција, никаква информација, никаков потег од страна на Обвинителството. Дали молчењето на јавниот обвинител е исклучиво по партиски диктат или е резултат на таква лична политика на јавниот обвинител, навистина не би сакала да навлегувам. Меѓутоа, фактот дека не беа преземени дејствија кои се во директна надлежност на јавниот обвинител, покажува дека јавниот обвинител во случајов не бил на висината на својата задача. Меѓутоа, целиот овој скандал, целата оваа сторија наречена претседателски избори има неколку други епизоди.

Втората епизода беше на денот на изборите, на денот на повторување на изборниот круг, третиот изборен круг, каде учесниците во тепањето, во нападот, во теророт, во попречувањето на сите официјални лица од страна на СДСМ сеуште не се предадени на правдата. Вие се

сеќавате дека идентификациите постоеја и од страна на Министерството за внатрешни работи и повторно ова Министерство, предало, значи оформила предмет, кој што бил доставен до Јавното обвинителство. Овие насилници не само што беа посочени од страна на луѓето кои беа нападнати во дадените случаи, не само што беа посочени од луѓето кои живеат во средините за кои што зборувам, Велешта и Радолишта, туку станаа предмет за кој се заинтересира целата јавност и нивните имиња честопати беа присутни во јавните гласила. Меѓутоа, дури и тоа не беше доволна провокација ако ништо друго за јавното обвинителство да реши оваа процедура да ја води како треба.

Стои во итерпелацијата еден интересен податок дека овие личности кои ги земаа изборите во свои раце, како што ги земаа гласачките ливчиња во свои раце, кои што ги земаа гласачките кутии честопати во свои раце, нормално, во едната рака ги држеа нив, во другата рака ги држеа пиштолите, тие личности не само што не се гонети и казнети, за што вина носи јавниот обвинител, туку се наградени и според информации кои и се познати на јавноста се вработени во Царинската управа на Република Македонија, за што апсолутно не сноси вина јавниот обвинител, меѓутоа покажува на каков начин се спроведува тоа содејство, таа соработка, тоа пактирање на актуелната власт и она што би требало да биде самостојна институција, автономна, авторитетна во Република Македонија.

Дополнително третата фаза од целиот овој случај беше фактот дека дури и кога СДСМ, неговите овластени претставници покренаа кривични пријави во кои беа наведени информации за личностите кои учествувале во овој фалсификат, личностите кои учествувале во овие зло дела, единствениот одговор кој по извесно време го примивме од страна на Јавното обвинителство, дека овие кривични дела не се кривични дела кои се гонат по службена должност, што значи дека претседателските избори се прашања на приватна надлежност, дали тие ќе бидат фер и демократски се прашања на приватна грижа, дали кандидатите за претседател на Република Македонија ќе следат една демократска процедура е прашање што очигледно само нив треба да ги интересира, а јавното обвинителство ќе се јави само евентуално во улога на амнестирање или заборавање на сите оние работи кои што се случија.

Дополнителни информации ни беа пратени од Јавното обвинителство, онаму каде што не се сакаше да се прати овој одговор, стоеше дека лицето не живеело во сопствената општина и не било запишано во единствениот избирачки список за таа изборна единица. Јас можам да претпоставам дека препораката или пораката која ни ја праќа Јавното обвинителство и оваа власта, е за да има оваа опозиција фер и демократски избори, треба да има сопствена полиција, сопствено обезбедување, сопствени кривични органи, сопствени адвокати, значи целата процедура треба да ја водиме во некои приватни рамки и во тој случај на крајот на краиштата ќе успеваме да ги најдеме и лицата кои не биле запишани во Единствениот избирачки список и да ги доставуваме евентуално до јавното обвинителство, кое понатаму ќе одлучи според сопствена волја, интерес и желба дали да продолжи понатаму или не. Ќе се согласите дека ова не би требало да биде од интерес на некоја нормална држава, без оглед колку често сакаме да го релативизираме фактот, дека Македонија треба да биде нормално држава и дека Јавното обвинителство под никој од овие наводи, не може да се ослободи од одговорност. Тука од прилика, горе долу, завршуваат нај скандалозните моменти од аферата наречена претседателски избори и нај скандалозните моменти од манифестацијата на власт и манифестацијата на сила од страна на сите инструменти и сите полуги во актуелната власт.

Меѓутоа, она што беше можеби директен повод, она што беше можеби директна провокација да се поднесе интерпелација за работата на Јавниот обвинител на Република Македонија, господинот Ставре Џиков, беше настанот за кој што дискутираше и ова Собрание, настан кој можеби ќе го третираме и понатаму како почеток на немили настани, како почеток на практика од која сме требале да бегаме, настан кој што мислам дека терминот афера не го заслужува, заради тоа што навистина се работи за мега случај. Се работи за мега скандал од кој одговорноста од себе не може да ја симне ниту јавниот обвинител, меѓутоа, ниту други истанци во оваа држава, но за тоа можеби во некоја друга прилика.

Имено вие знаете дека во Македонија како бомба одекна фактот дека ослободувањето на еден обвинет човек, господинот Хасани, беше дел од трампата, во која вториот дел од приказната беше киднапирањето на четирите македонски војници, четирите војници на Македонската

армија. Настан кој што го пренесоа медиумите, настан за кој што баравме Собранието да дискутира. Баравме соодветното министерство и Владата да подготви информација, меѓутоа, настан кој во тој прв момент Владата апсолутно го отфрли како неточен, настан кој што Владата го отфрли како незначаен, настан кој што Владата го оцени како обичен маркетиншки трик на опозицијата. Имено, во тоа време, во таа прва прилика, дискутираме за таа тема, се сеќавате дека од претставниците на Владата ги добивавме следните информации: Нема никаква трампа, нема никаква уцена, ослободувањето на господинот Хасани не е во никаква врска со киднапирањето на четворицата војници и вие тука не можете да ја воспоставите таа врска и покрај тоа што временски се работеше речици за целосно поклопување. Понатаму, кога ја отворивме тезата односно кога ги обелоденивме информациите дека во Обвинителството на различни нивоа е вршен извонреден притисок за да се донесе одлуката за ослободување на обвинетиот Хасани, претставниците на Владата и претставниците на парламентарното мнозинство тоа повторно го отфрлија како неточна информација и обично да кажам бладање на опозицијата, бидејќи велеа дека обвинителството не е орган каде што таков притисок е можен.

Значи, заклучокот од сите тие дискусии беше дека опозицијата се исконструирала, дека Владата практично ништо не знаела и дека Владата всушност не учествувала во ваквиот срамен скандал. Меѓутоа, недела - две, можеби и повеќе по ваквите силни изјави кои навистина мене барем ми делуваа како веродостојни, бидејќи беа даден многу често од страна на највисоките инстанци, значи недела - две после така силните изјави во медиумите добивме допис и добивме лист хартија кој што никој не го демантираше, бидејќи таков лист постои кога имате такви аргументи, навистина е невозможно да ги демантирате, во кое што стоеше написмено дека обвинителството добило информации, во кои стои дека доколку не биде ослободен господинот Хасани, обвинетиот Хасани, во прашање ќе бидат доведени животите на четворицата војници. Јас не би сакала сега да ја отворам оваа тема за дискусија, за неа неколку пати зборувавме. Не е затворена, заради тоа што многу работи сеуште останаа нерасчистени, сеуште многу работи и премиерот вчера меѓутоа и многу други министри ги менуваат, ги омекнуваат, поставуваат хипотетички прашања, меѓутоа сето тоа тргнато на страна, фактот дека Обвинителството претрпело притисок, притисок кој што дошол од неговиот врв е преседан сам за себе и тој преседан спаѓа во одговорноста на личноста за која ја поднесуваме денешната интерпелација. Фактот дека сега таа одлука која што тогаш беше апсолутно демантирана  се обидува Владата да ја објасни, се обидуваат да најдат докази, начини, аргументации, да се прикаже дека тоа било единствениот начин така да се постапува, не може да ја оправда акцијата ниту на обвинителството ниту на јавниот обвинител и само покажува колку штетни можат да бидат последиците кога власта си го бира сопствениот јавен обвинител, кога власта притоа не ја почитува процедурата пропишана со закон кога ги разрешува претходниците, кога тоа разрешување го прави без соодветна аргументација кога во тоа разрешување не се чека дури ни законската рамка или законската форма и за сето тоа да изгледа ако ништо друго добро и т.н. Се сеќавам кога потпретседателот на Владата, мислам дека и тогаш беше потпретседател и сега е потпретседател, госпоѓата Доста Димовска ја предухитри одлуката и на ова Собрание и на комисиите и кога практично ни го обелодени новиот јавен обвинител. И сето тоа мина така речиси незабележано и сето тоа не предизвика проблем во оваа сала, и сето тоа овде пратениците го толкуваа едноставно како нормален начин на преземање на власта и загосподарување со територијата. Кога територијата ќе се завладее на таков начин кога господарите ќе се однесуваат така безобразно, резултатите ќе бидат такви какви што се. Може многу да се зборува за сите поединечни случаи, меѓутоа, јас би сакала да отвориме дискусија во која навистина членовите на парламентарното мнозинство, можеби ќе се обидат да ни објаснат дека ова не се тешки обвинувања. Ќе се обидат да ни објаснат дека ова не значи цела партизација и на оваа функција како што беше познато уште од самиот почеток, ќе се обидат да покажат дека во оваа држава може да функционира обвинителство кое ќе биде независно, кое ќе работи согласно со законите, а не согласно со потребите на коалицијата или на власта или на владеачката партија и т.н. Ако тоа ми го објасните ние навистина нема да имаме проблем со некое персонално решение кое се предлага или кое во дадениот случај веќе е избрано. Меѓутоа, се додека такви аргументи не слушнеме, се додека и во оваа сала постои сомнеж каков што мислам дека

и ние го чувствуваме и го гледаме дека ова не е начин на кој се водат работите во една држава, се дотогаш ние ќе се обидуваме со вакви интерпелации да пледираме на совеста на сите пратеници, без оглед дали припаѓаат на позицијата или опозицијата. Како што сме кажале неколку пати во досегашните интерпелации, можеби е сизиповска работа, можеби е работа која никогаш нема да ни донесе резултати. Меѓутоа е работа за која ние сме ја добиле одговорноста, работа за која ние сме ја добиле довербата на граѓаните, тоа е работа која и од нас, меѓутоа, потсетете се и од вас ја очекуваат граѓаните кои го дадоа својот глас.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Радмила Шеќеринска.

Има збор господинот пратеник Томислав Петровски.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, денес на дневен ред имаме точка интерпелација на Јавниот обвинител на Република Македонија господинот Ставре Џиков. Интерпелацијата е поднесена од пратеничката група на СДСМ односно од опозицијата.

Се поставува прашање дали оваа интерпелација се поведува за оценување на стручноста на Републичкиот јавен обвинител или се поведува како политички маркетинг на оваа пратеничка група. Ако е во прашање стручноста, поставувам прашање дали Парламентот е доволно стручен да ја оцени неговата стручност. Стручноста, законитоста во работата на Републичкиот јавен обвинител се контролира со Законот за кривична постапка. Согласно овој закон, на секој еден кој се смета за оштетен и поднел кривична пријава до обвинителот, а неговата пријава е отфрлена од страна на обвинителот оштетениот има право во рок од осум дека по приемот на решението за отфрлање на пријавата да поднесе супсидијарна кривична пријава.

За да се оцени начинот на работа на јавниот обвинител потребно е да се види колкав број супсидијарни тужби се поднесени од страна на оштетени и колкав е број на осудителни пресуди по овие супсидијарни тужби. Само со ваква проценка и ваков извештај, кој би се темелел на факти и бројки, би можеле да дискутираме за стручноста на јавниот обвинител.

Понатаму, сметам дека контролата во работењето на Јавното обвинителство постои согласно Законот за кривична постапка од причините кои претходно ги изнесов. Меѓутоа, се бара интерпелација на Републичкиот јавен обвинител од една единствена причина. Тој е поставен од новата коалициона власт. Само поради овој факт се бара неговата интерпелација, а не поради неговата нестручност во работењето. Би го поставил прашањето малку поинаку. Зошто не се бара контрола од работењето на судиите кои се избрани од претходната власт од страна на СДСМ. Би поставил прашање колку предмети овие судии имаат решено од времето кога се избрани до денес и колку предмети се потврдени од страна на повисоките судови. Исто така треба да се види колку жалби од страна на Јавното обвинителство се уважени од повисоките судови во однос на одлуките за казните. Се поставува прашањето зошто се преправаат одлуките за казните по уважени жалби на Јавното обвинителство и се покажуваат казните. Тука треба да се бара ефикасноста на судството во работењето на судиите, а не во работата на Јавното обвинителство, односно во работата на судиите кои се поставени од претходната власт од страна на СДСМ.

Да завршам, по мое мислење оваа интерпелација е беспредметна и јас ќе бидам против неа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Томислав Петровски.

Има збор господинот пратеник Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги, почитувани претставници односно претседател на Републичкиот судски совет, почитуван Републички јавен обвинител, претставници на извршната власт, секако дека Републичкиот јавен обвинител господинот Ставре Џиков е најповикан да даде одговор по точките од интерпелација. Јас овде користам прилика само да прокоментирам некои од наводите во интерпелацијата поднесена од СДСМ.

Тука најпрво би го спомнал случајот Бузлевски и неговата кафеанска тепачка за време на одржувањето на третиот круг на претседателските избори кога истиот во својство на лидер на некаква си паравоена или квази партиска формација предизвика тепачка во кафеаната во Велешта, при што наводно добил некакви телесни повреди. Но

независно од сите претпоставки и гласини, кога правосудните органи се нафатија со расчистување на случајот, истиот господин не прифати соработка во судската истражна постапка, игнорирајќи го судот на начин што не се јавува на поканите на судот и не доставува докази за наводно претрпените телесни повреди, како што се рендгенски снимки, лекарски уверенија и слично, што наведува на заклучок дека симулира кривично дело во функција на политизација на одреден настан за постигнување на политички ефект пред домашната јавност, а уште повеќе пред меѓународните институции што ги следат изборите.

Што се однесува до точката за случајот Џавид Хасани, улогата на Републичкиот јавен обвинител Ставре Џиков е апсолутно чиста и во рамките на Уставот и законот, не е во никаква корелација со другиот случај, на грабнувањето на четирите војници од страна на некаква бандитска организација од Косово. Тоа се два апсолутно независни кривично - правни настани, односно, случаи кои по игра на случајот временски се совпаѓаат.

Во првиот случај, односно случајот Хасани, се работи за пуштање на обвинето лице да се брани од слобода, во понатамошната судска постапка, со полагање на гаранција од тоа лице дека ќе учествува во натамошната кривична постапка. Тоа е направено по завршувањето на истражната постапка, што формално - правно се завршува со подигање на обвинителен акт од надлежниот Јавен обвинител, што во случајот и е сторено. Тоа значи дека скандалозно ќе беше ако Хасани беше ослободен во текот на истрагата, па макар и со гаранција. Вака по завршувањето на истрагата, случајот формално - правно е чист.

Што се однесува до писмото што го споменува опозицијата и кое беше објавено во јавноста, можам да кажам дека тоа писмо апсолутно е надвор од формално - правната документација, во конкретниот кривично - правен случај - Хасани. Имено, во комуникацијата и преписката помеѓу јавните обвинители, помеѓу јавните обвинители и другите правосудни органи, во функција на меѓусебно информирање, пожелно е да циркулираат писма што третираат актуелно кривично - правни настани до кои одреден јавен обвинител дошол до сознание, или директно, или како слушнат, односно допрен до него глас.

Во случајот се работи за комуникација помеѓу Основниот јавен обвинител и Претседателот на Основниот суд Скопје II - Скопје. На тој начин тезата на опозицијата за поврзаноста на овие два случаи, отпаѓа, бидејќи во правото не егзистираат тези, туку постојат само факти и аргументи.

Наводите во интерпелацијата дека Републичкиот јавен обвинител Ставре Џиков, во вршењето на функцијата настапувал како владин човек, бидејќи молчел по наводните афери и скандали предизвикани од актуелната власт, исто така не држат. Јас тука би кажал дека актуелната власт не продуцира никакви афери, односно скандали, што според систематизацијата на кривичните дела би влегле во групата на кривични дела под наслов - злоупотреба на службената положба и овластување, а извор на ваквите афери во најголем број случаи се јавните медиуми контролирани од опозицијата. Тука би го искористил моментот да се осврнам на работењето на Републичкото јавно обвинителство во периодот 1997-1998 година, токму по однос на ова кривично дело.

За кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување, Јавните обвинителства во РМ во 1997 година примиле кривични пријави против 341 лице, а во 1998 година против 282 лица. Но, од поднесените во 1997 година отфрлени се 225, а во 1998 год. 202, што претставува 86% од поднесените кривични пријави и на имплицитен и експлицитен начин ја отсликуваат работата и односот на тогашното Републичко јавно обвинителство, кон тогашната актуелна власт и нејзините функционери и службеници, ако се има предвид системот на субординации и хиерархија во Јавното обвинителство.

Тоа говори кога и од кои е создаден и катализиран финансискиот криминал во РМ. Само ќе спомнам дека во тој период министер за внатрешни работи беше г-дин Тихомир Чокрески, министер за правда г-дин Ѓорѓи Спасов, а Републички јавен обвинител Стеван Павлески.

Еклатантни примери за инволвираност на одредени тогашни претставници на власта во кривично - правни настани и несоодветна реакција на Републичкото јавно обвинителство раководени од тогашниот Републички јавен обвинител, односно не функционалност, пасивност и не ажурност се случаите "Хард-Рок", Дискотеката "Силекс", овде имаме и смртен случај, украдените 28кгр. хероин од просториите на МВР. Тука би го спомнал и атентатот на бившиот претседател г-дин

Киро Глигоров, со сите енигми што тој настан ги крие во себе.

Последниот мој коментар го ставам во функција на тезата од интерпелацијата дека Јавното обвинителство е директно вклучено во полицијата и криминализацијата на македонското општество, пред се со својата неефикасност во откривањето и сузбивањето на негативните појави во општеството и често пати со нивно свесно толерирање. Имено, претходно посочените примери јасно укажуваат на кого се однесува тезата од интерпелацијата.

На крајот би кажал дека досегашното работење на Републичкиот јавен обвинител Ставре Џиков, покрај стручноста и компетентноста, покажува транспарентност и желба за перманентна комуникација со Законодавниот дом и другите компетентни државни институции, како и желба за соработка со тие органи и претставници на Јавните обвинителства од соседните држави, што е за поздрав и во крајна линија во функција на успешно сузбивање на криминалот од секаков вид во земјата и во странство, и во регионот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Чедомир Кралевски.

За реплика се јави пратеникот Благоја Ханџиски.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги, господине потпретседателе.

Јас го почитувам правото на секој пратеник да си го искаже своето мислење, во врска со се она што е на дневниот ред. Многу често во тие искази употребуваме средства, користејќи ја максимата дека целта ги оправдува средствата и мислам дека во интерес на вистината, во интерес на обврските што ги имаме, кога во овој Парламент ќе се изнесат некои ноторни невистини, независно од тоа дали станува збор за пратеник од позиција или опозиција, ниту треба да останеме рамнодушни, ниту треба да не реагираме.

Ако колегата Кралевски кој што седи во првиот ред, од каде што говорницата е толку видлива и од каде што во месеците или во првите денови и недели, после претседателските избори можеше повеќе пати да го види колегата Бузлевски на таа говорница со скршена рака ставена во гипс и ако притоа може сега на говорницата да изјави дека колегата Бузлевски наводно добил некакви повреди итн., а сето тоа толку пати имал прилика во реалноста да го види пред себе, тогаш не можеме да прифатиме, во овој случај дека повторно средствата ги оправдуваат целите и дека треба да види во извештајот од МВР дали колегата Бузлевски бил во функција на тоа место, на некаков шеф на паравоени структури на СДСМ или бил во својство на овластено лице и дали колегата Бузлевски ја предизвикал тепачката, или тепачката точно се знае кој ја предизвикал и со кои цели. Според тоа, не можам да останам рамнодушен да не реагирам на ноторните невистини што беа изнесени во дискусијата на колегата Кралевски кој смета дека, еве и со користењето на вакви средства се оправдува целта што сакаше да ја постигне со таа дискусија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Благоја Ханџиски.

За реплика се јавува г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Денеска воопшто немав ни намера да се јавам за дискусија по оваа точка, но со оглед на тоа што во овој Парламент, во оваа зграда, на нај подол начин се подрива функцијата пратеник, со употреба на без крупологни лаги кои што ги искажа дотичниот пратеник, кој што, за жал, јас во целост не ги слушнав, се прашувам дали има смисла од оваа говорница да говориме за суштински работи кои се од интерес на РМ и да придонесеме да се остварат резултати кои се во интерес на граѓаните кои не избрале.

Господине Чедо Кралевски, лажете, лажете, грубо лажете пред македонската јавност и со тоа мислам дека треба да се засрамите, ако имате и малку понос како човек, кој што, за жал, е од таа сфера, кој што е правник. Не дотолку што вие лажете, дотолку е што вашиот ментор - советник се смее на тие лаги. Тоа е господинот потпретседател. Значи, смешни се тие работи.

Во оваа држава ако има некој кој што е повикан да ги почитува институциите на системот, првенството тоа треба да бидеме ние овде. Не само да ги почитува, туку и треба да биде ревносен спрема тие институции. Тоа значи и спрема овој Парламент. Но, вие мора тоа да го правите, затоа што не сте своја личност, туку така ви е кажано тоа да го правите. Впрочем тоа го слушнав јас и повеќе пати од устата на вашиот премиер, околу збиднувањата во третиот круг на изборите во струшкиот регион.

Господине Чедо Кралевски да му кажете и вашиот премиер дека таа случка не се случи во Велешта и дека јас во Велешта во животот немам стапнато. Еве, министерот е тука, мој пријател може да провери таму, дали е така или не е така. Таа случка се случи во Лабуништа, што е различно од Велешта. Таа случка се случи не во 1 часот по полноќ, туку некаде напладне и таа случка се случи во чајџилница каде што не се точи алкохол. Знаете вие имаат тие обичаи. Таа случка се случи за време на одвивање на изборниот пред повторен круг. Имате органи кои што истражуваат и кои што знаат кој ја предизвикал, со која димензија и со кој последици.

Веднаш да ви кажам, мене не ме болеа раните, не ме болеше ни тоа што имав повеќе рани. Ме болеше што ми се случи мене на територија на Македонија, тоа и тоа од вас режирано. Значи ме болеше душата. Тоа е поголемата болка. Инаку, дали ми била рака скршена или заби скршени, тоа воопшто не е битно. Меѓутоа, да е душа скршена и врз така скршена душа на таква случка, овој господин пратеник овде кажува приказни пред македонската јавност тоа не личи. Која е таа совест, кој е тој морал. Да се засрамите.

Не сум се јавувал на покани во истражна постапка? Па знаете вие дека се враќа покана, се одговара на покана. Обвинителот е тука, знае дали сум се јавил или не сум се јавил. Што има вие да истражувате дали јас сум се јавил или не сум се јавил и кој сте вие да кажувате дали тоа сум го направил или не сум го направил, кога јас сум инволвиран во таа случка како личност, а не вие и дали сум дал извештај од специјалист или не сум дал. Сум дал, ми е запишано и од која институција и каков извештај. И што ќе кажете на тоа вие.

Мене ми е многу жал што по повод оваа точка од дневниот ред се покренува ова прашање, за кое што јас не сакав никогаш да стане збор во овој Парламент, ама баш никогаш, не затоа што мене ми се случило, туку затоа што тоа се случило во Македонија, овде, на оваа територија, од граѓанин на Македонија, во присуство на официјални органи таму, кои беа, за жал, само неми набљудувачи на оваа глетка, бидејќи не можеа инаку да постапат, бидејќи крајниот крај за нив ќе беше ист како и мојот. Токму затоа не сакав никогаш да се проговори за таа тема и со тешка мака и сега говорам за таа тема, а вие си земате за право од една таква трагична ситуација во Македонија и би рекол трагична ситуација за Македонија, вие овде да импровизирате, конструирате, на штета на еден граѓанин, кој еве случајно е пратеник. Не личи тоа. Каде води тоа. Каде вие ја водите таквата активност, бидејќи кажано беше и во една друга прилика овде од ценетиот потпретседател, тоа било паравојска.

Па ве молам зарем комплетно претседателство на една општинска организација предводено од претседателот на општинската организација е паравојска. Погледнете има официјални органи, 17 членови на Претседателство, на возраст до 60 години, највозрасниот од нив. Паравојска е нешто друго. Вие знаете што е паравојска, многу добро знаете. И во оваа прилика јас мислам дека е доблесно да му се извините и на тој човек кој изгуби 17 заби таму, кој што е на 46 годишна возраст и кој што е лекар специјалист - педијатар.

Ако во политиката се оди до таа мера да се срози се што е човечко, тогаш не е далеку денот кој ќе ги срози тие што се обидуваат да го срозат тоа. Мислам дека најдобро би било во оваа ситуација, заради сите субјекти кои на некој начин беа повредени во таа случка, да излезете г-дине Чедо Кралевски овде и да им се извините ним, ако имате барем нешто човечко во себе.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Димитар Бузлевски.

Ќе ве замолам, сите ние знаеме деловнички репликите траат 5 минути.

Сега г-динот пратеник Бузлевски тоа малку го пречекори тоа право, во иднина пратениците да внимаваат, во рамките на 5-те минути репликите да ги искажат.

За реплика се јавува г-динот пратеник Чедомир Кралевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас немав намера да чепкам по чувствата на г-динот Бузлевски, немав намера тоа да го правам од причина што немам лично против тој човек баш ништо. Јас него го третирам овде не како личност Димитар Бузлевски, туку го третирам како човек припадник на одредена политичка партија во функција на одредени задачи на политичката партија што ги имал во време на одржувањето на третиот круг претседателски избори. Тоа како прво.

Второ, г-динот Бузлевски, бидејќи не слушнал што сум кажал, ќе повторам бидејќи ми е запишана дискусијата.

Независно од сите претпоставки и гласини кога правосудните органи се нафатија со расчистување на случајот истиот г-дин не прифати соработка во судската истражна постапка, игнорирајќи го судот на начин што не се јавува на поканите од судот и не доставува докази за наводно претрпените телесни повреди, како што се ренгенски снимки, лекарски уверенија и сл.

Ова се објективни моменти кои секој од нас пратениците имаат право да ги дознаат на било кој начин ако побараат таква информација од надлежните органи така и мојата постапка е во таа функција, во тој правец. Ова се објективни показатели како се однесувал г-динот Димитар Бузлевски по претрпените повреди.

Тоа е втора работа.

Трета работа, г-дине Бузлевски незнам за какво не долично или долично однесување зборувате вие на оваа говорница, кога враќајќи се од говорницата изуствивте такви псовки што не му доликуваат на една личност која само пред две секунди покажуваше некаков висок морал. Ви благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам г-дине Краљевски.

Господинот Стојановски потпретседателот, има реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе бидам слободен она што говореше дека сум бил нечиј ментор или така сум го нарекол, само ќе го потсетам г-динот Бузлевски дека еден од актерите кој објави дека вториот повторен круг на претседателските избори СДСМ ќе ги обезбеди со илјада луѓе. Одеднаш таму се јави еден бригаден генерал г-дин Димитар Бузлевски. Но, една работа имаше многу лоша војска. Ако отишол да се тепа таму и да прави скандали војската му откажала послушност и генералот паднал. Во сите случаи генералот се штити. Јас незнам какво достоинство бара г-динот Бузлевски. Ги читаме документите г-динот Бузлевски говори дека бил повреден. Не велам дека не е. Но, тој треба да не увери зошто е. Ако се говори за оние дела, за насилство и учество во тепачка каде има квалификација каква повреда е нанесена дали е лесна или тешка телесна повреда господинот Бузлевски како повреден, оштетен мора да соработува со истражниот судија.

Прво, при поднесувањето на кривичната пријава да поднесе доказ дека има телесна повреда и која е таа телесна повреда, за да не го доведе обвинителот односно истражниот судија да носи погрешно решенија за отворање на истрага.

Ако г-динот Бузлевски како економист не ги знае квалитативните елементи за постоење или не постоење на кривично дело тоа не го оправдува одговорноста и од обврската. Г-динот Бузлевски доаѓаше со гипс овде. Зошто со тој гипс не отиде, па да даде изјава, исказ пред истражниот судија и да му понуди снимка која ќе може да се провери веднаш по вршеното снимање и фактор каква му е раката односно повредата. Дали г-динот Бузлевски сака да дојде, да се потполни повредата со калауз и да не се знае од кога потекнува повредата, јас ова го анализирам по фактите што медицината го докажува во кривичната постапка. Значи, дека Бузлевски бил учесник, тој сам кажува, и сега тој си пропишува форма кој е, дали е активен учесник да ја предизвикал тепачката или учествувал како не предизвикувач, туку како нападнат. Тоа се докажува овде говориме за одговорност на јавен обвинител, а г-динот Бузлевски како оштетен не носи доказ каква повреда има.

Уште една работа и да запамети ова е мој совет спрема него дали ќе го прифати или не, во правото постои лажно пријавување, веројатно сега г-динот Бузлевски исплашен од овој факт да не го подврѓнат на ново снимање, да не излезе некоја стара повреда која постоела, да не постои нешто ново, го нема доказот - лекарско уверение и снимката, веројатно овде сега ќе биде навреден, се чуди дека во оваа држава бил нападнат. Па, тој овде живее, контактите меѓу луѓето се на оваа територија, ако отиде во Германија ќе има контакти со Германците и други, ќе одговара по закон на Германија. Нема зошто да се чуди, тој е жив субјект и ќе се однесува спрема начинот како се однесуваат и другите спрема оваа држава.

Г-да, јас се извинувам што си зедов вакво право, немаше да зборувам ако Бузлевски не ме повика. Говорам отворено и јасно во извештајот што го добивме од судот стои дека г-динот Бузлевски не се пријавувал на поканите, не одел, му биле праќани писма, тоа ни го кажа да дојде и да ги донесе тие документи. Сега, што му е намерата, да изигрува повреден овде да не кажам што, ако мисли така, нека му е на чест, јас нема ниту да го псујам, ниту да го навредувам, го почитувам како човек, меѓутоа, играјќи политичка игра се става пиун во таа игра, а тие играчи се многу лоши играчи. Еднаш може да му се случи во

таква игра да навреди некој друг и да стане поголема работа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот Стојановски.

Реплика за бара г-динот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Г-дин потпретседателе, и г-дин потпретседателе, почитувани колеги. Без да ме советува советникот Стојановски за правната постапка јас овде искажувам дека на писмена покана од истражниот суд во Општинскиот суд во Струга, сум се јавил на време и дека сум дал искази кои од мене се барале онакви какви што сум сметал дека треба да дадам. Притоа, приложена е документација во вид на извештај од специјалист за видот на повредите и преземените медицински дејанија, за ублажување на повредите.

Овде уште еднаш изјавувам и тоа секогаш ќе го правам, мене воопшто не ме заболеа повредите. Сметајте еве и да не сум имал повреда, исто како да немав повреда, а таа не била стара повреда г-дине Стојановски, мене тој ден ме здоболе душата оваа што ја имам во себе и заради тоа јас ги повикувам моите колеги пратеници околу настанот во Лабуништа да не се дискутира повеќе, затоа што тоа е трагичен ден за Македонија и не дај боже таков ден во Македонија да се повтори.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Димитар Бузлевски.

Јас мислам веќе да прекинеме со репликите.

Господине Котевски вие не бевте спомнат, јавете се за дискусија ќе дојдете на ред.

Прво, има збор, г-динот потпретседател Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во интерес на вистината г-динот Бузлевски кажа многу јака работа. Дава медицински извештај. Господа, знаете ли што? Пред Судот се дава наод и мислење, а наодот и мислењето имаат поткрепа, медицинските извештаи се само основа за постоење на наводна повреда. Во овој случај истражниот судија го барал повеќепати. За тоа е и проблемот што некој мисли дека е многу умен и разумен, па сега ќе си игра со нас. Душата што на г-динот Бузлевски му била повредена тоа е негово право, зошто не поднел кривична пријава за навреда. Зошто дозволил неговата политичка партија да стави интерпелација спрема јавниот обвинител за кривично дело во кое тој учествувал заправо кривично правен настан. Во кривично правниот настан има активни и пасивни, одговорни и неодговорни, додека тоа не се потврди со пресуда, нема никој прав во таа постапка. Г-динот Бузлевски мора да го сфати ова, тој е учесник во тепачка што е негова среќа да не кажам несреќа, учествува на страната на оштетен и му се дава еден форд да не докажува своја невиност меѓутоа, да ја докаже вината на другиот ќе мора да има докази покрај неговиот исказ и други кои се таму. За душата, политичкиот дел што не успеал да направи скандал како генерал, тоа е негов проблем.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да му дадеме збор на г-динот Ѓорѓи Котевски за реплика.

Ќе ве замолам да бидете што пократки, извини во интерес на времето.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, се приклучувам кон вашиот апел за пократко и најкратко. Денеска не сакав да излезам на оваа говорница во врска со оваа интерпелација, меѓутоа, исто како и другите говорници, бидејќи бев побуден од овие изјави како човек, сакам да кажам дека овде не треба да правиме натпревар кој повеќе ќе биде тепан во оваа Македонија ВМРО-овците или СДСМ-овците. Овде така испадна. Ако сакаме да се вратиме наназад да видиме кој колку беше тепан, навистина ВМРО-ДПМНЕ и членовите на ВМРО-ДПМНЕ се најмногу тепани за овие 10 години. Ако така ги поставуваме работите може би г-динот Бузлевски е сосема во право мора да се чува дигнитетот на пратеникот, ние сме избрани лица и навистина така сите органи на државата треба да се однесуваат кон избраните лица во државата. Тоа зрачи не само внатре во јавноста, туку и надвор за сите други држави и институции, тука потполно го оправдувам г-динот Бузлевски, меѓутоа, Бузлевски можеби бил тепан од некоја друга националност или етничка група. Ајде да ве прашам почитувани пратеници посебно вас од левата страна, од кого беше тепан г-динот Црномаров по атентатот на Киро Глигоров? Не само тепан, човекот го изгуби видот од тепање. Кај беше тогаш вашиот јавен правобранител, јавен обвинител и вашите институции на системот да реагираат дека во Република Македонија се прави терор над луѓето без никакви докази, без никакви релевантни укажувања, за тоа. Каде се доказите што се случи со РЕК Битола кога голем број на луѓе

беа малтретирани и ние како пратеници бевме повикани од тогашното МВР за да ни кажат какви снимки, какви потези се прават се со цел да се до откријат тие личности што го направија срушувањето на косиот мост и за жал до ден денеска тепаните останаа тепани, вашите институции на системот си делуваа така како што си делуваа и сега на кого треба ние да се жалиме? Кои се тие институции кои треба да ги поттикнуваме да си ја работат законски својата работа.

Сакам да извршам едно наравоучение од сето ова што претходно беше изнесено. Бидејќи немав намера да зборувам околу интерпелацијата, ние како пратеници, како власт во еден или друг случај ќе се најдеме во позиција некого да тепаме, да си землеме некоја своеволност. Меѓутоа, докрај тие институции треба да ги воведеме во тој ред и законите за да ги спроведуваат до крај и никој во оваа држава да не биде тепан од било кој аспект. Наравоучението е тоа и тоа власта е слатка, меѓутоа, власта докрај треба да се почитува и да се контролира за да не дојдеме во случај еднаш ние да ве тепаме другиот пат вие да не тепате нас. Токму функцијата за која денеска вие сакате многу убаво да зборувате, функцијата треба до крај да се исполнува врз основа на законите, врз основа на она што го има како ингеренции, тоа е целата филозофија на оваа работа и не смееме до крај да одиме во овие крајности да укажуваме на цели судски процеси ако сакате такви да редите ние имаме многу бројни не само РЕК, не само Битола, не само село Карамани, не само Куклиш, Радовиш, каде институциите на системот затаиле по било која основа. Затоа, треба да бидеме докрај издржани на таа опција строго функционирање на сите институции, на сите носители на власта во рамките на законот, за да не може ниту еден човек во државата да биде повреден без било каква основа.

Тоа беше мојот апел и како пратеници да можеме и во иднина и други избрани лица да бидат заштитени на сосема завидно ниво, без да правиме било какви претстави. Тоа беше моето укажување. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Ѓорѓи Котевски.

Има збор г-динот пратеник Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, за жал дискусиите почнаа по обратен терк. Почитувани пратеници интерпелацијата за работата на јавниот обвинител на Република Македонија г-динот Ставре Џиков, мислам дека е продолжување на политичката пресметка што ја води СДСМ спрема институциите на државата, како спрема Претседателот на државата, премиерот, јавниот обвинител, не водејќи сметка за девалвирање на сите овие институции.

Мислам дека интерпелацијата е без предметна и не прифатлива, бидејќи се базира на тези, а не на правни аргументи. Тоа е познатиот стил на СДСМ за политизирање на секој случај како што беше и случајот на Џавид Хасани што беше инструментализиран до крајна мера за дневно политички интереси, како што беа обвинувањата дека обвинетиот нема да се појави на суд, дека е терорист и незнам што друго. Априори му се судеше на човекот и директно или индиректно СДСМ се мешаше во судската власт. Мислам дека ваквите обвинувања паднаа во вода за што обвинетиот сам се појави на суд, на три распити сам го подигна обвинителниот акт итн.

Што се однесува до јавниот обвинител, за прв пат во оваа десетгодишно плурално општество, јавниот обвинител на Република Македонија се појавува во јавноста. Неговата работа е транспарентна, поднесува извештај или информација за работата на јавното обвинителство на Република Македонија на Собранието, Владата, што не беше пракса и кај бившиот јавен обвинител г-динот Стеван Павлевски, кој неподнесување информација до Собранието, туку го информираше лично бившиот премиер можеби тајно.

Накратко да истакнам дека без оглед дали криминалот е стар или нов, криминалните дејствија треба до крај да се расветлат, а не како што беше во претходниот состав имаше некои случувања посебно тука во Скопје во дискотеката Хард Рок, што беа познати извршителите меѓутоа, случајот беше затворен, не расчистен. Ист е случајот во дискотеката на Силекс. Разбирам по некој случај како што беше атентатот врз претседателот Глигоров каде не се познати извршителите постапката да биде отворена и не завршена, меѓутоа, постапката да биде случајот да не биде расветлен кога се знаат извршителите, мислам дека не е во ред. Исто така и за новите случувања. Затоа мислам еднаш засекогаш треба да имаме јасен став дека сите криминални дејствија треба да се расветлат.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:** (Продолжение)

Посебно тука би го истакнал и случајот ТАТ. Тогашниот премиер на оваа говорница на 19 март 1997 година одржа спектакуларен говор, каде што сите не убеди дека ќе почне една бескомпромисна борба против криминалот, а посебно оној најспорниот организиран криминал. Пред целата јавност изјави дека во случајот на ТАТ постои организиран криминал, дека во ТАТ се инволвирани толку многу личности од разни државни институции. Значи, господинот тогашен премиер Бранко Црвенковски јавно призна дека знае дека многумина од тогашната власт беа инволвирани во ТАТ, но не ги кажа нивните имиња. А, мислам дека и тогашниот државен обвинител Стеван Павлески, не го повика господинот да ги каже кои се тие личности што го ограбија ТАТ. Бидејќи последиците од ТАТ, како што сите знаеме, не само што луѓето ги изгубија парите, туку дојде и до големи семејни трагедии, бесења, самоубиства итн.

За мене е интересно и интервјуто на господинот Владо Поповски во емисијата ТВ Орбис на 6 јуни о.г., каде што даде многу информации, што мислам дека се интересни за нас и за јавноста. Господинот Владо Поповски кажа за разговорот со бившиот премиер, со министерот за внатрешни работи, министерот за финансии и тогашниот јавен обвинител Стеван Павлески за евентуалното планираше на ТАТ, што се вршело надвор од активностите на Министерството за правда. Господинот Владо Поповски, исто така кажува дека е спремен и да сведочи на суд. Тука се спомнува дека бившиот премиер имал намера да ги објави списоците на сите оние што во ТАТ имаат над 100 илјади германски марки со повластени камати. Но, таков список пак не се појави. Или, кажувањето од министерот за внатрешни работи дека Соња Николовска, биле одземени торби, во кои имало злато во вредност од околу 700 илјади германски марки. Се прашувам каде е тоа злато сега. Исто така, изјавата на Владо Поповски дека бил очевидец на оние компјутерски списоци што ги видел кај премиерот или белите ноќи за тројцата министри во Владата на господинот Црвенковски, кои ја изгубиле бојата на лицето, не преспаните ноќи што директно биле инволвирани во ТАТ. И, многу други кажувања на господинот Владо Поповски.

Затоа, мислам дека и сегашниот јавен обвинител, треба да го повика господинот Поповски и да каже за сите овие случувања. Бидејќи ние ако дозволиме старите или новите криминални дејствија, ако ги заташкаме предметите, мислам секогаш ќе ни се повторуваат вакви непријатни и немили инциденти. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Фатмир Етеми.

Има збор господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, за жал, многу често дискусиите во овој Парламент наличуваат на една многу позната анегдота за пренасочување на вниманието. Тоа е онаа анегдота која кажува кога една американска делегација била во Москва и кога русите сакале да се пофалат со своето Метро, едноставно рекле дека во нивното Метро на секои 3 минути доаѓа по еден воз. Чекале 5 минути, не дошол возот, чекале 10 минути, не дошол повторно возот, чекале 15 минути и кога американците почнале русите да ги прашуваат, а добро, што е со ова ваше Метро, русите се свртеле и им рекле, а вие црнците што ги тепате, а вие црнците што ги тепате!

Мислам дека, всушност, овде денеска имаме точка на дневен ред, која што гласи Интерпелација за работата на јавниот обвинител на Република Македонија, господинот Ставре Џиков. Некој точката сакаше да ја претвори во тема, кој тоа тепа некого во Македонија, дали доволно се тепаме меѓусебе, како да се тепаме, или како да не се тепаме, а пак други точката ја претворија, всушност во судница во која што обвинител беше Димитар Бузлевски, затоа што бил тепан за време на изборите, а главните обвинители беа потпретседателот Стојановски и координаторот Чедомир Краљевски.

За жал, дозволете ми да се вратам на главната тема, која што гласи Интерпелација за работата на јавниот обвинител на Република Македонија, господинот Ставре Џиков. Лично сакам да кажам дека господинот Ставре Џиков многу го почитувам како личност. Тоа беше човекот кој што објави и објавува извонредни статии во весниците, за тоа како треба да функционира правната држава и колку е значајно да функционира правната држава. Тоа е човекот кој што има дадено бројни интервјуа, каде што кажува колку е важна функцијата на Републичкиот јавен обвинител и таа да се обавува непристрасно, политички непристрасно и да

не биде во функција, практично инструментализирана во функција на дневната политика. Тоа е човекот, кој што, меѓу другото, напиша статии доста за голготата на Македонците од Егејска Македонија и во поглед целиот негов тој опус лично, многу го почитувам.

Меѓутоа, денеска не разговараме за тој дел од неговиот опус. Разговараме за она што тој треба да го извршува како Републички јавен обвинител, избран од страна на ова Собрание на Република Македонија. Сметам дека лично нему му беше нанесена штета, со тоа што Владата го соопшти неговото име како свој кандидат за таа функција уште пред да биде распишан конкурсот за Републички јавен обвинител на Република Македонија и тогаш, тоа го нагласив, дека однапред на некој начин му се прави штета што се прогласува како кандидат на владеачката партија. Меѓутоа, она што понатаму се случи, мислам дека не му служи на чест на господинот Ставре Џиков, на сето негово правничко знаење и искуство, на сето она што тој го има во јавноста проповедено како морал и кодекс до кој што треба да се придржува Републичкиот јавен обвинител. По наше убедување на пратеничката група на СДСМ, господинот Ставре Џиков си дозволи во овој период од обавувањето на неговата функција да биде целосно политички инструментализиран во интерес на една единствена партија во Македонија или во интерес на владеачката коалиција.

Дозволете ми, тоа да го илустрирам со неколку примери.

Прво, во Македонија се случи фалсификат на изборите. Врховниот суд на Македонија донесе одлука за поништување на изборите во првиот изборен круг од 230 избирачки места, или беа поништени изборите на 130 илјади избирачи. Тогаш, кога Врховниот суд на Македонија се соочи со обвинувањата на оние што денеска велат дека СДСМ, всушност, врши напад врз институциите и ги девалвира институциите, го обвинија тој Врховен суд како шовинистички и дека ја дели правдата од аспект на неговите шовинистички сознанија итн., затоа што биле претежно поништени изборите во средините со доминантно албанско население. Тој даде едно многу јасно образложение. Се поништуваат изборите, затоа што се утврди дека на тие избирачки места, наводно, не гласале многу поголем број на граѓани од бројот на поделените избирачки легитимации. Обичната споредба на бројот на поделените избирачки легитимации, без кои што не можеше да се гласа, и бројните примери на кои што укажа СДСМ, покажа дека всушност некаде дури процентот на оние кои што наводно гласале во тие избирачки места се движеше некаде до 112%, а во сите проценти каде што беа над 95% од гласачите, се покажа дека најмалку 15% од избирачките легитимации останаа неподелени во подрачните единици на Тетово и на Гостивар. Тогаш, покрај сите приговори што ги поднесе СДСМ, лично сметав дека, ако се случи врз основа на службена должност ва Републичкиот јавен обвинител покрене, навистина, обвинение за ваквиот груб фалсификат на изборите во првиот изборен круг и ако се случи да макар еден единствен претседател или член на било кој од тие избирачки одбори, биде осуден како што предвидува Законот за избор на пратеници од три месеци до една година затвор, дека ние, всушност, ќе покажеме дека тоа нема да ни се случи на следните избори. Затоа што, сум убеден дека ниту еден член, ниту претседател на избирачкиот одбор не е спремен да жртвува да оди во затвор, заради интересите на некој кој што така го натерале или кои што се обиделе да го корумпираат така да прави. Тоа беше првиот чекор каде што мораше да се спречи такво нешто да не се повтори. За жал, не само што тоа не се случи, туку меѓу првиот и вториот изборен круг просто беше извршен упад и беа откраднати 15-те илјади избирачки легитимации, што беше сосема јавен знак, јавен сигнал дека во вториот круг ќе се повтори истиот степен на фалсификување на изборите, со тоа што клучниот доказ за докажување на неподелени избирачки легитимации, нема веќе да постои. Се очекуваше дека генералниот обвинител, кој што во тоа време, барем беа соопштени информации од страна на МВР, дека се познати сторителите и дека се тоа сторители кои што работеле во подрачните единици на Министерството за правда во Тетово и Гостивар, дека ќе покрене обвинение, дека ќе ја поведе истрагата, дека ќе добиеме некакви резултати да се обескуражат оние, кои што сметаат дека можат да ги поништат трагите од извршувањето на претходно кривично дело, или кои што ќе подготват терен за правење на ново кривично дело. За жал, тоа и до денес не се случи и таквите луѓе се охрабрија, таквата пракса да ја продолжат до кога што сакаат. Во вториот изборен круг се повтори целокупната изборна фарса и тогаш бевме соочени практично со насилство на избирачките места. Меѓутоа, како што можевме да слушнеме од денешната расправа, некој

сето тоа го оквалификува како ништо опасно, ништо страшно, ништо невидено, нешто сосема нормално и јавниот обвинител просто, кој што многу љубезно ги примаше сите наши пријави, кои што таму ги носевме и ни праќаше поздрави, меѓу другото ништо не направи на тој план.

Таквите постапки, таквото нефункционирање на правната држава, во кое што несомнено не е само виновен Републичкиот јавен обвинител, меѓутоа, тој носи голема вина за целата таа работа, доведуваат до свеста дека во Македонија и понатаму, под заштита на власта, под заштита на органите на судството дека ќе можат да се прават фалсификати во било кое време и дека никој никогаш за тоа нема да одговара во Македонија. Тоа е најопасната последица од ова што ни се случува. А дека тоа ќе се случува е доказ и она што се случи минатата недела во Штип. Локалното раководство, кое што е од Партијата ВМРО-ДПМНЕ, распиша референдум за пренаменување на средствата од локалниот самопридонес, при што е гласано без изборни комисии, е гласано без изборни избирачки легитимации, излегле на гласачките места, според нашите сознанија, само 1900 граѓани на цел Штип, а прогласено е дека гласале над 20 илјади граѓани и дека изборниот референдум е целосно успешен.

Јас само ви кажувам дека со помош на ваква заштита на оние кои што се спремни да ги фалсификуваат изборите, референдумите итн., на Македонија во Македонија никогаш нема да постои демократија, ниту пак ќе постојат легално избрани власти, заради што со самиот чин на изборот се доведува во прашање нивната легалност, а и нивната легитимност, односно нивниот авторитет за обавување на функциите на кои што тие се избрани. Меѓутоа, просечен пример, за кој што вистина сметам дека човек би можел и лично, заради совест да си поднесе оставка на оваа функција е сепак случајот Асани. Јас очекував дека по објавувањена сите документи во печатот, иако таа расправа не ни е завршена во Собранието, дека ќе има доблест да се признае дека тие два случаи, сепак биле поврзани. Најдиректното укажување е објавеното писмо, во кое што обвинителот на град Скопје едноставно пишува дека Асани треба да се прифати емсото за Асани, затоа што тоа е уценето со можните последици животот на четворица млади луѓе. Нема никаков поинаков доказ од тоа дека тие две работи биле поврзани. Тоа значи дека некој некого киднапирал со цел да го спасува Асани. Не е возможно тој Асани да не знае или пак да не биде покренато обвинение против него за учество во организирање на процес на киднапирање, во кој тој е човекот кој што е ослободен со помош на киднапирањето. Не е возможно во една држава да не биде покрената дури ни постапка против наводно непознати сторители, кои што го сториле тоа дело киднапирање, со цел да изнудат една таква работа. Навистина, не е возможно еден чесен Републички јавен обвинител, кој што се залага да функционира правната држава, да не излезе во јавноста и да каже дека на тој и тој ден во толку и толку часот ми се јави премиерот Ѓоргиевски или претседателот на државата и ми рекоа дека е киднапирана нашата патрола. На нив тоа им го јавил некој друг господин итн. и заради тоа и тоа е направено. Ние, на тој начин влијаевме врз судската одлука, односно политичката извршна власт влијаеше врз одлуката на судот. Сегашните приказни за тоа одново дека тие дела не биле никако поврзани, дека едното било исклучително во надлежност на Републичкото јавно обвинителство, а другото во надлежност на власта, вистина стануваат разговор на глуви, односно свесно извитоперување на фактите, кои што се познати на целата македонска јавност. Сетете се само тогаш кога го отворивме тоа прашање во овој Парламент, некои господа рекоа дека некои што намерно се обидуваа да го поврзат случајот на киднапирањето на војниците кај Блаце, со ослободувањето на Асани, тоа намерно го поврзуваат, за да шират некое албанофобство во Македонија. Повелете, господа расчистете го случајот. Републичкиот јавен обвинител мора да има барем толку доблест и совест, ако ништо повеќе, да и помогне на Македонија во расчистувањето на некакви такви спорови.

Од таму, јас верувам во тоа дека човек на кого што му е на срце функционирањето на правната држава, нема да дозволи во својот живот да биде вака на груб начин како досега политички инструментализира и со цел да ја спаси сопствената чест, мислам дека е најчесно да си поднесе оставка.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Спасов Ѓорѓи.

Има збор господинот пратеник Петров Чедомир.

**ЧЕДОМИР ПЕТРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници. Чувствувам за потребно да се јавам по однос на оваа точка на дневен ред и интерпелацијата за господинот Ставре Џиков, јавниот обвинител.

Најнапред да кажам дека оваа иницијатива за интерпелација на господинот Џиков нема да ја поддржам, меѓутоа сакам да укажам на неколку работи, односно на работата на господинот Џиков, во името како претседател на Анкетната комисија и во името на членовите на Анкетната комисија.

Помина подолго време од поднесувањето на материјалите по однос на двете министерства, тоа е Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана. Се разбира, разбирање имаме, поради вашата спреченост во одреден период да не бидете присутни на вашето работно место, меѓутоа, исто така, имаме разбирање дека како јавен обвинител републички и вашето обвинителство сте презафатени со работа, со оглед дека дојдовте по власта на СДСМ, каде што се правеа огромни зулуми и вие имате навистина работа. Меѓутоа, крајно е време да дадете приоритет во обработката на материјалите на јавната комисија.

Со обвинувањата за целосна, односно комплетна партизација на господинот Џиков со неговото ставање, со тоа не би можел да се согласам, зашто аргументацијата од еден дискутант од СДСМ што беше кажано, не можам да го прифатам, затоа што истото тоа обвинување на господинот Џиков, би можеле да речеме дека е наклонет кон СДСМ, со оглед дека во нашите предмети се обвинети, односно е искажано сомнение токму на носители на јавни функции од СДСМ во периодот од 1991 до 1998 година, кој што беше предмет на Анкетната комисија.

Значи, уште еднаш апелирам на господинот Џиков да дадат приоритет во обработката на материјалите на Анкетната комисија. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Петров Чедо.

И, последниот дискутант, верувам, во меѓувреме се јавија и други, господинот потпретседател Стојановски Томислав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, репликата по која се јавив не ми го одзема правото да можам да настапам околу поднесената интерпелација против мојот почитуван колега Ставре Џиков, со кој, не е фалба, туку е вистина што и на полето на стручноста за примена на правото се познаваме повеќе од 25 години, тој во својство на судија, јас во својство на адвокат. Меѓутоа, прв пат господин Ставре Џиков се јавува во улога на обвинувања, што значи ја сменил професијата, да не кажам така, меѓутоа, улогата во примената на правото.

Господинот Ставре Џиков со оваа интерпелација се оптужува или му се приговара за недостојност во вршењето на неговата функција, Републички јавен обвинител, па се дава некој краток историјат како бил избран и како од тогаш па наваму тој несовесно ја извршува функцијата и совет, да ја запази совесноста е да си поднесе оставка.

Сакам да се приклучам на оние тврдења во ова мое говорење.

Првиот приговор за неговата несовесност во работење, извршување на функцијата јавен обвинител се кажува и се спомнува кражба на околу 15.000 избирачки легитимации. Господо, кога ќе се употреби термин, "околу", тоа би било рамно да каже некој има околу 1.000 мртви или има околу 1. Ако е украдено нешто, се знае по број и по цифра. Тоа е прво.

Второ, што и од кого е украдено? Ако нешто недостасува, треба да се види каде недостасува. И, ако е украдено, каде е тоа што е украдено? Има, нема од него трагови? Се спомнува работа на Врховниот суд, дека утврдил ваква неправилност. Почитувани колеги, во еден мој говор говорев за разликата помеѓу напаѓање на судска одлука и работа на судиите. Овде, само сакам да направам една дистинкција во таа моја изјава што значи критика на судија и критика на одлука. Одлуката со која, односно одлуките со кои СДСМ во интерпелацијата и секој момент со големо задоволство кажува, се состои на докази, говорам сега Врховниот суд ги злоупотреби, бидејќи докази немаше.

Господо, ќе ви прочитам само еден од тие докази што се однесуваат за дел од изборите во Гостивар, за дел во изборите во Гази Баба и Арачиново. Од таму луѓето даваат некакви извештаи во кои стои - не се подигнати толку и толку легитимации. Не кажува кога тие легитимации биле таму доставени, за кои легитимации се говори? Некој ќе постави

прашање, за што говори овој човек? Се говори за избирачки легитимации. Меѓутоа, ние имаме четири пати издавано избирачки легитимации. Еднаш прв пат, па по барање, па по молба, па после и по сакање. Обично, ми треба легитимација, на чесен збор, дај ми, имаш таква легитимација. Не се говори кои неподигнати легитимации.

Сега, ако имаме неподигнати легитимации, тогаш кои се украдените? И што е најголема несреќа, тие легитимации ниту се кажуваат по број, ниту за кого се однесуваат, ниту како се однесуваат, кој е тој, дали се само по број добиени легитимации што треба да се издаваат на странки или се само легитимации подготвени за издавање, туку само вели недостасуваат, недоставени такви легитимации.

Таков еден доказ не смее ни мировен совет во едно село да го употреби, а не Врховен суд на Република Македонија. И сега, некој да се крие зад тие одлуки.

Жал ми е што морам да говорам за овие работи. Ако колегите судии, кои одлучувале мислат поинаку, оти сега ги напаѓам тука, готов сум во секој предмет и да бидат тие сите во цел состав, сите 5 совети што учествувале, да ги донесат и пред јавноста да ги кажат и еден од тие докази, господо, ние одлучивме, ги прогласивме за фалсификат изборите на основ на овој доказ. Тогаш ќе говорам и ќе ми е срам, тогаш ќе признам дека треба да му се извинам на господин Бузлевски, тогаш ќе говорам дека се каам што дојдов во ова Собрание, тогаш ќе кажам дека жалам што сум имал правна наобразба. Се ќе кажам жал ми е. Значи, сум отишол, сум залутал во таа сфера.

Меѓутоа, да стои зад тој документ, да не одам во прецизност, СДСМ вложува жалба на 24, добива телеграма за недостаток на тие документи на 26, а во жалбата од 24 говори за истите тие документи. Од каде доказ? Кој доказ? Тоа се прашања. Затоа ги повикувам судиите на нивна совесност да одговорат, да се прекине оваа фарса околу наводен фалсификат на избори, Да знаете, кажувам отворено, во секоја држава за секоја работа има почитување. Меѓутоа, има и одговорност. Судијата добива момент и мандат да применува право. Меѓутоа, има и едно многу интересно кривично дело, судијата одговара и ако го крши законот со намера некому да нанесе штета. Ако е тоа така пропишано во Кривичниот закон, зошто ние да се срамиме да говориме сега за таква одговорност?

Овде, нам ни се даде, секој момент, дали е тоа весник, дали е тоа ТВ, дали настап од било кој од опозицијата, особено од СДСМ, секаде ова па ова, ова па ова. Господа, тие учествуваа, тие го создаваа фалсификатот. И, тие го направија овој фалсификат. Доказ за тоа е што пред да се добие тој доказ, има ги, нема ги, документите, тие пишуваат во жалбата дека таква работа постои. Ако не веруваат, нека си ја прочитаат жалбата. Веројатно, ако не друго, имаат примерок кај себе. Затоа, не треба нашиот јавен обвинител да е плаши и да има одговорност. Ова треба да го примени во цела своја форма, оној кој го направил фалсификатот да одговара, по било која висина и на било кој степен на рангот во државата го има.

По однос на овој дел ги повикувам подносителите на интерпелацијата да не убедат овде, веројатно ако достават доказ, дека се толку силни, толку јасни, толку гласни, јас ќе гласам да го разрешиме. Јас ќе му советувам на обвинителот да си оди. Штом имало таква работа, а тој не ја гледа. Меѓутоа, да го доведам јавниот обвинител да учествува во фалсификат на страна на извршителот на фалсификатот, тоа е нон сенс.

За тоа за што говоревме, за Радолишта, Велешта, не сакам да го повторувам, дали има одговорност или не. За жал, и за смешка е пратеник да отиде и да чини непријатности, што било како било, јас оставам едно, во документацијата стои дека постои предмет, дека таму има издвоени функции на обвинети и оштетени, на учесници во тепачка и на оние кои се однесувале мангупски и насилнички. Нека го судат тоа во законска постапка, утврди, дали ние сакаме да примиме овде или не, пресудата ќе биде на судот.

Господо, што имаме овде друго? Му се приговара на јавниот обвинител дека несовесно ја извршувал својата функција, затоа што има кривична пријава и пред судот отворена истрага. Зарем тоа е несовесност во работа? Ако е тоа, нека е.

Секогаш, говориме сега, го ослободиле од затвор, го ослободиле од затвор. Дали некој е трампен или не? Јас еднаш говорев овде по однос на овој случај Хасани. Господо, притворот е мерка на безбедност, притворот не е казна. И, притворот се искажува, се изрекува да се обезбеди некој да биде присутен кога ќе

се работи по тој предмет, во кој што е тој странка. Без разлика кој е степенот на обвинение против него. Овде тој човек одговара за обид на убиство, одговара за неовластено држење на оружје со распрскувачки материјали. Тој дал обврска, откако пред истражниот судија дал своја одбрана, дал ветување дека ќе дојде на секоја покана, дал ветување дека ќе ги почитува прописите и правила на игра во кривична постапка, истражниот судија од него може да бара, покрај ветување како прв степен на гаранција, да вложи и кауција. И, тој човек става емство, дава во готово 200.000 марки. Она за кое сака да ни кажат сега, одговорност на јавниот обвинител дека кореспондирал однос судија и ова, во едни настани каде може да дојде во прашање опстанок на еден, два, три или повеќе луѓе, даречеме и еден човек, тогаш јавниот обвинител и сите оние кои учествуваат во постапката имаат право гласно да размислуваат за последиците. И, тогаш да нешто кореспондираат дали има или нема врска. Во случај одлуката на јавниот обвинител, односно истражниот судија е единствен што тој, во тој момент ја донел, ако не е последица на кривично дело.

Дали овде има такви елементи? Нема. Тој човек дошол, примил обвинителен акт, се јавува три пати на претрес, води контрадикторна постапка, чини и ние сега бараме од јавниот обвинител одговорност, зошто тој човек дигнал обвинение и дава одбрана и бива суден. Каква ќе биде пресудата, тоа да го оставиме на третата власт.

Господа, немам намера да ве убедувам во друго. Намерата е да ме слушнете само за едно, дали со овие постапки што ги презема јавниот обвинител за гонење е негова вина или невина. Тврдам дека тој не е виновен, него тој ги извршувал своите законски овластувања. Тој се однесувал така како му пропишувал законот. Тој се однесувал како му налага совеста. Тој се однесува како што е основно, човечки, кој има одговорност во вршење на одредена функција. Ако ние такви луѓе ставаме на обвинение, на обвинителна клупа, да му говориме затоа што постапил според закон, тогаш се прашувам од каде, жалам што Ѓорѓи Спасов го нема, од каде на господин Ѓорѓи Спасов смелата замисла - па се договориле да го затворат Хасани, затоа што тој е организатор за напад на граничарите. Тоа е нон сенс. Тука само, да ви кажам, ни на болен човек не може да му текне таква варијанта, а не на човек кој може да мисли со глава.

Дозволете, во правото стои едно. Ако нешто тврдиш мораш да имаш доказ. Без докази, без околности, без време, без простор, нема одговорност. А, мислата и претпоставките одат само во полза на обвинетиот. Тоа е правило во правото.

Ви благодарам, јас интерпелацијата ќе ја поддржам во негативна смисла.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател Стојановски Томислав.

Збор има господинот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитуван јавен обвинител, почитувани колеги пратеници.

Јас мислам дека денеска, овде во Парламентот расправаме, си расправаме и ќе расправаме и ќе говориме и само уште ќе си седиме тука и ќе зборим. Јас мислам дека првенствено, како што е ова на дневен ред денеска и што се бара од јавниот обвинител на Република Македонија, јавниот обвинител има својство како претседател на држава на Република Македонија. Толкаво големо право го има и сите ние припаѓаме под негова ингеренција, а не тој под нас.

Значи, да ние овде во Собранието дискутираме за еден јавен обвинител кој е главен во Република Македонија како претседателот на државата Борис Трајковски што е, значи сакам да кажам, што значи тоа. (Реакции во салата).

Извинете, јас немам никакви работи и нема што мене кој да ме спаси и кој да ме спаси. Такви работи оставете на страна. Јас сум пратеник и нај нормално овде ќе дискутирам, како што ми доликува, како на пратеник, затоа што има опозиција, има лева и десна страна. Тоа има. И, сега нормално, секој вели - барате обвинение од јавниот обвинител и оставка на јавниот обвинител. Значи, да се поднесе оставка. Оставка може само од министер да барете господо пратеници. Од министерот треба да барате. Од министрите може да бараме оставка, а од јавниот обвинител тоа е голем гаф да се бара оставка. Зошто, дали има некој доказ? Дали има некој очевидец? Таа размена кога се разменила, кога била таму, дали ги има тие четворица да дојдат овде и да ги

поканиме како пратеници, нека станат овде и на говорница да кажат, нас не размениле за тоа и тоа. Нема такви. Тоа се само изговори, намештаљки.

Првенствено да ви кажам, секаде каде се случило тоа, можеби вие не знаете, но таа изборна единица е моја, Блаце, Танушевци, натаму Шуто Оризари, Чучер Сандево, јас сум пратеник господа пратеници. Таму е шверц - комерц работа, можеби некоја на граничен премин и таква работа може да има. Значи, носеле нешто, пренесување, правење такви премини, такви работи може да се случуваат. А, вакви замени и промени што велите премиерот дека му се јавил на јавниот обвинител, дали има некој очевидец? Нека излезе овде и нека тврди, да ги повикаме и да им дадеме слободен влез во Парламентот, да гарантираат тука и нека се потпишат пред сите нас пратеници и пред цела македонска јавност, нека кажат дека размена е извршена и тоа беше тој и тој.

Јас да ви кажам, тој Хасани што го барате, да ви кажам отворено тој ми е комшија. Немој да ве лаже памет дека е на Косово и дека е таму. Тој живеел тука во Македонија, тука има и стан. Јас живеам во Бутел 1 и 1,5 км. од таму се изврши целата работа. Јас ја знам лично. И не треба да напаѓате, човекот се јавува на суд. Човекот може во секоја доба да ви се појави пред Собрание, да го видите, си шета слободно. Си шета слободно затоа што се јавува,...... (Реакции во салата).

Се извинувам господине потпретседателе, ве молам обезбедете....

(Потпретседателот предупредува со ѕвончето).

Човекот се јавува, нормално, уредно на своите покани во судот.

**АМДИ БАЈРАМ:** (Продолжение)

Формално, има ставено гаранција, како за секого.

Јас ќе се навратам на една друга работа, на бившата власт. Кажете ми каде е Аце - "циганот", што го уби Албанецот. Го уби пред Собрание на 300 метри со пиштол, го држевте под истрага, го пуштивте намерно и отиде во Србија, или на некое друго место. Каде е Аце - "циганот"? За тоа, треба ли некој да превземе одговорност. Немојте г-да пратеници, срамота е вака да дискутираме. Зошто? За 2,5 години а нема ни 2,5 години, две години има и еден месец, останува до парламентарни избори, за 25 месеци имаме парламентарни избори. На тие парламентарни избори народот ќе каже, народот ќе гласа, народот бара промени, па ќе видиме, дали за оваа влада, дали за друга Влада, дали трета, ќе видиме сигурно, синоќа ги видовте дискусиите какви беа на телевизија. Оставете на народот да пресуди. Народот знае, граѓаните знаат се. Немојте да напаѓаме и мислам дека не е добро од јавниот обвинител да бараме таква работа. Очевидци нема, не треба на Хасани да се вадиме, имаат сите легитимации. Сите правевме манипулации.

Јас отворено ќе ви кажам и на времето кога беше се правеше, мене прв ме обвинија на тие легитимации. Имаше ли некој доказ? Само на зборување. Јас бев првиот, првиот, што за него се измисли, за тие избирачки легитимации мене ме нападнаа, со Дрвошанов, кога беа тие работи. Па тоа за тоа, никому ништо.

Сега што треба друго да направиме. Можеме ние 300 денови да разговараме овдека и 300 интерпелации да поднесеме, но јас мислам дека дајте друга работа да отпочнеме. Јас имам 100 пати станато на говорница. Сите граѓани ме поздравуваат и сите ми велат дека многу правилно зборувам. И тоа стари луѓе. Оставете ги овие работи, партиски препукувања што ги имаме овде, маркетинзи што правиме еден со друг, да ги пуштиме на страна. Дајте да се активираме на граѓаните за подобро утре да направиме, за нашите деца, за нашите внуци, за да може Македонија да оди понапред. Кога ќе дојдат идни избори, кој било ќе биде. Кој ќе одбере народот, тој. Дајте некои позитивни работи. Дајте некои предлози да гледаме народот да се вработува. Зошто? Затоа што многу се зборува надвор. А никој не вработуваше. Ни минатата Влада, ни оваа Влада. Дајте сега да се активираме сите пратениците, заедно со Владата, нешто да работиме за успех на РМ за вработување. Имаме 2 милиона и нешто граѓани, а немаме вработување. Не би сакал да одолговлекувам за друго. Јас сум последен говорник, мислам дека нема потреба повеќе друг да се јавува, за вакви работи, а од моја страна, јас ќе гласам против оваа интерпелација.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Амди Бајрам.

За збор се јави г-динот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и г-да пратеници, мислам дека навистина е тешко да се каже после г-динот Амди Бајрам.

Меѓутоа, кога се јавив, сакам да се произнесам околу, според мене, барем важни работи. Оваа точка за која денеска расправаме, мислам дека повеќе зборува за нас, како пратеници, за претставници на политички структури, одколку за нешто друго, за што, ние сме одговорни како пратеници, како Собрание.

Имено, што сакав да кажам? Неспорно е дека, секој граѓанин а особено институциите на државата, а тука спаѓаат и пратениците, неспорно е дека тие првенствено треба да ги загрижува дали институциите функционираат како што треба, дали воопшто имаме правна држава, во која доза таа правна држава се почитува, дали воопшто и во која мера функционираат институциите на системот, дали имаме владеење на правото и во колкава мера, дали се почитуваат норми итн.

Воопшто не сум против да се дискутира за вакви прашања, кои сметам дека повеќе спаѓаат во доменот на приватноста. Не сум за тоа, да не се расправа за овие чувствителни прашања, дури сум да се расправа отворено. Сум за тоа, воопшто да не постојат никакви табу теми, меѓутоа, сметам дека ова прашање кое е сега на дневен ред е маргинално во споредба со другите прашања, кои треба ова Собрание многу сериозно да ги сфати и многу посериозно да ги расправа.

Имено, мислам дека, ако може да се постави на дневен ред вакво прашање, секој паметен ќе се распрашува, како тогаш не е можно да се свика седница за доверба или недоверба на Владата, како воопшто никогаш не е покрената интерпелација против министерот за развој, министерот за стопанство, министерот за внатрешни работи, министерот за информации итн.

Сега, постојните состојби, кои се катастрофални, што ги имаме во доменот на економијата, социјалата, културата во сферата на информирање и ред други витални прашања, кои ги загрижуваат непосредно граѓаните, значи, ова прашање до крај е маргинално, во однос на другите витални прашања, кои имаме обврска тука да ги расправаме да заземеме ставови, а тоа не го правиме.

Значи, ако на последната точка од дневниот ред, како што беше тука кажано, се загрозуваат животите на четворица млади луѓе и тоа заслужува почит, меѓутоа, сите ние сме сигурни, дека ваквите состојби што ги имаме, ги загрозува животите на цела една заедница. Ние имаме опасни трендови, кои можат да завршат многу трагично, бидејќи се потекнува од економијата, можеме да платиме 10 или повеќе илјади пати цех, што може да се случи, како трагичен настан, во однос на четворицата војници. Значи, во овие домени, културата, социјалата, економијата, ние сакаме да го признаеме или не, да не кажеме дека правиме чекор назад и со ова докажување дека ние и оваа структура сега и тие што предлагаат, и тие што ја водат оваа држава исцрпени се од недостаток на енергија, од недостаток на визија, па да ви кажам и од недостаток на знаење, за решавање на виталните проблеми, реалните проблеми на граѓаните.

Што нудиме наместо тоа? Наместо тоа, веројатно ќе нудиме компензација, надоместок, а тоа е нешто, како што овде расправаме секундарно, терцијално, меѓутоа виталните прашања се на страна. Така што, сегментот, кој има меѓунационална боја, изгледа е претворен во тапан, на кој секој удира, кога сака и кога смета дека може да добие некој денар, односно може политички да профитира.

Ова зборува повеќе за нас, како пратеници, како структура бидејќи, прашањата кои ги покренуваме, ги покренуваме против некој. Ние тука не разговараме за криминалитет и воопшто, никакво да расправаме за прашањата, кои ги загрижуваат луѓето, кои се непотребно оштетени од криминалитетот воопшто. Според некои сознанија 10-тици шлепови влегуваат во Македонија, без да ги плаќаат обврските во однос на државата и тоа прашање никој не го загрижува. Нас не не интересираат колку цигари влегуваат на црно во Македонија, дрога, алкохол итн., и со тоа да го нарушиме угледот на државата, имиџот на државата, што е до крај штетно посебно кога сега се водат преговори за асоцијативно членство, во рамките на Европската Унија.

Со тоа јас ќе завршам дека, додека ние расправаме за тие прашања, со право, другите ќе не наречат дека не сме помалку од една обична банална Република.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Мерсел Биљали.

Има збор г-динот пратеник Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе бидам краток во интерес на времето. Разбирлива ни е оваа интерпелација. Впрочем, е интерпелација, кога ќе стигне во понеделник. Разбирливи се интенциите на СДСМ, разбирливо е дека работите во функција на што побрзо доаѓање на старите функции и тука нема потреба да се лутиме, тоа се нормални демократски борби, на нормални партии, како што е СДСМ. Лошо е во сите овие работи, што на некој начин се губи дигнитетот, се нафрла на се и сешто, се руши угледот на оној што треба да биде предмет на отстрел, а тоа говори за одредена политичка кујна, програма, или во краен случај за одреден ментален склоп и приод кон сопствениот народ. Колку тоа ќе упали, прашање е на времето, а пред нас се самите локални избори, а за тоа ќе видиме, кој како котира и кој ќе биде крајниот резултат. СДСМ, веќе ја почна предизборната кампања, се користи просторот, времето, незадоволството кај народот, тоа е повторно, поради низа реформски потези кои се повлекуваат, а кои никогаш не се популарни. Некој можеби, од вас тоа ќе го негира, меѓутоа, она што го презентирам е мое лично мислење, а колку држи, или не држи ќе видиме.

Што е тоа, што ме натера, на некој начин, да излезам, а едноставно мојот говор, може некој да го сфати како реплика, меѓутоа, на некои прашања мора да се одговори да не останат да лебдат во воздухот, а впрочем, секој ја користи говорницата како маркетинг што побрзо да се приближи кон македонскиот гласач и тоа го сфаќам, како нормално дејствување на политичка партија.

Што е тоа што на некој начин ме натера да излезам?

Прво, колку успеав да забележам, одговорот на г-ѓица Шеќеринска дека во функцијата која ја врши г-динот Џиков е партизирана. Само ќе ве потсетам дека 1996 година, вашата пратеничка група, кој имавте мнозинство во Парламентот лично го изгласавте така што, во тој период г-динот Џиков беше независен, и не претставуваше проблем го изберете. Од позиција кога веќе е поставен од нас и е избран од нас, тој е партиски човек и припаѓа на ВМРО-ДПМНЕ, така што, кога се говори за некои работи треба да се има дикат и да се има малку подолго памтење, како се работело во минатото. Околу видувањето дека нема вештина, е атрибут, кој не ми се допаѓа, сепак е функција која треба да се респектира, без разлика кој ја извршува. Веднаш доаѓате во една колизија, односно контрадикторност со изјавата на г-динот Спасов, исто така, од вашата политичка партија, од вашата пратеничка група, кој вели дека го почитува и како човек г-динот Џиков па ред е да се договорите дали го почитувате или не го почитувате, дали е стручњак или не е стручњак, има вештина или нема вештина, останува вие за време на Собранието или по Собранието да се договорите.

Што значи немање маневарски простор. Може да се протолкува на следниот начин: Дека владеачката гарнитура на чело со ВМРО-ДПМНЕ, прави максимален притисок, едноставно, просторот на делување му е стеснет и мора да игра онака, како што ние налагаме.

Во контекст на ова што сега го говорам, само ќе ве потсетам 1995 година кога е извршен атентатот на екс претседателот г-динот Глигоров, јавниот обвинител, кој вие го поставивте Стеван Павлески ми се чини дека г-динот Павлески немаше маневарски простор, едноставно рамките му ги стеснувавте. Од кои причини, не би сакал да говорам, нели тоа е работа на полицијата, тоа е работа на Јавното обвинителство какви резултати ќе излезат, позитивни или негативни.

Во секој случај немање на простор може, едноставно да се префрли во периодот на атентатот на г-динот Глигоров. А можеби од вас има некој по компетентен кој ќе проговори и за улогата на г-динот Павлески и она што значеше партиски притисок, дека тогашниот министер Фрчковски 20 дена го немаше во македонската јавност, тоа е сосема друга приказна и сметам дека ќе имаме време, во некој нареден период за тоа да проговориме.

Околу атрибутите на г-динот Бузлевски, со кој комуницирам, сметам дека ако веќе цело време говорите дека овој Парламент мора да задржи одреден дигнитет, тоа го слушаме секојдневно од пратениците на СДСМ, атрибутите, сметам дека не треба воопшто тука да се спомнуваат, можеби, погоден на некој начин, ја помина онаа реска граница, која овде кај нас не треба да се случува, јас нема да навлегувам во тој момент како се чувствувал г-динот Бузлевски.

Беше спомнат и премиерот Георгиевски. Дека ние тука треба да изигруваме курирска врска, така речено да му кажете на вашиот премиер, немаме намера да изигруваме, ниту Кралевски, ниту пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, како курири од типот на Мирко и Славко да

пренесуваме, сметам дека медиумот, доволно пренесе она што беше ваше видување.

Г-динот Спасов вообичаено, секогаш почнува со анегдоти, пред месец ипол, два, како гинеколог, денеска ни зборуваше за Московското метро, да се создаде една позитивна клима, едно добро расположение. Конкретно зборуваше за фалсификатите и цело време во неговиот настап провејуваше, дека оваа Влада фалсификува секаде, каде што може да фалсификува. Конкретно се однесуваше на тие 230 гласачки места.

Само ќе ве потсетам дека вториот изборен круг беше поништен. Значи, сакам да кажам дека отворен е еден демократски процес. Се повторија изборите. Прашање е дали г-дата од СДСМ, би го направиле истото тоа, што ние го направивме. Дали би дозволиле поништување на 230 гласачки места, со вкупен број на гласачи не е битно во моментот колку беа. Сега, едноставно, ја прифативме одлуката на Врховниот суд и се помина на гласање, каде што се добија резултатите, кои се добија.

Ќе кажам само еден пример. 1998 година се спомна нешто што се случуваше на теренот на општина Чаир, с. Љуботен од 1.200 и кусур гласачи Албанци таму ваш кандидат беше г-динот Марјан Начевски. 1998 година доби 99 и незнам колку проценти албански гласови. По нашата реакција, општинската комисија не најде за сходно да го поништи. Но каде беше вашиот дигнитет да проговорите дека во тој процент е можно да е направен и фалсификат. За исти работи, мора да имаме аршин, а работите се гледаат принципиелно. Ако се работело тогаш за фалсификат или сега за фалсификат мора да проговориме за период кој е поминат. Сите овие нафрлување, на некој начин, мора да се аргументирани од периодот на вашето владеење.

Спомнат беше и референдумот во Штип, што не е предмет на оваа интерпелација, незнам од кои причини беа спомнати, ќе видиме времето ќе каже, дали се работи за фалсификат или не.

Накратко, тоа би било што успеав да забележам, а доколку има некој намера да реплицира, повелете.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Александар Флоровски.

За реплика се јави г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Само да кажам нешто, што многу често се користи како аргументација од претставниците на ВМРО. Ако нивниот главен аргумент е дека сите лоши нешта, кои што ги правел СДСМ во неговиот мандат, дека имаат право да ги прават во уште полоша форма, и дека тоа им е целосното оправдување, и дека во тоа гледаат право, тоа да го прават, тогаш мислам дека таа е лоша политика и тоа навистина е лошо оправдување. Тоа е нешто, што не и носи ништо добро на Македонија, ниту перспектива за развојот на демократијата во Македонија. Тие дојдоа на власт во Македонија, со ветување, дека нема да направат ниедно, од лошите нешта, што ги правела претходната власт.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Ѓорѓи Спасов.

За збор се јави г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не ги земам како пример грешките на СДСМ. Едноставно сакам да ви спомнам затоа што никогаш јавно не сте признале, дека сте згрешиле. А за нашите грешки, со самите избори, народот ќе ни даде доверба на нам или вам.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Во врска со излагањето на г-динот Флоровски, во заштита на дигнитетот на името и презимето на еден граѓанин што го спомена, на г-динот Стефан Палевски, изнесе една нотарна невистина.

Г-динот Стеван Палевски на јавно обвинителската функција беше избран од ова Собрание во месец јуни 1996 година, што е некаде од прилика една година после атентатот случен на претседателот Глигоров, што е општо познато на 3 октомври 1995 година. Сите квалификации изречени во врска со неговата активност во обавувањето на функцијата во тој дел од тие причини не стојат, затоа што не кореспондираат временски со тоа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Наќе Стојановски.

Има збор г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас се извинувам на г-динот Палевски, но тоа сигурно се однесува на некој претходник, а тоа значи пак на некој од вашите редови.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави г-ѓицата Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Во изминативе месец и половина имаше одредени стравувања, ако така можам да ги наречам, можеби тоа беше плашење на народот од страна на некои партиски медиуми дека опозицијата решава да излезе од институционалните рамки и дека најавите за митинзи, најавите за други политички иницијативи всушност излегуваат преставување на најголемата опозициона партија од рамките на системот и институциите.

Наспроти таквите стравувања кои што се покажаа како нереални денеска на седницава на Собрание мене ми изгледа дека всушност позицијата се одлучува за еден таков пристап и наместо дискусија по една политичка иницијатива, која што е апсолутно во рамките на, не само на институциите, туку и на системот, процедурата, законите, туку е и легитимна како иницијатива на било која политичка партија се решава цело време постојано да излегува од темата, од тезите во темата и да пласира некои други информации, некои други прашања кои што можеби се релевантни, меѓутоа треба да се дискутираат тогаш кога ќе бидат поставени на дневен ред. Јас ќе се обидам да не се навраќам на тие моменти заради тоа што сметам дека тоа само ја убива расправата по оваа точка. Би сакала да набројам само неколку коментари, кои што беа изнесени, а за кои јас мислам дека не држат вода и апсолутно не се вистинити.

Имено сакам да образложам прво, ова го повторуваме ми се чини кога зборуваме за било која интерпелација кога ја поднесува СДСМ, мене лично ми пречи обидот секоја од интерпелациите да се персонализира, да се обиде политичкиот напад, без разлика што е, еве политички напад да се претстави како напад врз личност. Напад врз личност можеме да правиме кога сме во бифе, можеме тоа да го правиме на други места надвор од Собранието, а овде дискутираме и треба да изнесеме наши политички ставови и наши политички оценки, некој спомена и докази, ако имаме и докази и т.н. и т.н., без притоа воопшто да коментираме каков е некој како личност. Јас лично сметам дека и стручните квалитети во доменот на расправата на Собранието, ниту пак некој од нашите пратеници одлучи да има некаков настап. Токму поради тоа една од тезите која што беше пласирана, а после тоа дискутирана беше дека се работи за партизација на обвинителството, односно партизација на оваа функција.

Тука не станува збор за симпатиите или антипатиите на некоја политичка личност, на некоја личност, еве слушаме била избрана од страна на СДСМ за некој друг мандат, а ќе се потсетите дека ВМРО-ДПМНЕ обично го користи тоа алиби кога ќе ги обвиниме дека исклучиво се вработува секој по партиска линија, строго луѓе од СДСМ доаѓале на одредени позиции, обично таа го користат како аргументација, а сега гледам дека се демантираат самите себе, меѓутоа тоа не е ни толку значајно.

Значи, проблемот не е во личноста која била избрана на тоа место. Проблемот беше, и јас и другите пратеници го истакнаа во начинот на кој што се дојде до процедурата и се заврши таа процедура на избор на јавен обвинител. Кога ќе имате ситуација во која што се разрешува претходниот јавен обвинител без било каква аргументација, знаете овде добивте вие како пратеници интерпелација со четири конкретни точки, четири конкретни работи за кои што г-динот Џиков може да сноси одговорност, може и да не сноси одговорност. Но, ќе дискутираме за тоа. Меѓутоа, во таа ситуација, ако се сеќавате, во случајот на разрешувањето на претходниот јавен обвинител, единственото објаснување кое што го добивме е дека не ги задоволил барањата, или некомпетентно, не соодветно ја извршувал функцијата и ништо повеќе, ни збор, ни објаснување, ни аргументи и т.н. Да не зборувам за она што го споменав дека устоличувањето на јавниот обвинител беше пред кандидатурата негова да се појави на седница на Собрание. Тоа беше направено директно од страна на висок функционер и на Владата и на политичката партија на власт. Тоа е она што ја прави оваа функција и оваа институција политизирана. Начинот на кој што се доаѓа до таа функција, процедурата што се користи и сите консеквенции од сето тоа.

Меѓутоа, она што е најзначајно, а што никој од пратениците на позицијата не се осврна се конкретните точки, за кои што речиси и да не дискутираме.

Така на пример точката еден каде што стои дека Јавното обвинителство не излегло со кривична пријава за сторител на кражбата на околу 15 илјади избирачки легитимации, еве г-дине Томислав Стојановски можете да проверите, вие ги имате информациите, вие ги имате институциите, можете да проверите за

колку точно избирачки легитимации станува збор. Никој не одговара на тоа прашање, наместо тоа некој технички детали тука дискутираме. Таа кражба се случила. Тоа е нешто што е констатирано од ваше Министерство за внатрешни работи. Тоа е доказ. Тоа е аргумент, не треба да одиме понатаму. Не треба ниту една партија, најмалку опозиционата партија да се претвори во истражен орган кој што ќе излезе и ќе дојде ќе каже тие и тие се сторители. Во оваа држава има платени луѓе за тоа да го прават.

Да не зборувам дека Министерството за внатрешни работи очигледно излегло со некои информации меѓутоа обвинителството не ја продолжило процедурата.

Проблемот со сите овие четири точки, конкретно наведени е што не постојат кривични пријави, а не како што се обидуваше овде еден дискутант да истакне дека, бидејќи постојат кривични пријави тоа веќе е во рацете на други органи. Да, би било во рацете на други органи кога би постоеле кривични пријави. Меѓутоа, кривични пријави не постојат за кражбата на избирачки легитимации, кривични пријави не постојат за нападот на набљудувачите на СДСМ во неколку села, пријави не постојат за оние кои што ги прекршија правилата на изборната процедура, не постојат кривични пријави дури ни за оние кои што учествуваа во трампата ит.нит.н.

Внимавајте, овде некој ни пласира дека треба да бидеме бладарни што ВМРО-ДПМНЕ, или власта дозволува трет круг. Внимавајте, дозволила дека треба да бидеме задоволни што ја прифатиле одлуката на Врховниот суд. Па, за која правна држава зборуваме која власт која што го базира своето владеење на права и закони, ако некој пратеник овде смета дека власта треба да одлучи дали ќе ја почитува или нема да ја почитува Одлуката на некоја судска инстанца. Дали ќе дозволи или нема да дозволи трет круг.

Некој овде изрази сомневање околу тоа Врховниот суд или како СДСМ поднесувал пријави и ја продолжил жалбената постапка. Мене ми е навистина жал што некој овде не успеале да разберат дека понекогаш аргументите се толку едноставни што било кој има малку логика и кој што сака да ги гледа податоците ќе ги разбере.

Јас ќе потсетам на она што се случуваше во вториот изборен круг и ќе се послужам со некој хипотетичен пример. Замислете во избирачко место кое што има 100 гласачи запишани на избирачки список и во кој што 20 избирачи не ги подигнале избирачките легитимации, што значи 80 можеле да гласаат, според извештајот на Комисијата на тоа избирачко место во тоа избирачко место гласале на пример 95 гласачи, кога можеле да гласат само 80. Ако тоа не е доказ за изборен фалсификат тогаш незнам што е доказ. Видео снимка? Видео снимка во ситуација во која што околу вас се наоѓаат чувари намирот, меѓутоа кои што не се дел од нашата полиција.

На крајот околу барањето да се дискутира за трампата Хасани и четирите војници. Никој од пратениците кои што ја поднесуваат оваа Интерпелација не кажа дека е ослободен г-динот Хасани од затвор. Ако ја читате интерпелацијата ќе прочитате дека е тој ослободен од притвор, меѓутоа мене ми е навистина чудно како пратеници на парламентарното мнозинство, одлучуваат во ситуација во која што не може да извлечат ниту аргумент. Во која што апсолутно се покажа дека не се во право ниту тие, ниту оние, кои што ни кажуваа невистини продолжуваат да не убедуваат дека црното е бело. Ни велат дека некој во Обвинителството, замислете, гласно размислувал.

Она што ние го чувме во медиумите и на оваа седница е гласно кажување на невистини во кои што се тврдеше дека писмо не постои. Во кои што се тврдеше дека притисок врз Обвинителството не постоело. Да не зборуваме сега за тоа кој како би одлучил во дадена ситуација, меѓутоа точно е дека секој што излезе на оваа говорница и ја претставуваше Владата пред парламентарното мнозинство, не ја зборуваше вистината. Тоа не зборување на вистината не беше случајно, туку беше намерно. Денеска тие луѓе треба да сносат одговорност, не само заради трампата, туку и заради тоа што свесно го лажеле македонскиот Парламент и свесно ја лажеле трампата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеничката Радмила Шеќеринска.

За реплика се јави потпретседателот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакам да говорам повеќе, освен за тоа дали некој прави разлика што е

пријава, што е одлука и што е пресуда и кои се токовите на постапката во кривичното право. Јавниот обвинител поднесува барање до истражниот судија. По однос на пријавата се завршува целата постапка. Понатаму се тече во надлежност на судот. Ако некој мисли дека некому говори невистина, ќе му покажам само еден акт за кој веројатно јавниот обвинител и ќе говори.

За првите таканаречени кражби на избирачките легитимации, наредниот ден јавниот обвинител покренува барање за обезбедување на докази под А Бр. 66/99, по кој веднаш истражниот судија презема истражни дејствија. Што таму ќе утврди?

Ги сослушува тие кои биле наводно каде биле тие легитимации. Сега одеднаш се доаѓа до втора теза - неподигнати легитимации. Сега говорам г-ѓице Шеќеринска, пак не разбирате едно, има подигнати, кои легитимации? Дали тие прв пат што ги добија, дали по второ барање, дали по трето, дали по четврто.

Ако имате некој доказ со кој ова ќе го докажете јас навистина пак ќе кажам, вие сте во право. Меѓутоа таква работа немате. Само давате претпоставки и сами почнувате со претпоставки, со претпоставуваме ние и барате од друг доказ. Кој ќе ви го покаже доказот и кој е повикан на доказот веднаш велите дека некој лаже. Тоа се работи на деца, детето кога не може да ја оствари својата намера почнува да плаче. Па, дали сега г-ѓица Шеќеринска мисли дека треба да ја слушаме да плаче од нејзино неразбирање. Овде треба да сфати - имаме постапки. Јавниот обвинител ги преземал, а кривична пријава за неа да биде јасно што е - ова што го дават сега интерпелација е кривична пријава против личноста. Тоа е исто. Сега, таква работа треба да се поистовети со тврдењето во пријавата дека е се точно. Дали ова што тие го говорат со претпоставка, околу, меѓутоа, затоа, што бидејќи, тоа ќе биде основно обвинување? Па, тоа во прво одделение да појде човек да учи азбука ова право ќе го знае.

Затоа мислам да се престане веќе со аргументи под наводници, кои само тие си ги разбираат. Реков, нека донесат документ со кој ќе докажат да го видиме јас ќе гласам по иницијативата на интерпелацијата, Да се даде кој е тој документ, не бидејќи, меѓутоа, затоа што, претпоставуваме. Ова е фактот.

Не сакам повеќе да се злоупотребува еден исти настан со значења. Говорат прв пат дека некој ги грабнал, па потоа пак се па велат не подигнати. Ако се подигнати тие што ќе се украде.

Ако се подигнати зошто велат тие што подигнат и ставаат толкав број. Кој број останал. И, кај кого се? И од така да кажам финансиски, од која емисија се, прва, втора, трета или четврта?

Секој граѓанин знае г-дине потпретседател дека доби прв пат по пошта гласачка легитимација. Па ја изгубил, плати сто денари добие нова. Пак уште еднаш, пак добие нова. Сега овие што ги викаат, кои се тие легитимации што не се подигнати - првите, вторите, третите или четвртите? И дали со издавање на нова легитимација и поднесување на барање, значи суспензија на важност на првата легитимација? Мора да одговорат на ова прашање.

Не сакам да примам нешто како факт, ако некој не го знае правото.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави г-динот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, би замолил кога вака нервозно настапува пратеникот Томислав Стојановски да го опомените, затоа што никој не е должен да ги трпи неговите фрустрации и нервози.

Досега е пракса во овој Парламент кој како се јавува од страна на опозицијата, неговата реакција е секогаш нервозна и се извикува на претходниот дискутант. Меѓутоа тоа е ваша работа да го опомените да го стиши малку тонот.

Второ, би го замолил почитуваниот јавен обвинител, би го замолил претходниот да не го брани повеќе, затоа што се ми се раѓа чувство ако продолжи тој да го брани дека денеска јавниот обвинител ќе биде сменет од неговата функција. Ако го замоли чесно и поштено да ја напушти седницата, да не го брани повеќе можеби ќе ја спаси главата денеска.

Ова, особено тоа ако г-динот Томислав Стојановски сака да се овековечи и да стане Платон да го брани денеска Сократа, кој не напишал ни еден збор, а и ден денес важи за најголемиот грчки мислител. Меѓутоа, се сомневам во неговите интелектуални капацитети да изиграва Платон и затоа да не ни вика на нас пратениците овде ве молам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за реплика се јави потпретседателот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас немам намера да му давам совет на г-динот Иљо Иљоски. Треба поука, или сила да се примени треба да има соодветна

средина. Тој ниту ни е средина, ниту ни е капацитет, што него да го поучам, па тој не може да сфати. Неговиот интелект колку е голем и што е сам нека си одговори. Од каде да му мислам јас за него што значи и што разбира. А да го бранам Џиков, не го бранам. Јас го напаѓам нивното обвинување, а Џиков немам што да го бранам, тој не направил ништо.

Разликата, ако сака г-динот да му напишам, јас 40 години за пишување пари земам. Ќе му напишам но и ќе му наплатам.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Околу капацитетите, не сакајќи да се спуштам на ниво на претходниот дискутант, и со тоа би завршил, без разлика колку пати ќе реплицира на ова мое последно јавување, би оставил на јавноста да просуди околу мојот и неговиот капацитет воопшто, особено мојот неговиот и капацитетот на г-ѓицата Шеќеринска, со која љуби многу да води вакви дијалози.

Уште еднаш би му посоветувал г-динот Џиков да го замоли, да не го брани повеќе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му се заблагодарувам на г-динот Илија, не сакам повеќе да разговарам, само јас ќе сфатев многу силен човек према мене ако повика за помош маж, тој повика жена.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г-динот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас сакам да се произнесам за денешната интерпелација, иако е совршено јасно со оглед дека мојот потпис се наоѓа на барањето за интерпелација на г-динот Ставре Џиков, кој е мојот став.

Би сакал после ова што денеска се виде и слушна да ги соопштам моите видувања само по пет работи, многу кратко и многу јасно, во оваа собраниска сала.

Прво, да сум јас јавен обвинител на Македонија во услови кога парламентарното мнозинство ме брани на таков начин каков што ме брани по секоја цена споредувајќи она што се случувало дека една партија кога ја мава другата партија било така добро, затоа што порано се случувале такви работи. И господинот јавен обвинител на тоа упорно си молчи. Мислам дека станува совршено јасно во која вода е влезен јавниот обвинител.

Второ, начинот на кој молчите високо почитуван господин Џиков како што цело време ја нарекувате опозицијата во вашиот скоро двегодишен мандат, веднаш да ви кажам дека после сето ова што се случува и прави, ние во СДСМ ги прифаќаме сите ваши јавни обраќања со високо почитувани господа од СДСМ, меѓутоа, тоа го прифаќаме само на ниво на индивидуални личности. Апсолутно не веруваме дека тоа го говорите за СДСМ и пратениците на СДСМ. Да се случи тоа што се случи во услови кога вие молчите, мислам дека апсолутно нема потреба во иднина да се обраќате со такви зборови на некој од нас.

Трето, начинот на кој сте избран заслужува да си поднесете оставка првиот ден после изборот, а не денес. Ако се сеќавате вие од потпретседателот на Владата и тогашниот министер за правда, бевте во јавноста на прес конференција именуван дека сте избран, пред вие да конкурирате за јавен обвинител. За разлика од јавниот обвинител, Владата е институција во која членуваат функционери на политички партии. Јавното обвинителство е функција каде што се остварува не партиски и таму не само што не би требало, туку и не смеат да бидат партиски личности. Фактот дека вие бевте промовиран пред да конкурирате за оваа функција апсолутно упатува на заклучокот дека вие требаше наредниот ден да си дадете оставка. Со оглед дека вие денеска имате интерпелација и молчите на начинот на кој молчите, јас имам за вас две дополнителни прашања. Тоа се разбира ми го дава деловникот и Уставот за право, затоа што сме ве гласале во ова Собрание.

Прво, дали господине јавен обвинител во нашата држава имало и има организиран криминал? Партиите кои ве донесоа на власт јаваа и јаваат, прво јаваа на коњот на обвинувања дека порано имало организиран криминал, а сега јаваат на сопствениот коњ на организиран криминал. Господине обвинител, дали тоа го има во Македонија, а и ако има, колку кривични пријави, или ако го згрешам терминот со оглед дека не сум упатен во правната процедура докрај како некои овде, колку такви предмети вие имате во вашата работа процесирано и проследено до судовите со извесен крај. Колку од нив се разрешени докрај? Дали можеме врз основа на вашата работа да го констатираме тоа што го констатира коалицијата на власт, која ве избра дека во Македонија се до вашето доаѓање имало организиран криминал. Дали денес има господине јавен обвинител организиран криминал во Република Македонија? Дали господине јавен обвинител денес во Македонија структури од

финансиите, структури од трговијата, од производството, од Владата од органите на управата, од царинските служби и од Министерството за внатрешни работи се меѓусебно испреплетени и функционираат така што во Македонија може да влезе на пример шлепер со цигари без да го забележи МВР и царината, без да го оданочат даночните обврзници и оцаринат без да плати акцизи, дали може тој да излезе и дали е тоа организиран криминал и дали имаме барем еден осуден по ваша иницијатива за ова?

Дали господине јавен обвинител вие знаете дека од прилика пред сто денови, или можеби помалку да не претерам меморијата колку ме држи ова Собрание донесе заклучоци дека 7, 8 функционери во оваа држава учествувале во злоупотреба на службена должност, со влакно уште фалеше да се донесе заклучок дека биле вплетени во организиран криминал. Сите тие биле ваши професори во поголема или помала мера и ги проследија до вас со официјално писмо. Сто дена изминаа, што можете вие да ни кажете за тоа? Ќе кажете ли еднаш дека нема основа или ќе кажете дека има основа и до судот сте проследиле се што треба.

И на крајот господине јавен обвинител, бидејќи знам дека нема никаква шанса во ова Собрание од начинот на кој ве бранат коалицијата на власт ВМРО -ДПМНЕ, ДА и ДПА оваа интерпелација да помине еве јавно ве прашувам, вие сте независен јавен обвинител на Македонија, или така се обидувате да се претставите, вчера пред два милиони гледачи и пред 6 милиони луѓе кои можат доколку сакаат на сателит да гледаат македонска телевизија, премиерот на оваа држава за која се надевам дека немате други освен професионални односи јавно изјави "мојата партија откупува фирми, фотељи, куќи, печатници, земјоделски задруги, земјоделско земјиште, трговски куќи" и што ли се не. Јавно изјави дека тоа го прави со спонзори, јавно изјави дека милиони марки се спонзорира партијата и од таму се купуваат овие фирми. Дали вие господине јавен обвинител сте спремен денес на оваа говорница, независно, чесно во одбрана на Македонија, не во одбрана на партијата која ве избрала да кажете: Да, јас како јавен обвинител го слушнав премиерот на Република Македонија, кој изјави дека од спонзори на милиони марки купува фирми неговата партија, ќе поведам за тоа, незнам како се вика, еве нека биде истрага, или што вие преземате, и ќе почнете да испитувате, дали за парите кои се дадени на ВМРО-ДПМНЕ за овие фирми е платен данок, дали на легален начин се дадени, дали е пробиен лимитот за спонзорирање, дали е пробиен лимитот на политичките партии колку спонзорство можат да добијат во текот на една година, дали легално учествувале во приватизацијата на сите овие фирми кои се набroени, начинот на кој го плаќале, и да излезете тука со еден извештај, или пред јавноста на Македонија за да докажете дека сте независен, или ќе се направите како што досега се случува дека тоа не сте го слушнале, дека нема да поведете никаква истрага, или што се случува во Јавното обвинителство, дека нема едноставно да се свестиме дека во Македонија премиерот вчера јавно кажа дека тој е најкорумпиран на чело на својата партија. Ајде вие сега соберете храброст, еве на оваа моја провокација, излезете овде и кажете: Да, јас ќе преземам дејствија, со кои ќе проверам дали спонзорите платиле данок на тие пари, дали ги уплатиле легално, дали сметката функционирала со уплати - исплати, или се одело во кеш, дали е надминат законот за финансирање на политички партии, дали политичките партии имаат право да учествуваат во приватизација на општествен капитал додека се на власт, дали во тоа има кривични дела итн. Направете го тоа, навистина ќе ме уверите, ама ако не го направите, тогаш триста интерпелации и триста гласови на поддршка нема да ја подобрат ситуацијата во Република Македонија. Во оваа држава, еве овде се дискутираше на големо, само сакам да повторам, никој не треба да спори. Вчера и претседателот на Владата како претседател на ВМРО-ДПМНЕ изјави јавно: Па добро изборите во Република Македонија така фалсификувано се одвиваат и ние не можеме ниеден закон да донесеме за да тоа го спречиме. Дали господине министер, во нашиот закон има инструменти со кои тоа се спречува. И дали ако тие се кршат, вие треба да покренете постапка?

Поминуваат шест месеци се ближат уште два до изборите, вие со вашето молчење овде на сите јавно им кажувате: Ништо нема да преземам, терајте и понатаму, јас како јавен обвинител ќе ве штитам заедно со госпоѓица Доста Димовска, односно претходно со господинот Павле Трајанов. Јавен обвинител е оној кој нема поттикнување на партиите. Независно ќе станеше денес и ќе каже: Господинот премиер јавно признава дека се спонзорира, јас ќе испитам дали е тоа во рамките на законот. Имајте ја храброста денеска, еве, предложете, или дајте збор во вашето

обраќање доколку се јавите дека ќе почнете тоа да го истражувате. Ќе помине некое време, живи и здрави сме тука сите. Баш ме интересираат наводите. Меѓутоа, ако однапред мислите дека ќе ме обманите, како со она што го поднесовме за претседателските избори, или како за триста други работи што ги наведуваме во интерпелацијата, за кои нема никаков одговор, тогаш апсолутно е некорисно да ги давате тие одговори.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски.

Јас мислам дека не е точно тоа што јавниот обвинител господинот Ставре Џиков цело време молчеше, тој всушност бараше збор, но јас мислев прво пратениците да земат збор, да говорат околу оваа интерпелација, а на крај да му дадеме збор. Тоа беше причината.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал на оваа дискусија на мојот колега да се надоврзам и да поставам уште две прашања.

Да не му одземам време на господинот Ставре Џиков, иако јас мислев исто така дека доколку продолжи практиката на поднесување од наша страна интерпелација, а од друга страна на молчење од тие што се на некој начин парламентарно обвинети, мислам дека се губи целокупната целисходност на поднесување на такви интерпелации. Имавме случај пред месец дена господинот Кљусев на две провокативни прашања, ако не беа поставени од наша страна, немаше ни да стане. Значи мислам дека ја губиме целисходноста и се поставува прашање, дали имаат воопшто некаква цел поставувањето на овие интерпелации, доколку луѓето кои што прво имаат 30 дена и писмено да се изјаснат по интерпелацијата, тоа не го прават па и од кога ќе дојдат на седница повторно молчат.

Јас имам две конкретни прашања и ќе прочитам два заклучоци, ќе го прашам господинот Џиков, дали се тоа негови заклучоци и дали тој е подготвен да ги спроведува и сопствените заклучоци, а не онака како што беа спомнати примерите од мојот претходен колега.

Се вели: "Постојат многу елементи кои погодуваат на организирање на криминал, како што се економската состојба, можноста од трупање на валкани пари, процесот на недовршена приватизација, или незаконито спроведена приватизација, со елементи на организиран приод на група лица да дојдат до сопственост на имот, кој не им припаѓа и сето тоа може да создаде моќни економии во сенка. Имајќи ја предвид географската положба на Република Македонија овој криминал може да добие меѓународни димензии во вид на берзански шпекулации, финансиски махинации, спрега на криминалот со легалната економија, ракетарството, трговијата со луѓе со што на крај така поврзаните меѓународни групи би настојувале да освојат и сфери на влијанија во власта. Оттаму мора нешто веднаш да се менува во пристапот, методите на работа и инструментите кои се неопходни‟. Господине Џиков, оваа информација е доставена до секој пратеник, за жал мнозинството очигледно не чита, информација организиран криминал, некои активности меѓународна соработка. Република Македонија Јавно обвинителство, Скопје мај 2000 година. Точно е или не е точно?

Понатаму, во врска со извештајот за работата на јавните обвинителства од 1999 година прецизен заклучок, точка 5. "Сите јавни обвинителства се должни да го следат печатот и другите средства за информирање и да постапуваат согласно нивните овластувања преку ефикасни проверки на одредени наводи, особено за сторени кривични и други казниви дела и да ја информираат јавноста за мерките и активностите што ги преземаат согласно нивните овластувања од закоот‟.

Дали вие тоа го правите?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Љубомир Поповски.

И на крај му давам збор на јавниот обвинител на Република Македонија, господинот Ставре Џиков.

**СТАВРЕ ЏИКОВ:**

Дами и господа, почитувани пратеници, ве сослушав со сета почит, ги чув и добрите и лошите квалификации, меѓутоа посебно ми претставува чест после 55 години да се појави јавен обвинител на говорница.

Тоа морам да ви го кажам од проста причина што живеевме во еден друг еднопартиски систем. И ништо не е чудно, и ништо не е навредливо, Јавното обвинителство како еден од најважните органи во државата во својот историски развој од 1944 година ја следи историјата на создавањето на државноста на Република Македонија.

Во повеќедецениските период како впрочем и правосудните и другите органи на гонењето и Јавното обвинителство не беше надвор од државно партиската матрица и комунистичката идеолошка детерминираност. Организациски, територијално и терминолошки, Јавното обвинителство ја следи законската надлежност на судовите пред кои постапува, а во хиерархиска поставеност се раководи од принципот на субординација и легалитет во гонењето и законитост во постапувањето со правен инструментариум, што го има во свои раце да вложува Барање за заштита на законитоста, против правосилни судски одлуки од различни правни области.

Дами и господа пратеници, после распадот на југословенската сојузна држава во 1991 година и плебисцитарно изразената волја на граѓаните на Република Македонија за самостојна и независна држава и посебно со донесувањето на највисокиот конститутивен акт, Уставот на Република Македонија од 17 ноември 1991 година, со појавата на плурализмот и повеќе партизмот, државата се труди да се ослободи од политичкиот амбиент на идеологизираност и еднопартизмот, заснован на општествената сопственост, договорната економија и догмите на самоуправниот социјализам.

Поставеноста на Јавното обвинителство, како орган што учествува во правораздавањето во правниот поредок и правниот систем, кој се грижи за заштита на човековите права и како иницијатор за нивно ограничување или ускратување, во кривичната постапка ја одразува тежината и специфичноста на јавно обвинителската функција.

Насоките за улогата на обвинителството во Резолуцијата на Генералното Собрание на Обединетите Нации од 1990 година, недвосмислено упатуваат на независно и стручно обвинителство, без никаква дискриминација во постапувањето против сторителите на кривични дела, обвинителство кое ќе се бори против злоупотребата на моќта и тешките повреди на човековите права, а функциите ќе ги извршуваат јавни обвинители избрани, или именувани без партиско влијание. Уставот на Република Македонија ги определува темелните вредности и тоа основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени во Уставот, владеењето на правото и поделба на државната власт, на законодавна, извршна и судска.

Јавното обвинителство во делот на државната власт, во правниот систем уставно, се определува и категоризира како единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши други работи утврдени со закон. Обвинителството функционира во рамките на судскиот систем на власта. Своите функции Јавното обвинителство ги извршува врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Дами и господа пртеници, Јавното обвинителство постапувајќи во склад со матичниот закон и тоа врз основа на член 8, каде што се утврдува соработката со судовите и другите државни органи веднаш по моето именување во овој Парламент и во ваш пратенички состав, за прв пат достави извештај за работа на Јавното обвинителство на Република Македонија за 1998 година и тоа на 11 мај 1999 година.

На почетокот на годинава, поточно 26 јануари беше изготвен план и програма за работа на Јавното обвинителство за 2000 година, кои ви се доставени на ваше запознавање. Во склад со наведената програма до Парламентот, односно до вас доставени се следните аналитички материјали: Информација за следење на печатот и електронските медиуми за период од 1.07.1999 година до 31.12.1999 година и таа информација ви е доставена на 10 февруари. Информација за откривање и гонење на кривично дело, перење пари и друга против правна имотна корист по член 273 од Кривичниот законик, во период 1998-1999 година доставен ви е на 2 март.

**СТАВРЕ ЏИКОВ:** (Продолжение)

Извештај за работа на Јавното обвинителство на Република Македонија за 1999 година, доставено ви е на 17 април. Анализата за постапувањата на јавните обвинителства за кривични дела против изборите и гласањето во Република Македонија, одевме на поширок период од 1.1.1997 година до 31.XII.1999 година, доставено ви е на 17 мај. Информација за организиран криминал и мерки и активности и меѓународна соработка, доставена ви е исто така на 17 мај. Информација за правни прашања и проблеми во врска со пријава на кривичното дело, злоупотреба на службената положба и овластување по член 353 од Кривичниот законик за период 1997-1999 година, исто така ви е доставен од 17 мај, односно оваа Информација.

Се надевам дека цитираните информации ви се доставени благовремено и сте запознаени со какви проблеми Јавното

обвинителство се судира во текот на работењето, како и на кој начин реагира и ги разрешува општествено -негативните и криминалните појави, пред се, применувајќи ги законите со активен ангажман при судовите и другите државни органи.

Во иднина, во натамошното работење ќе следат и други материјали според програмата и потребите, како што се во врска со борба против дрогата, проституцијата, недозволената трговија со оружје, против оружените сили и друг вид на информации.

Во овој кус период на мојот мандат со својата транспарентност кон Парламентарниот дом и Владата, Јавното обвинителство на РМ со поднесените извештаи и друг вид на писмен аналитички материјал, покрај транспарентноста и отвореноста кон државните органи, ја оствари функцијата на отчетност, што дотогаш таа карактеристика ја немаше оваа државна институција, туку Јавното обвинителство беше ставено во позиција на самоизолација кон овие високи државни органи на законодавната и извршната власт. Воедно, внатрешната демократизација на Јавното обвинителство и заштитување на интегритетот на обвинителскиот еснаф се направи со тоа што на 25 јуни 1999 година, беше формирано Здружение на јавни обвинители во РМ. Со неговото формирање со создаде една реална можност за активно учество на јавните обвинители во изградбата на правниот систем и демократските институции на државата, како и соработка со меѓународната асоцијација на јавните обвинители, основана 1995 година.

Република Македонија како самостојна држава, а обвинителството како нејзин репрезент во борбата против криминалот, не смее и не може да остане надвор од светските и европските интегративни процеси, како што ни е познато од 22 до 24 октомври 1999 година во Охрид се одржа средба на јавните обвинители на Југоисточна Европа. Средбата ја отвори г-динот Љубчо Георгиевски, претседател на Владата на РМ. Покрај потпишувањето на протоколите за соработка со обвинителите на соседните земји, посебен акцент беше ставен на борбата против секаков вид на организиран криминал. Нескромно нема да биде ако споменам дека во претходниот период, Јавното обвинителство немало таква меѓународна соработка и активност. Сега веќе обвинителите учествуваат во европски проекти, како што се: "октопод", "перење на пари", "борба против дрогата", како и друг вид на проекти, со што Јавното обвинителство се ангажира на меѓународни релации во борбата против организираниот криминал. Така обвинетите ќе се најдат во Стразбур, Брисел, Братислава, Дубровник, Виена и на други места.

Дами и господа пратеници, на денешнава седница на дневен ред е ставена интерпелацијата за работата на Јавниот обвинител на Република Македонија, заведена на 12 мај под административен број 07-1245/1 на Собранието на Република Македонија, поднесена од група пратеници од СДСМ. Конкретно ќе одговорам на поставените прашања во неа како што се поставени по ред, со забелешка дека нема да се осврнам на недоличните етикетирања кон мене и кон институцијата која ја претставувам, затоа што моето воспитание и култура ниту пак самиот дигнитет на институцијата дозволуваат да се спуштам на рамниште на несовесните, неодговорните и крајно злонамерните конструкции и квалификации кои се изнесени во интерпелацијата.

Постапката заведена под ад.бр.66/99, се работи за легитимации, ќе одиме по ред за да се разбереме и официјалните известувања кои сум ги добил од основните обвинителства на 22 јуни, почитувани пратеници, ова го кажувам како најобичен човек, иако сум на боледување, на лекарски третман, поради мојата не само чест и достоинство кон вас и кон функцијата што ја обавувам, денес се наоѓам пред вас едноставно да ви кажеме што работиме како Јавно обвинителство, дека никогаш како јавен обвинител нема да избегам од одговорноста.

Постапката заведена ад. бр. 66/99, во врска со кражбата на избирачките легитимации во зградата на Локалната самоуправа, подрачна единица на Министерството за правда во Гостивар, настанот се случил на 17 ноември 1999 година. Наредниот ден 18 ноември, Заменикот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство - Гостивар, заедно со истражен судија на Основниот суд - Гостивар излегува на увид на лице место. На предлог на Заменик јавен обвинител истражниот судија против непознати сторители спроведе одделни истражни дејствија, што значи обвинителот не бил пасивен, не гледа сеир како што коментираат. Сослушал одредени сведоци и од спроведените одделни истражни дејствија не се утврди точно кои се сторителите на кривично - правниот настан, поради што Основното јавно обвинителство – Гостивар,

до Органот за внатрешни работи поднесе Барање за собирање потребни известувања и преземање на мерки за откривање на кривичното дело против сторителите.

Понатаму, истоветна постапка е преземена и од страна на Основното јавно обвинителство од Тетово, како што се преземени активности согласно Законот за кривична постапка за откривање на сторителите и тоа, од страна на Управата за внатрешни работи од Тетово, од ова Обвинителство на ден 25.11.1999 година под К.бр.905, тоа е број на кривична пријава, од 22.11.1999 година, е доставена Кривичната пријава против непознат сторител, заради основано сомнение дека е сторено кривично дело - кражба под член 235 став 1 од Кривичниот закон на ден 18.11.1999 година на штета на Министерството за правда на Република Македонија, подрачна единица Тетово и тоа на изборен материјал 5272 избирачки легитимации, доставени се избирачки списоци од канцеларијата број 40, која е сместена во зградата на Собранието на Општина Тетово.

Со цел да се открие сторителот на кривичното дело Јавниот обвинител во смисла на член 148 став 1 од Законот за кривичната постапка до Истражниот суд на Основниот суд Тетово на ден 24.11.1999 година, поднесе предлог за преземање одредени истражни дејствија, а имено да се сослушаат лицата Владимир Максимовски, Јосиф Василевски, Јанче Јанкуловски, Зумбуле Асити и Нијадин Бајрами, сите вработени при подрачната единица на Министерството за правда на Република Македонија.

По преземени определени истражни дејствија од страна на истражниот судија на Основниот суд - Тетово, списите по предметот беа доставени до јавниот обвинител, при што по разгледувањето на истите од исказите на предложените и сослушаните сведоци, Јавниот обвинител не можеше да утврди кој ги одзел избирачките легитимации, заедно со избирачките списоци и доставниците, па за таа цел на ден 8.12.1999 година комплет списите ги достави до УВР Тетово, со цел да се до комплетираат со вештачење пред кривична постапка и како најповикан државен орган по Законот за откривање и пријавување на сторители на кривични дела, да се произнесат со посебен извештај.

На 23.12., во рамките на онаа изборна постапка на претседателските избори, на 23.12.1999 година од страна на Љупчо Димов, овластен подносител на кандидатот за претседател за г-динот Тито Петковски во Основното јавно обвинителство во Струга, беше поднесена кривична пријава против Бијадер Бојку од с. Велешта, за кривично дело спречување на избори и гласање од член 158 став 1 и злоупотреба на гласачкото право по член 161 став 1 од Кривичниот законик. Веднаш по примената кривична пријава и оформениот предмет К.О. бр. 227/99 од страна на Основното јавно обвинителство во Струга, до истражниот судија беше поднесен предлог за преземање на определени истражни дејствија поради постоење на основано сомнение дека пријавениот ги сторил пријавените кривични дела. После спроведените истражни дејствија и враќање на списите ОЈО Струга, Основното јавно обвинителство – Струга, донесе решение К.О. бр. 227/99 од 31.03.2000 година, со кое кривичната пријава се отфрли, бидејќи од прибавениот доказен материјал сослушани мноштво сведоци, меѓу кои и двајца сведоци предложени по кривичната пријава, се утврди дека пријавениот не презел дејствија кои се суштествен елемент на пријавените кривични лела. Јавниот обвинител со решение ја отфрли пријавата, ако самата пријава произлегува дека, пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, ако постојат други околности што го исклучуваат гонењето или ако не постојат основи на сомнение дека пријавениот го сторил кривичното дело.

За отфрлање на пријавата, како и за причините за тоа, јавниот обвинител ќе го извести оштетениот во рок од 8 дена. Вакви одредби се предвидени во член 144 и член 56 од Законот за кривичната постапка, што значи гонењето може да го преземе оштетениот, според горенаведените одредби.

На ден 10.12.1999 година од страна на УВР Струга до Основното јавно обвинителство во Струга, беше поднесена кривична пријава против Бојку Диладин од с. Велешта и Хами Насе, Војку Влашки, Масуф Јарип, Каба Баки и Каба Петри од с. Велешта за кривично дело насилство по член 386 став 2 и кривично дело учество во тепачка по член 132 став 1 од Кривичниот законик. Веднаш по примената кривична пријава и оформениот предмет К.бр. 217/99, на ден 15.12.1999 година, Основното јавно обвинителство Струга до истражниот судија при Основниот суд Струга, поднесе барање за спроведување истрага против сите пријавени. Истрагата сеуште е во тек. Сослушани се сите сведоци кои беа

неопходно потребни како доказ, а од разговорот со истражниот судија при Основниот суд Струга, предметот чека за да од страна на оштетениот г-дин Димитар Бузлевски се добие медицинска белешка, ренген снимки за повредите на раката, за да после тоа се изврши вештачење во однос на телесната повреда. Истражниот судија повеќепати и писмено и усмено се обратил до оштетениот Бузлевски кој што ветил дека ќе ги достави снимките, но се до денес тоа не го сторил, заради што истрагата не е сторена.

Од наша страна, Основното јавно обвинителство - Струга повеќепати ја бара историјата за да се забрза и заврши. Најнапред да ве потсетам, особено пратеници на СДСМ подносители на оваа интерпелација, дека на 17 мај оваа година, до Собранието на РМ е доставена анализа за постапување на јавните обвинителства, за кривични дела против изборите и гласањето во Република Македонија за период 1.01.1997 година, значи одиме за локални избори, одиме за парламентарни избори 1998 година и за претседателски избори 1999 година. Во неа се зборува за пријавени дела од 1 јануари 1997 година, кои се однесуваат на локалните избори, пријавени кривични дела за 1998 година, кои се однесуваат на парламентарни избори, како и пријавени кривични дела до 31 декември 1999 година, што се однесуваат за избори на претседател на Република Македонија. Анализата се надевам дека сте ја прочитале, покрај другите параметри дава и кои активности се преземени од страна на Јавното обвинителство пред судовите, МВР и другите државни органи. Видно е дека обвинителствата, а особено подрачните обвинителства по налог на Републичкиот јавен обвинител, кога се однесува за претседателските избори не биле неми посматрачи на изборните процеси што се случуваа во нашата држава. Имено, со мој параф и налог за постапување, кривичните пријави лично доставени од подносителот Љупчо Димов на СДСМ беа препратени во основните јавни обвинителства, каде според наодите се сметало дека имало повреда на изборната постапка. Поднесени се 59 кривични пријави и тоа до Основно обвинителство - Скопје 12, до Тетовското Обвинителство 14, до Гостиварското Обвинителство 8, до Кичевското Обвинителство 8, до Дебарското Обвинителство 7, до Струшкото Обвинителство 6 и до Прилепското Обвинителство 4 кривични пријави. Истите се процесуирани пред судовите или пак се преземени други конкретни законски активности, согласно Законот за кривичната постапка, така што ниту една кривична пријава не е затаена од основните јавни обвинителства, каде што се поднесени, а за исходот од постапувањето подносителот благовремено е известен.

Неделникот "Старт" во бројот од 23 јуни објави напис, "Баксуз ли е тоа или панаѓур". Во дел од написот и тоа во поднасловот "Ѕвездата е родена" ќе биде запишано и објавено: "Во овие први месеци од владеењето на коалицијата за промени, ретко кој веруваше дека ѕвездата на Џиков толку брзо и толку силно ќе блесне на македонската политичка естрада. Како и да е, ѕвездата е родена уште во оној момент кога лидерот на алтернативците Васил Тупурковски, јавно вети дека провизијата што ја добил од признавањето на Тајван (ви), се мисли на провизијата која според Тупурковски била немарна работа во светскиот бизнис, ќе ја подели на државата за изградба на објект, за филхармонии, спортски сали, домови на културата. За овој скандал пар екселанс за тоа што се работи за лидер на една владеачка партија, кој јавно призна дека за признавањето на некоја си не постоечка држава примил провизија во зелени банкноти, овдешното граѓанство доживеа вистински шок, но не и ставревиот тим задолжен, како што знае да каже, за следење на медиумите. Не помогна многу ни реакцијата, кривичната пријава против Васил Тупурковски од професорот по кривично право Ѓорѓе Марјановиќ, работата односно информативниот службен разговор меѓу Циле и Ставре, тврдат добро упатени извори, била завршена во четири очи, но не во канцеларијата на Џиков, туку во фоајето на"Александар Палас". Нормално до ден денес нема ниту спортски сали, ни слични глупости, но нема ни епилог на Цилевото фалбаџиство". Тоа е дел од текстот што го интерпретирам.

Понатаму, следи етикетирањето: "Теледиригираниот обвинител Џиков на Љубчо Георгиевски, случаи наречени афери -Џафери, Асани, Милчо Манчевски и што ти не". На вакви шпекулации е и бесмислен секаков демант и коментар, но затоа би споменал неколку афоризми. Едниот гласи: "Од добро известени извори нема подобар цинцар за диригирана дезинформација", како уште еден афоризам: "Политичкото местење, односно замка е фаќање на човекот во лага, која сами сте му ја измислиле".

А сега и за двете афери кои беа објавени во повеќе печатени електронски

медиуми и официјално објаснување за она како постапило Обвинителството.

Имено, на 24 мај годинава од Основното јавно обвинителство Скопје добиена е следната информација: "Врз основа на написите се дава отчет за Тајванската провизија, објавен во "Утринскиот весник" на 28.07.1999 година и обвинителот Џиков ја проучува кривичната пријава на Марјановиќ спрема Тупурковски, објавен во "Дневник" од 29.07.1999 година во Основното јавно обвинителство во Скопје на 03.08.1999 година, ќе оформат предмет по РО бр.545/99, со цел да се провери основаноста на тврдењата за исплатата на провизијата на Васил Тупурковски за признавањето на Република Кина Тајван. Од извршените проверки и тоа со обавување на информативен разговор со Васил Тупурковски на 05.08.1999 година и со Ѓорѓе Марјановиќ на 06.08.1999 година и од наводите во јавната кривична пријава против Васил Тупурковски, поднесена на 09.08.1999 година од Лигата за демократија, Основното јавно обвинителство на 09.08.1999 година, оцени дека нема место за јавно обвинителска интервенција, бидејќи не постојат основи на сомнение дека е сторено кривично дело што се гони по службена должност.

**СТАВРЕ ЏИКОВ:** (Продолжение)

Наводите во кривичната пријава и извршениот разговор со Ѓорѓе Марјановиќ, претседател на Лигата за демократија, потврдува дека на јавни трибини и во средства за јавно информирање, Васил Тупурковски признал дека има добиено провизија во врска со признавањето на Република Кина - Тајван. Во тој личен имотен подарок со непријавување на даночните органи, Васил Тупурковски одбегнал да ги плати пропишаните даночни обврски и со тоа сторил кривично дело даночно затајување.

Наводите во кривичната пријава и во информативниот разговор со Ѓорѓи Марјановиќ во целост ги негира Васил Тупурковски, наведувајќи дека за признавањето на Република Кина - Тајван, ниту барал, ниту му била ветена, ниту добил ветена награда провизија и дека во своите јавни настапи за примање на провизија, говорел во контекст на борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Од наводите во кривичната пријава поднесена од Лигата за демократија и од тврдењето на Ѓорѓи Марјановиќ во информативниот разговор не произлегуваат елементи за време, место и начин на преземено дејствие од Васил Тупурковски или од некое друго лице насочено кон барањето, ветување или примање на било каков вид личен имотен подарок, провизија за признавање на Република Кина – Тајван, чија вистинитост или односно невистинитост може да се докажува со цел да се утврди дали, кој и во кој износ затаил данок, или е во прашање некое друго инкриминирано дејствие. Тие наводи не содржат фактичко тврдење за постоење на пријавеното дело, или некое друго кривично дело, туку содржат општ суд односно субјективна оценка дека за признавањето на Република Кина -Тајван Васил Тупурковски примил провизија која не ја пријавил на даночните органи и го одбегнал плаќањето на пропишаните даночни обврски, при што утврдувањето на вистинитоста односно невистинитоста на такви тврдења, не е можно.

Во другата информација која е доставена до Републичкото јавно обвинителство, со исти датум, од страна на обвинителството во Скопје се известува: Во неделникот "Старт" под број 54 од 4 февруари о.г., членот на редакцискиот колегиум, Мирка Велиновска, објави напис под наслов "Џафери го плаќаат за уништување на Македонија". Написот кој е објавен на четири страници ја коментира политичката состојба во РМ, по Косовските настани во 1999 година и присуството на силите на НАТО и улога на Арбен Џафери во тие настани, како пратеник во Собранието на РМ, претседател на ДПА во Македонија и член на владината коалиција. Во тој контекст во написот се наведува дека при крајот на декември минатата година, на една од приватните сметки на Арбен Џафери отворена во "Алфа Кредит Банк" во Тирана, му е уплатена сума од еден милион германски марки. Сумата му ја уплатила американската компанија "Браун и Рут", корпорација со седиште во Хилстон, со исто претставништво во Куманово на ул. „Индустриска 66".

Врз основа на овој напис и неговите реакции во останатите средства за јавно информирање, во Основното јавно обвинителство во Скопје, се оформи предмет број 113/2000, со цел да се провери основаноста на овие тврдења. Поради тоа Мирка Велиновска беше повикана во јавното обвинителство на 24.02. и со неа е извршен информативен разговор. Во разговорот истата појасни дека располага со соодветна документација, релевантна документација во оригинал и во фотокопие за наведените тврдења во написот. Таа документација одби да ја

достави во оваа фаза на постапката, во врска со тој напис, поради заштита на изворот на информациите. Доколку се покрена кривична постапка против неа, истата е спремна да ја презентира пред судските органи како доказен материјал.

По стапувањето по предметот на обвинетиот Џавид Хасани, било со тоа што Основното јавно обвинителство во Скопје од истражниот суд на Основниот суд Скопје II, поднело барање за спроведување на истрага за спроведување на предлог за применување на мерка притвор под бр. 2644/98 од 15.09.1998 година, поради постоење на основано сомнение дека сторил кривично дело обид за убиство по член 123 став 1, во врска со член 19 од Кривичниот законик и кривично дело недозволено држење на оружје и распрснувачки материи по член 396 став 1. Во текот на истрагата истражниот судија ги преземал сите предложени докази и утврдил дека обвинетиот Џавид Хасани е во бегство. Врз основа на решение за притвор обвинетиот Џавид Хасани на 25 март бил приведен во затворот во Скопје. На 3 април во затворот во Скопје, во присуство на бранител и заменик обвинител бил распрашан, при што бранителот предложил гаранција во готови пари од 200 илјади германски марки, што е констатирано со записник. Обвинетиот исто така со записник дал ветување дека додека трае судската постапка, нема да се крие и без одобрение нема да го напушти престојувалиштето и дека на секоја покана уредно ќе се отповикува.

Со оглед дека била завршена истрагата, изведени се сите нужни истражни дејствија и тоа дека по депонирање на гаранцијата и даденото ветување од страна на обвинетиот, дадена е согласност за укинување на мерката притвор.

Основното јавно обвинителство со обвинителен акт од 13 април, го обвини Џавид Хасани за горенаведените кривични дела.

Како што е познато обвинетиот го подигнал обвинителниот акт и се појавил на главниот претрес, закажан најпрво на 24 мај, а потоа и на наредните рочиште. Не е направено никаква суштествена повреда на Законот за кривична постапка.

Понатаму следи информација од страна на Врховниот суд на РМ, евидентирана под 03 број 272/2000 од 25 април годинава, во која како што и е познато на јавноста, бидејќи истата беше презентирана пред јавноста, не постои повреда на процедурата при постапувањето по судскиот предмет на Џавид Хасани.

Во врска со записот, писмото кое е објавено во јавноста потребно е да се објасни дека претставува допрен глас, согласно член 144 став 2 од Законот за кривичната постапка каде се утврдува, ако до јавниот обвинител само допрел глас, јавниот обвинител ако не е во можност тоа да го преземе сам, тогаш законската одредба обврзува да побара тие податоци да се проверат и во други државни органи.

На 11 април о.г. од страна на Јавниот обвинител на РМ, доставено е барање за да се проверат и истражат сите околности во врска со инцидентот на македонско - југословенската граница, во кој било заробени четири македонски граничари, односно војничка патрола кај село Танушевци. Ваквото барање е упатено до Министерството за одбрана. Со тоа е оформен посебен предмет во обвинителството и од страна на Владата на 26 мај добиена е информација за случајот војничката патрола.

Информацијата од страна на првиот Заменик јавен обвинител од Јавното обвинителство на Република Македонија, на 30 мај доставено е до Основното обвинителство во Скопје за натамошно постапување и закажување дека е потребно, дека до надлежниот суд е поднесено барање за преземање на определени истражни дејствија, со тоа што ќе се сослушаат Марјан Стојанов, Виктор Цветанов, Дејан Михајловски и Шпејтинг Зибери и други лица и барање за откривање на кривично дело и сторителот, до надлежниот орган.

На 1 јуни Основното јавно обвинителство доставува барање за собирање на потребни известувања до Министерството за одбрана каде подетално се бараат конкретни активности во врска со кривично настан на заробување на војничката патрола што се случило на 2 април о.г. Значи оформен е посебен Кривичен предмет за да се истражи и евентуално дали има некаква врска помеѓу грабнувањето на војниците и нивната трампа.

Категорички изјавувам дека Јавното обвинителство не учествувало во никаква трампа. Во јавноста што се ширеа дезинформации и шпекулации и до таму, наводно дека лично сум учествувал, заедно со господин Арбен Џафери, во некаква трампа на грабнатите војници.

Се што ќе биде кажано во врска со случајот Џавид Хасани надвор од Судската постапка се преминува во сферата на шпекулации и дезинформации, со што директно се атакува и е спротивна на

уставните принципи за самостојно независно обвинителство и се напаѓа независноста на судот, односно судската власт во државата.

Политичките оценки и инсинуации кои се пласираат во јавноста, од страна на политичките лидери и партии, обвинителството категорички ги отфрла и нема да влезе во политички игри и пресметки помеѓу партиските конкуренти во Парламентот надвор од него, затоа што обвинителството не е политичка, туку институција што врз основа на Уставот и позитивните прописи во нашето законодавство, функционира во рамките на правниот систем на РМ.

Во врска со прашањето што ни ги постави г-динот Никола Поповски, а и цитираните информации, сметам дека тие информации се направени по мое барање, како јавен обвинител, затоа што имаме и уставна, а и законска обврска да го известуваме Парламентот, каде што таква пракса досега немаше. Јас морам да ви кажам, интерпелацијата е демократско право, го почитувам до крај, независно каква одлука Парламентот ќе донесе.

Меѓутоа, сакам да кажам дека лично до претседателот на Парламентот, до проф. д-р. Саво Климовски, кога го поднесовме извештајот за разгледување пред вас, почитувани пратеници, во тој допис барав и лично да присуствувам.

Уште еднаш сакам да потенцирам дека јавниот обвинител, нема причина од никого да се крие во оваа држава, затоа што единствена водилка на јавниот обвинител се уставот и законите и нивната примена и дека сите граѓани се подеднакви пред законот и дека сите сме одговорни пред законот.

Благодарам на вниманието. (Аплауз од страна на позицијата).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Ставре Џиков за исцрпното излагање, кое беше во вид на одговор на поднесената интерпелација.

За збор се јави г-динот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Само кратко. Дали г-динот Јавен обвинител, повторувам, врз основа на вчерашното признание на премиерот за собирање на коруптивни пари во неговата партија и финансирање на стопански зделки, мисли да преземе нешто.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Поповски.

За збор се јави г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Сосема кратко, информација до господинот Ставре Џиков.

Спомна дека повеќе пати сум бил писмено покануван.

Да кажам, еднаш сум бил писмено поканет и на таа писмена покана сум се одзвал. Сум бил и својата граѓанска должност сум ја исполнил така како што требало. Сум приложил документација која тогаш се бараше. Тоа значи дека има комплетна материја, истрагата да продолжи и процесот понатаму да се спроведе.

Сега ќе го информирам господинот јавен обвинител за една друга работа.

Во досието од 10 декември има допис од подрачната единица на МВР дека соодветните луѓе, според нивно сознание, дента не биле на територијата на Струга и дека била во Република Бугарија, а дотичните луѓе немаат пасоши.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Бузлевски.

За збор се јави г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Само едно кратко прашање на г-динот Државен јавен обвинител.

Дали тој го негира постоењето на писмото или содржината на писмото од обвинителот Ѓорѓи Настевски, во кој буквално стои дека емството за г-динот Хасани предлага да се прифати, пишува зборот емство во тоа писмо, заради тоа што практично ослободувањето од притвор со тоа емство на Хасани е уценето (буквално така пишува), со животите на четири млади војници.

Дали го негира постоењето или ја негира содржината или смета дека и постоењето и содржината на тоа писмо, немаат било каква врска со учеството на јавното обвинителство во трампата на Хасани со четворицата заробени војници.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот Амди Бајрам.

**АМБДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Мислам дека не треба да правиме интриги и сега овде во Парламентот да се

надмудруваме, затоа што имаше добро излагање јавниот обвинител и тоа што синоќа беше дуелот меѓу премиерот и лидерот на СДСМ, па мислам дека такви работи сега во Парламентот не треба да правиме, да поставуваме прашања на таа основа, па одговор да ни дава на нас сега јавниот обвинител, затоа што имало синоќа на телевизија. Синоќа што имало, а тука што има сега да си го launch речеме овде. Дајте сега овде да гласаме.

Мислам дека сите своето си го завршија, јавниот обвинител излезе овде на говорница, кажа се и сега да не повторуваме повторно. Мислам дека треба да гласаме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Време е за гласање, меѓутоа да ја слушнеме и г-ѓицата пратеник Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван потпретседателе.

Би сакала навистина да го замолам г-динот Џиков јавниот обвинител, да не одговара на продолжената реторика на г-динот Никола Поповски, што всушност е продолжена реторика на Црвенковски од вчерашниот дуел, што го гледавме синоќа на МРТВ, бидејќи, сакам да бидам конкретна само ќе цитирам нешто што се случи нешто на дуелот.

На крајно вулгарниот речник на г-динот Црвенковски, кој му се втурна на г-динот Георгиевски и му рече вака:"Од каде ви се вам парите за кокошарници, за згради, за имоти, за еден куп претпријатија, кои ги купувате"?.

Одговорот на г-динот Георгиевски беше од спонзори. Прашањето на г-динот Црвенковски беше "од кои спонзори г-дине Георгиевски", одговорот на г-динот Георгиевски беше, "од вашите господине Црвенковски", "е како е можно г-дине Георгиевски нам не ни даваа, а вам ви даваа". "Е нам ни даваа", рече г-динот Георгиевски.

Поентата е следна г-дине Поповски. Ни во еден миг г-динот Георгиевски не кажа дали нешто воопшто е купувано, што е веројатно е една мачнина во вашите редови и дали е воопшто нешто купено.

И втора работа, г-динот Георгиевски не одговори за каква сума на пари се работи.

Според тоа вашето прашање е сосема неосновано.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на г-ѓицата Валентина Божиновска.

За реплика се јавува г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед што г-ѓица Валентина ме спомна имам право на реплика.

Господине Џиков, денес расправаме за вашата интерпелација.

Нели чувствувате вие како Јавен обвинител, каков партиски диктат пред очите на јавноста се спроведува врз вас, со директни наредби од партиските функционери, кои ве именувале господине Џиков да не одговорите, зошто вистината е ова. Дали не чувствувате дека некој ви наредува.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Пратеникот Амди Бајрам процедурално.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитуван јавен обвинител, почитувани драги пратеници, господа пратеници.

Јас мислам дека не треба да се ставаме во улога на дамата, дамата си има освен пратеничката и своја функција и сега Никола Поповски не треба да стане драматург, таа си има своја професија, друга освен пратеничка и сега Никола Поповски директно преку дуел, преку госпоѓата сака и премиерот и другите. Не треба да мешаме никого, доста беше што беше, кажавте што кажавте, не бранам никого, јас напаѓам секого. Јас сум ви кажал што е. Целта е дајте да ја подобриме состојбата во стопанството во Македонија, народот да се вработи. Ја сум за тоа, сега да не правиме драми тука, доволно сите си искажавме, да не го влечеме повеќе тука јавниот обвинител, а за синоќешниот дуел, оставете го тоа (негодување во салата), ве молам потпретседателе за тишина.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Само ќе ве замолам без нервоза.

Ве молам да го слушнеме пратеникот.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Жал ми е што во Македонија имавме многу добар ракомет, таму можеме да викаме и да се смееме, но стана инцидент и таму, го казнија и нема веќе да играме во Македонија, па овде не е ракомет, овде е Парламент.

Мислам дека треба малку да бидете посериозни затоа што веќе е 19,00 часот сите вклучуваат телевизори, сите се дома и не гледаат, водете сметка што правиме.

Сослушајте ме добро, јас ви кажав што е целата работа. Поднесовте интерпелација, секој може да си гласа како сака, никој никому не оспорува, сега не треба да навлегуваме во синоќешниот дуел кој бил синојка на телевизија. Дали е кажано од оваму пари или од таму пари, ако мислите тоа поднесете после тоа интерпелација што има кривична пријава, па нека се разгледува. Дајте да не заземаме многу време затоа што времето е за гласање, оти после ве нема. Јас сум отворен за реплика, нема проблем.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Амди Бајрам.

Уште еднаш сака да земе збор госпоѓицата пратеник Божиновска Валентина.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Само едно дообјаснување дека она што го изговорив беше заради веродостојноста што и како се случуваше на вчерашниот дуел. Меѓутоа, најважното е, потенцираме, бидејќи не е тема на денешната дискусија. Тоа е исто како сега наеднаш да прашам некој да се јави и да каже дали е точно дека господинот Бранко Црвенковски рекол ќе ги згазам, ќе ги прегазам или ќе победиме на следните избори и дали господинот Црвенковски во Струмица на митингот изговорил, ние сме последни што ќе правиме списоци, па ќе видиме кој кого ќе прогонува. Тоа е поентата господине Поповски.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам.

За збор се јавија уште двајца пратеници Абдурахман Алити и Наќе Стојановски.

Дали се откажуваат или бараат збор, во интерес на времето.

Има збор господинот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Многу кратко само да појаснам како ќе гласам. Да појаснам зошто нема да гласам. Од едноставна причина за малку обвинителот ќе ме убедеше да гласам против неговата одговорност, затоа што беше добра прилика народот да се забавува, односно луѓето што имаат такви страсти да задоволат малограѓански страсти, затоа што беше едно читање на разни весници, вистини, полувистини, невистини, тоа е добро, луѓето гледаат, слушаат и се забавуваат.

Но, ја сум длабоко убеден дека тука не сме да забавуваме, туку да работиме и да работиме добро. Очигледно такви услови нема. Должен сум сега да му верувам на Републичкиот јавен обвинител дека, обвинителот, судот и полицијата не знае кој ги украде легитимациите во Тетово.

Да бидам искрен со секого што сум разговарал на оваа тема знае, чудно само полицијата и обвинителот не знаат. Нека не знаат и понатаму.

Од тие причини, бидејќи не сум убеден дека не знаат, а тврдат дека не знаат, јас немам други докази, не да се воздржам, туку воопшто нема да учествувам во гласањето по оваа работа. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Видете, по целокупното излагање што беше по оваа тема денеска на оваа седница гледам дека има многу несериозност во салата. Чудно е, зачудувачки е како свеста на добар дел од пратениците не допира што всушност се случува во оваа држава. Не се работи за кражбите, да ви кажам, се работи за длабока ерозија на системот. Да ви кажам фрапиран сум по излагањето на господинот Државен јавен обвинител.

Нема да изнесувам аргументи, тие се елаборирани во јавноста по сите овие теми, елаборирани се во Парламентот по оваа интерпелација и по други поводи. Јас сакам да поставам прашање до денеска, до овој момент, кога еве јас зборувам официјално од таа говорница е кажано за сите тие случаи дека, фактичката состојба е таква каква што беше прикажана.

Прашањето гласи што ќе се случи со тие што се должни да ги презентираат фактите по повод случаите кои беа наведени во нивната реална целина. Доколку од денеска натаму дел по дел излезат непобитно на видело од надлежните органи и институции во Република Македонија и бидат во целосна спротивност и негација со аргументацијата, која беше презентирана зад говорницата. Реално фактите постојат, тие можат да се прикријат за одреден период, да се мистифицираат, но се не уништиви, постојат и се притаени. Такви кои постојат и кои егзистираат нужно еден ден ќе излезат со целата своја силина. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Наќе Стојановски.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Се извинувам, има збор господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам, но би сакал пред изјаснувањето во врска со интерпелацијата, бидејќи на неколку клучни прашања кои беа поставени од мои колеги ние сепак не добивме одговор од страна на господинот Ставре Џиков. Јас би сакал да потсетам на еден факт кој мислам во една многу срамежлива форма го искажа претседателот на Анкетната комисија, во врска со испитувањето на јавните набавки на бившата власт господинот Чедо Петров, кој искажа едно крајно лицемерие, кажа дека нема да гласа за интерпелацијата, а фактички се потпиша на извештајот, во кој има основани сомненија дека против бивши функционери треба да се покренат кривични пријави. На што господинот Ставре Џиков воопшто не даде никаков коментар.

Јас би сакал сепак за едно валидно изјаснување како на сите пратеници, а особено мислам на господата од Демократска алтернатива и на членовите на Анкетната комисија, да го слушнат тоа мислење што е судбината со тој извештај што ние тука го усвоивме. Меѓу другото тука е господинот Флоровски, тука се неколку луѓе кои учествуваат со месеци, еве сега повторно се бават со испитување на јавни набавки, луѓето доаѓаат, ние ги поддржуваме тие работи, меѓутоа, нема никакво судско продолжение или завршница на сето тоа. Мегу другото тоа е во рацете на еден државен јавен обвинител, мислам дека тоа прашање е можеби клучното околу односот и на јавниот обвинител спрема Собранието и Собранието спрема јавниот обвинител. Мислам дека ако не си ги почитуваме сопствените одлуки, не знам како да бараме од некој друг тоа да го прави. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам.

Има збор господинот пратеник Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Зошто не се буневте кога другите говореа, во што е проблемот, јас бев спомнат.

Сакам да го кажам следното во врска со Анкетната комисија. Колку за ваше сознание, господине Поповски ние лоциравме политичка одговорност на ваши носители на јавни функции, министри, заменици, помошници, нашиот делокруг на работа тука е завршен. Вие не можете да бидете дрвен адвокат на Анкетната комисија, во наше име да прашувате. Впрочем, не е моја работа јас да прашувам дали господинот Џиков ќе преземе понатамошни дејствија. Тоа се подразбира. Доколку сакаме да поставиме прашања од име на Анкетната комисија, ве молам дозволете тоа ние да го направиме, а не вие. Вие можете да говорите во име на Комисијата на ДБК, а тука сме ние да се јавиме по тоа прашање, а Анкетната комисија оставете ја на страна.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Да потсетам дека не станува збор само за извештај од Анкетната комисија, туку станува збор за извештај на Собранието на Република Македонија. Има голема разлика.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Интерпелацијата за работата на јавниот обвинител на Република Македонија господин Ставре Џиков, ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 90 пратеници, од кои 22 "за", 4 "воздржани" и 64 "против".

Според тоа, констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работата на јавниот обвинител на Република Македонија господин Ставре Џиков.

Почитувани пратеници, бидејќи работиме веќе 7 часа, предлагам да ја прекинеме оваа седница, а утре во 11,00 часот продолжуваме.

(Седницата заврши со работа во 19,00 часот).